Универзитет Св. "Кирил и Методиј" - Скопје
Филозофски факултет
Институт за социјална работа и социјална политика
"Мајка Тереза"

Магистерски труд

# Тема: Влијание на современиот радикален концепт врз социјалната работа

Изработил: Ена Делчева

Ментор: Проф. д-р Мариа Доневска

Скопје, 2012

# С О Д Р Ж И Н А

Вовед....................................................................................................5
**I. Фактори кои влијаат врз современата социјална работа**..................................11
1. Што е социјална работа........................................................................12
1.1. Два главни теоретски пристапи во теоријата на социјалната работа.......................................................................................................14
1.2. Теории и пристапи во социјалната работа............................................16
1.2.1. Теории и практични пристапи кои се фокусираат на индивидуите.............................................................................................16
1.2.2. Теории и пристапи кои фокусирани на интерпретација и комуникација помеѓу индивидуи.................................................19
1.2.3. Теории и форми кои се фокусирани на моќни релации и социјални промени на и за индивидуите, групите и заедниците.........................................................................................20
2. Фактори кои влијаат врз социјалната работа.......................................................23
2.1. Влијанието на религијата врз социјалната работа..............................23
2.2. Влијанието на мултикултурализмот врз социјалната работа..........26
2.3. Влијанието на глобализацијата врзсоцијалната работа...................28
2.4. Влијанието на економската криза од 30тите години врз социјалната работа..........................................................................................31
2.5. Влијанието на еколошката перспектива врз социјалната работа.......................................................................................................................34
2.6. Влијанието на либерализмот врз социјалната работа........................36
**II. Настани кои се основа за развој на радикалната работа**.................................39
1. Настани во социјалната работа од нејзиното создавање до современата социјална работа......................................................................40
1.1. Социјалната работа во 19 век...............................................................40
1.2. Ангелот на затворите - реформи на затворскиот систем (1817 година)..................................................................................................41

1.3. Од помош до самопомош - сиромашна популација (1819 година)......43
1.4. Институционални сместувања и домашни посети (1864 година)......44
1.5. Универзитетски сетлементи (1884 година)......46
1.6. Филантропија и истражување на социјалните проблеми (1899 година)......48
1.7. Интернационализација на едукацијата во социјалната работа (1929 година)......49
1.8. (не)Хуманоста зад статистичките податоци (1933 година)......51
1.9. Групи за самопомош (1935 година)......53
1.10. Архитектот на социјалната држава - Бевериџ (1942 година)......54
1.11. Важноста на емпатијата (1951 година)......56
1.12. Институционализам (1961 година)......58
1.13. Бирократија на улиците и моќта на разумноста (1969 година)......59
1.14. Педагогија на угнетените (1970 година)......61
1.15. Таткото на професионалниот сомнеж (1973 година)......62
1.16. Фундаментални принципи на инвалидитетот (1975 година)......64
1.17. Семејна терапија, екомапи и генограми (1978 година)......65
1.18. Социјалната работа во 21 век......67
2. Радикалната традиција во социјалната работа......70
2.1. Сржта на радикалната социјална работа......72
2.1.1. Социјалната работа во Велика Британија (1870-1914)......73
2.1.2. Социјалната работа во Соединетите Американски Држави......75
2.2. Појавувањето на радикалната социјална работа (1970 година)......77

2.2.1. Искуството од 60тите години........................................77
2.2.2. Радикализацијата на социјалната работа..............................78
2.2.3. Теориски перспективи на радикалната социјална работа..............................................................................80
2.2.4. Структурална социјална работа...............................................81
2.2.5. Падот на радикалната социјална работа...............................84
2.2.6. Критики на радикалната социјална работа..........................85
2.3. Радикалната социјална работа во 21 век.............................................89
2.4. Дефинирање на опресијата.................................................................93
2.4.1. Расизам..............................................................................94
2.4.2. Сексизам............................................................................97
2.4.3. Старизам............................................................................99
2.4.4. Хендикепизам..................................................................101
**III. Проблеми во општеството разрешувани под влијание на радикалниот концепт**..........................................................................104
1. Радикални методи за разрешување на социјалните проблеми......................105
2. Дефинирање на социјалните проблеми.................................................107
2.1. Сиромаштијата како социјален проблем...........................................111
2.2. Невработеноста како социјален проблем..........................................112
2.3. Бездомништвото како социјален проблем.........................................115
2.4. Семејното насилство како социјален проблем..................................116
2.5. Трговијата со луѓе како социјален проблем......................................118
2.6. Болестите на зависности како социјален проблем...........................120
Заклучок.................................................................................................124
Користена литература..............................................................................130

# Вовед

Социјалната работа е професија и општествена наука која вклучува примена на социјална теорија и методи на истражување за да ги проучи и подобри животите на луѓето, групите и општествата. Од секогаш постоеле и ќе постојат луѓе на кои што им е потребна помош од страна на општеството и разните социјални институции за да ги надминат социјалните ризици кои во одреден период може да се појават во нивните животи.

Од самото создавање на социјалната работа постоеле дебати во однос на тоа дали социјалната работа претставува самостојна научна дисциплина, што довело до определувањето на предметот на социјалната работа. Теоретичарот М. Мартиновиќ ги истакнал карактеристиките на теоријата на социјалната работа во контекст на нејзиниот предмет, а тие се следниве: применетоста, интегративноста и резидуалноста. Кога се зборува за применетоста, се мисли на практичната функција на некое знаење, интегративноста подразбира користење на сознанија од други општествени науки,а резидуалноста означува превземање на одредени информации од други општествени науки. Секоја научна дисциплина има свои функции во однос на предметот со кој се занимава. Основна функција на социјалната работа е теоретската која го означува теоретскиот модел потребен за подредување на емпириските податоци. Следна функција на социјалната работа е практичната која се однесува на практичните аспекти. Понатаму, се зборува за помагателната функција која е присутна тогаш кога се дејствува за да се надмине одреден, веќе создаден проблем. Од големо значење за социјалната работа претставува воспитната функција која има најголемо влијание за време на терапевтскиот третман на неадекватна социјализација, ресоцијализација и рехабилитација. На крај, социјалната работа има и превентивна функција.

Патот низ кој се развивала социјалната работа воопшто не бил лесен, туку напротив, трновит. Многу научници се спротивставувале на фактот што

социјалната работа почнала да се оформува како посебна научна дисциплина, како и професија. Едноставно сметале дека таа нема свој научен систем и дека "секој" може да им помага на луѓето кои имаат некаков социјален проблем, дека доволно е човек да биде хуман, за да помогне. Точно е дека човек треба да биде хуман за да помогне, но во овој труд ќе покажам дека социјалната работа е таа која со текот на годините се менувала и се обидувала да ги најде најдобрите решенија за многубројните социјални проблеми на луѓето, групите и општествата.

Социјалната работа се развивала низ неколку фази. Првата фаза на развојот на теоријата на социјалната работа се нарекува "истражувачка", а тогаш социјалната работа се развивала како дополнителна дејност на други дејности. Втората фаза се нарекува "психоаналитичка" поради големиот придонес на научните идеи на С. Фројд во примената на психоаналитичките техники во секојдневната пракса на социјалната работа. Во третата фаза биле присутни две струи: дијагностичка и функционална. Според дијагностичката школа во центарот на самата промена е социјалниот работник кој треба да постави дијагноза на клиентот, да предвиди терапија и да ја примени истата. Според функционалната школа во центарот на промената е самиот клиент, а социјалниот работник има помагателна функција и го поттикнува развојот на сите потенцијали на клиентот. Четврта фаза претставува "аквизиција", во која се собирале нови идеи од општествените науки кои се применувале во социјалната пракса. Шеста фаза во развојот на теоријата на социјалната работа претставува фазата на "инвентар". Во оваа фаза се оценувале концепциите и стремежите од претходните периоди за да се процени нивната вредност и можност за примена во праксата. Седмата фаза претставува период на "унификација" во кој се јавила теоретската концепција наречена системски пристап во социјалната работа. Според системската теорија социјалните проблеми на единката. групата или заедницата може да се сместат во подсистеми на една поголема целина, а нивното решавање зависи од умешната интервенција во подсистемите. Осмата, а воедно и последна фаза е "класификација" на

теориите на социјалната работа, а изборот на теоретската ориентација во решавањето на социјалните проблеми влијае врз целокупниот социјален третман како и конечниот резултат на одредена терапија.

Во сите науки, поради богатството на теоретските достигнувања, се сретнуваме со одредени правци кои нагласуваат посебна теоретска парадигма. Така на пример, во психологијата, освен интерспекционизам и психоанализа, имаме бихејвиорален концепт, хуманистички или психодинамички правец. Во социјалната работа, од големо значење било појавата на неколку правци и школи: духовната перспектива, еколошката школа, феминизмот, активизмот и радикализмот.

Духовната перспектива во социјалната работа подразбира развој од страна на верски заедници.

Еколошкиот пристап во социјалната работа ги потенцира вредностите на човекот како што се: неговиот раст, потенцијалите кои ги поседува и околината во која живее која му помага или го попречува развојот на негоивте квалитети.

Феминизмот претставува движење на жените за ослободување и изедначување од подредената положба и изедначување во правата со мажите.

Активизмот претставува движење за социјална акција кое се организирало во сиромашни населби, а чија цел било поставување на барања пред локалната влада за промена на животните услови и развој на заедницата.

Радикализмот претставува особено силен правец во социјалната работа и означува насоченост кон општествена и политичка акција, мисли и волја за коренити промени на постоечката состојба. Постојат три главни принципи врз кои се потпира радикализмот, а тие се: еднаквост, активизам и пасивен отпор. Принципот на еднаквост означува дека единката треба да има еднаков пристап кон сервисите и расположливите средства, како и да биде еднакво третирана во сите социјални и образовни институции, без разлика на нејзиниот пол, раса и општествена положба. Принципот активизам претставува планирано однесување наосчено кон постигнување на социјални

или политички цели. Принципот пасивен отпор претставува начин на однесување кога единките или групите ја прекинуваат соработката со институциите кога истите не ги задоволуваат нивните потреби.

Радикалниот правец во социјалната работа бил од огромно значење во оформувањето на денешната, современа социјална работа и затоа во овој труд ќе обрнам внимание на почетоците на социјалната работа, радикалните движења и начинот на кој радикалната социјална работа допринела во создавањето на современата социјална работа.

Овој магистерски труд е фокусиран на социјалната работа, како професија и социјална наука, како таа се развивала со текот на времето, како настанала, со кои проблеми се занимавала и фактори кои влијаеле врз оформувањето на денешната, современа социјална работа. Посебно внимание ќе се посвети на концептот на радикалната социјална работа, без кој, современата социјална работа, никогаш не би се оформила во социјална наука, како што е денес.

Не е доволно човек да е хуман и да има желба да помогне, треба и мора да се проучат кои се најдобрите начини за изнајдување на решенија за социјалните проблеми и социјалните потреби на луѓето, а социјални потреби секогаш постоеле и понатаму ќе постојат, во секое општество, секоја група на луѓе и кај секој човек. Таква е природата на човекот, барем во еден период од неговиот живот, да постои социјален ризик, кој не мора да прерасне во проблем, а социјалната работа да помогне во брзо решавање на истиот.

Овој труд ке биде поделен во три целини:

1. Фактори кои влијаат врз современата социјална работа
2. Настани кои се основа за развој на радикалната работа
3. Проблеми во општеството разрешувани под влијание на радикалниот концепт

**Во првиот дел** од овој труд, внимание ќе се посвети на факторите кои влијаат врз современата социјална работа. Дел од тие фактори кои ке се

разгледуваат понатаму се: верата, мултикултурализмот, глобализацијата, економската криза и либерализмот. Сите овие фактори помогнале во оформувањето на социјалната работа, без која денешниот живот би бил незамислив. Секој фактор посебно влијаел во оформувањето на современата социјална работа и имал свое учество во обликувањето и растот на социјалната работа. Самите фактори предизвикуваат социјални проблеми, а социјалната работа гледа на нив како предизвици и се повеќе расте и се развива во една уште поголема целина и се поголем систем кој се грижи за општествата, групите и луѓето.

**Во вториот дел** на овој труд ќе биде елабориран концептот на радикалната социјална работа. Радикалната социјална работа имала огромно учество во оформувањето на современата социјална работа, во борба против неолиберализмот кој создал рај за малкуте богати луѓе во светот и ја зголемил сиромаштијата за мнозинството. Во овој дел ќе се потенцираат нееднаквостите меѓу луѓето, класните разлики и тежнеењето на социјалната работа да постигне социјална правда, т.е. социјалната работа со помош на радикалниот концепт да израсне во професија и социјална наука која ќе се занимава со благосостојбата на луѓето и зајакнување на поединците и групите.

**Во третиот дел** од овој труд ќе се посвети внимание на современите социјални проблеми во општеството и методите на современата социјална работа во изнаоѓање на соодветни решенија за истите. Ќе се разгледаат актуелните социјални проблеми во општествата како што се: трговијата со луѓе, семејното насилство, сиромаштијата, Болестите на зависности, бездомништвото и уште ред други. Сите овие социјални проблеми се резултат на структурниот аспект на општествените системи, како и последици од самиот општествен систем.

На нашето подрачје, литературата за радикалната социјална работа е многу скромна. Тоа е и причината зошто се одлучив да ги анализирам достапните трудови од странско потекло, а се со цел да се направи увид во еден многу познат и применуван правец на социјалната работа. За таа цел,

како основна техника ќе се употреби дискурзивна анализа на содржината која подразбира аналитички, полемички и компаративно критички читања на соодветна литература од каде и се очекува да произлезат дескриптивни објаснувања, историски анализи и давања на конкретни примери.

# I Глава

## Фактори кои влијаат врз современата социјална работа

# 1. Што е социјална работа?

Уште од дамнешни времиња до ден денес постоеле и ќе постојат големи разлики меѓу луѓето, разните општествени групи и општествата. Постојат класни разлики, културни разлики, полови разлики, разлики во возраст, т.е старосни разлики и уште многу други. Во најрано време најочигледна била класната разлика, односно разликата меѓу богатите и сиромашните, а црквата била таа која што им помагала на сиромашните да егзистираат, макар и со минималните услови за некаков живот. Во тоа време не постоеле социјални служби како денес, на кои граѓаните можеле да се обратат за било каква социјална помош. Социјалната работа се "родила" многу подоцна, но одсекогаш постоеле групи на луѓе кои сакале да помогнат на најзагрозените и најмаргинализираните.

Социјална работа е и професија и социјална наука која што вклучува примена на социјалната теорија, како и методи за проучување и истражување на животот на човекот, во макро и микро средината[1]. Таа ги инкорпорира другите социјални науки за да ја подобри состојбата на луѓето и позитивно да го смени одговорот на општеството кон хроничните социјални проблеми. Социјалната работа е таква професија која што е посветена кон изнаоѓањето на социјална правда и развивање на целокупниот потенцијал на секоја индивидуа, група и заедница во општеството.

Во денешно време социјалната работа прави се за да се искорени опресијата која што ја создал неолиберализмот, според кој корисниците се делат на заслужни и незаслужни граѓани, т.е. лица кои заслужуваат помош и оние кој не ја заслужуваат таа помош[2].

Социјалната работа се гледа како професија која што има за цел да се занимава со благосостојбата и зајакнувањето на поединците и групите.

Во денешно време, во многу земји постои прашање дали социјалната работа може да се смета како наука, за што може да се разгледаат теоретските придонеси на две пионерки на професионалната социјална работа од кои, едната, Мери Ричмонд (Mary Richmond), се фокусира на

индивидуата во социјалната средина, а другата, Џејн Адамс (Jane Addams), на блиската корелација меѓу индивидуата и општеството. Врз основа на овие два пристапи, може да се каже дека е основан почетокот на теоретскиот плурализам, означен како индивидуален, интеракциски, социјален и системски пристап во социјалната работа. Различните теоретски пристапи, се разгледуваат како засебни теории кои можат да се интегрираат во трансдисциплинарна теоретска рамка[3]. Основоположник на ова гледиште е системскиот филозоф и теоретичар Марио Бунж (Mario Bunge), кој ги интегрирал различните теории, но не ги хомогенизирал во еден и единствен пристап кој го нарекол интегративен плурализам.

Секоја професија, без исклучок, мора да има трансдисциплинарна, експланаторска база, а социјалната работа го поседува тоа веќе многу години. Друг пристап вели дека социјалната работа мора да биде практична и во себе да ги содржи следниве модели на работа: психодинамичен модел, бихејвиорален модел, интеракциски модел, еколошки модел, комуникациски модел, радикално- марксистички модел, антиопресивен модел, модел на зајакнување, постмодерен модел итн[4]. Се претпоставувало дека овие модели ќе упеат да се справат со сите социјални проблеми, но како поминува времето и се појавуваат нови, современи социјални проблеми, така се создаваат и нови модели во социјалната работа.

Трет пристап вели дека социјалната работа треба да се дефинира како морална, т.е. етичка професија, ориентирана кон хуманитарноста и социјалната правда. Овој пристап претрпел многу критики од социјалните идеологии како капитализмот, патернализмот, неолиберализмот и др. Ризикот во овој пристап се состоел во замената на цврстото знаење со морални вредности.

Четвртиот пристап се состои од збир на макротеориски целини во социјалната работа и почива врз следниве апстрактни концепти: структурално-функционална теорија; марксистичка теорија или попозната како теорија на критицизам на Франкфуртскиот Универзитет; теорија на социјални системи на Лахман (Luhmann); Теорија на социјални ризици на Бек

(Beck) и други. Според овие автори социјалната работа е само мал, маргинален и негативен пример на социјалната практика.

Петтиот пристап поврзан со хетерогеноста на социјалната работа, вели дека единствен пристап во градењето на теоријата на социјалната работа е оној во кој сите претходни пристапи важат.

## 1.1. Два главни теоретски пристапи во теоријата на социјалната работа

Кога би ја истражувале историјата на теоретските идеи во социјалната работа, би морале посебна почит да им оддадеме на двете пионерки и класични теоретичарки во социјалната работа, Мери Ричмонд (Mary Richmond) (1861-1928) и Џејн Адамс (Jane Addams) (1860-1935).

Мери Ричмонд е родена во Белвил, Илиноис, а откако починале нејзините родители, таа се преселила во Балтимор, каде што живеела нејзината баба. Ричмонд растела опкружена со дискусии за радикални проблеми во општеството, спиритуализам и разни религиозни, социјални и политички верувања. Кога го завршила средното образование на 16 годишна возраст, со една од нејзините тетки заминала во Њу Јорк, каде што се вработила во издавачка куќа. Наскоро нејзината тетка се разболела и се вратила во Балтимор, оставајки ја Ричмонд сосем сама, на возраст од 17 години. Таа живеела осаменички живот, многу вредно работела, но живеела во сиромаштија и многу често се разболувала. По две години се вратила во Балтимор, каде што се инволвирала во работа со Унитарната црква, каде за прв пат оформила пријателства и развила социјални вештини. Во 1988 година се вработила во добротворна организација во Балтимор, која била посветена на оформување на структурирана социјална работа и професија, посветена на обезбедување на социјални услуги на сиромашните и хендикепираните луге (особено деца). Ричмонд била задолжена за собирање на добротворни прилози, а исто така била ангажирана и како "friendly visitor" (раните

почетоци на работа со случај), каде што ги посетувала домовите на луѓето кои имале социјални потреби и им помагала во подобрувањето на нивната животна ситуација. Важноста на Мери Ричмонд во социјалната работа е во нејзината посветеност и професионализам, оформувањето на почетоците на работа со случај, нејзините административни таленти, истражувањето и акцентирањето на едукацијата во социјалната работа, создавајки професионална атмосфера, која претходно била гледана само како добротворна работа[5]. Мери Ричмонд била фокусирана на индивидуата, на нејзиниот карактер и незадоволени потреби во социјалната средина. Главните причини за социјалните проблеми ги гледала во самата индивидуа, а методот на социјална работа со случај станал главниот метод за промена на индивидуата.

Џејн Адамс е родена во Кедарвил, Илиноис, а средното училиште го завршила во Рокфордскиот колеџ за жени, по што се запишала да студира медицина, но по кратко време се откажала поради здравствени причини. На возраст од 27 години, на патување низ Европа со нејзината пријателка Елен Г. Стар (Ellen G. Starr), за прв пат посетила куќа на сетлементи, по што се одлучила да отвори иста таква куќа во Чикаго, во едно сиромашно маало. Во 1889 година, таа и Елен Стар, изнајмиле една куќа, изградена од Чарлс Хал (Charles Hall), и оформиле центар за повисок граѓански и социјален живот, каде што одржувале филантропски и едукативни предавања и ги истражувале можностите како да се подобрат условите во индустриските области во Чикаго. Веќе во втората година од постоењето на оваа куќа, посетеноста била сведена на неколку илјадници луѓе неделно. Во самиот центар, постоело градинка, во попладневните часови клубови за постари деца, а навечер клубови и курсеви за возрасни кои понатаму прераснале во вечерно училиште за возрасни. Џејн Адамс била голем поборник за правата на жените[6]. Таа верувала дека гласот на жените треба да се слушне и да им се дозволи да гласаат, но уште поважно, таа верувала дека жените треба да имаат аспирации и да најдат начини да ги остварат. Теоретскиот фокус на

Адамс бил меѓусебното влијание на структурата и културата на општеството и индивидуата.

Мери Ричмонд и Џејн Адамс биле познанички, но наместо да се согласат дека нивните теориски и практични пристапи се комплементарни, тежнеејки да постигнат конкретна акција, тие биле критички настроени врз различните погледи кон социјалната работа. Поделбата на микро, мезо и макро пристапи, не е само во историјата на хуманитарните и социјални науки, туку и во дефинирањето на професионалните методи на другите науки. Тоа е сеуште присутно во современата социјална работа, а може да се види од општоприфатената, интернационална дефиниција на социјалната работа:

*Социјалната работа како професија, промовира социјална промена, решавање на социјални проблеми во релациите меѓу луѓето и зајакнување на луѓето како би го подобриле стандардот на живот. Принципите на човечките права и социјалната правда се фундаментални во социјалната работа.*

## 1.2. Теории и пристапи во социјалната работа

Во овој дел ќе се посвети внимание на теориите и пристапите во социјалната работа кои имаат фокус на индивидуите, интеракциите помеѓу индивидуите и релациите на индивидуите и општеството.

### 1.2.1. Теории и практични пристапи кои се фокусираат на индивидуите

Корените на овие теории и пристапи може да се најдат во теоретските модели на Мери Ричмонд и нејзината работа со луѓе. Овие теории повеќе се фокусираат кон интрапсихичките состојби на луѓето, а не ги земаат во предвид влијанијата на социјалната средина (Payne, 1991).

- *Психодинамични концепти и психоаналитичка теорија*: Овие концепти и теории настанале благодарение на големиот придонес на Мери Ричмонд во САД и Алис Саломон (Alice Salomon)[7] во Германија. Теориите се базираат брз Фројдовата психоаналитичка теорија, според која либидото е главен инструмент за задоволувањето на физиолошките и сексуалните потреби на луѓето и развојните етапи на ИД, ЕГО и СУПЕРЕГО[8]. Проблемите кој можат да се појават во процесот се конфликтите помеѓу ИД и СУПЕРЕГО, што може да доведе до анксиозност на индивидуата и да ја промени нејзината перцепција кон тоа што е реално, т.е. вистинито. Флоренс Холис (Florence Hollis) ја прифатила психоаналитичката теорија и развила техники за намалување на анксиозност, зголемување на самопочит и самоувереност. Во својата работа таа вовела и агенси поврзани со најблиската околина на индивидуите, како што се членовите на семејството и вработувачите, но во главниот фокус била индивидуата. Според Холис главната улога на социјалниот работник е да ги интерпретира емоциите на единките, да креира ресурси кои и се потребни на единката, да биде медијатор и заштитник.
- *Бихејвиорални теории*: Однесувањето на индивидуите се објаснува како начин на кој тие се справуваат со фрустрациите и агресивноста. Тука се применува акционо-ориентиран концепт, при што работа на социјалниот работник е успешно да ги менаџира агенсите кои влијаат врз релацијата помеѓу однесувањето на индивидуата и социјалните последици од таквото однесување.
- *Когнитивни теории*: Според овие теории, луѓето конструираат свои верзии на реалноста и проблемите, според тоа што веќе го имаат научено. Задача на социјалниот работник е да ги поддржува стратегиите на учењето како што се: дискриминацијата, формирањето на концепти, изнаоѓањето на вредности и решавање на проблеми. Социјалниот работник се конфронтира со клиентот со помош на

дивергентно мислење и покажува на алтернативни начини на мислење. Главна цел на овие теории е да покажат дека реакциите кон некој проблеми можат да бидат ирационални и треба да бидат корегирани со помош на рационално и емпириско насочување.

- *Целно ориентирана социјална работа*: Оваа теорија отфрла секакви психолошки и социолошки бази за нејзините методи, затоа што ниедна теорија неможе да ги објасни проблемите со кој се занимава социјалната работа. Од големо значење се аспектите на животот на една индивидуа кога таа сака да презентира проблем и да побара решение за истиот. Методот на оваа теорија се состои во предизвикување на индивидуата да пронајде непосакувани решенија на проблемот, да пронајде акција за решавање на проблемот и да предвиди кои би биле последиците од таа акција, планирање на разни задачи и ако е потребно тренирање на вештини за да се имплементираат тие задачи, и на крај поттикнување на успех.
- *Развивање на сила, отпорност и резилиенција*: Силата или отпорноста кај индивидуите е производ на соочувањето и совладувањето на разни трауматични ситуации, а таа сила може да се употреби како ресурс за решавање на проблеми. Метод на оваа теорија е фокусирано слушање, кој се состои од внимателно набљудување на настани кои можат да поттикнат надеж и храброст за да се промени однесувањето на индивидуата.

Без сомнеж, сите овие теории и пристапи се занимаваат со индивидуата, а таа е психобиолошки систем со психички процеси како емоции, способности за спознавање и проценување кои водат кон интерпретирање. Накратко тие имаат перцепција за себе и својата социјална средина, општеството и светот вклучувајки ги нивните визии, вредности, надежи и цели. Проблемот со овие теории и методи е во тоа што ги отфрлаат наодите и објаснувањата, со што се критикувани дека имаат слаба емпириска основа. А исто така, во многу области, довеле до депрофесионализирање на

социјалната работа и заменување на професионални социјални работници со организациски и административни менаџери.

### 1.2.2. Теории и пристапи кои се фокусирани на интеракција и комуникација помеѓу индивидуи

Овие теории се фокусираат на социјалните релации и интеракции помеѓу индивидуите, а најчесто се рагледуваат релациите во помали групи, како што се семејствата. Некои теориски пристапи ја поддржуваат психодинамичката теорија, други бихејвиоралната теорија, но повеќето се фокусираат на симболичната интеракција каде што постојат процеси на етикетирање, стигматизација и ексклузија. Ова се неколку теории и методи кои се фокусирани на интеракцијата помеѓу индивидуите:

- *Трансакциска анализа* е истакнат пристап во социјалната работа со семејства. Тој се потпира на психодинамичната теорија и фокусира на интеракциите помеѓу, повеќето стадиуми на една личност (како дете, родител и возрасен) и истите тие стадиуми на друга личност. Задача на социјалниот работник е да го анализира начинот на комуникација помеѓу две индивидуи и да се обиде да го промени. Друг пристап се состои во тоа социјалниот работник да го разбие митот што се создал околу еден проблематичен член на семејството. Други техники кои можат да се применат во овој пристап се: играње на улоги, медијација, домашни задачи, вајање на семејството и др.
- *Социјална рабо̄та со ӣруӣи*- улогите на членовите во групата можат да бидат исти за сите членови, особено во групите со помала моќ или во групата да постои поделба на трудот и групата да има поголема моќ. Во овие групи, членовите мора да научат да споделуваат чувства, да сфатат дека за некои прашања дозволено е да се имаат различни

ставови и да се научат на солидарност. Улогата на социјалниот работник е повеќе целно ориентирана и акционо ориентирана.

- *Конструирање на социјални мрежи и соработувачи* Ова е еден од пристапите кој ги концептуализира социјалната и културната средина за да создаде поддржувачки систем и реципроцитетни соседски релации во заедницата.

Проблемот со овие комуникациско ориентирани пристапи е во тоа што не се посветува вниманите на самата индивидуа, ниту пак на влијанијата на социјалната и културната средина во која живеат индивидуите. Земајки го во предвид теорискиот концепт на взаемните релации помеѓу индивидуите, овие пристапи може да се систематизираат и интегрираат во единствен пристап кој ќе биде застапен во размената на социо-економски ресурси, когнитивни и психички процеси и социјални вештини.

### 1.2.3. Теории и форми кои се фокусирани на моќни релации и социјални промени на и за индивидуите, групите и заедниците

Овој теоретски пристап е користен од страна на Џејн Адамс, која го поддржувала феминизмот и пацифистичките политички движења, а во денешно време познат е под името *радикална социјална работа,* во која се инкорпорирани феминистичката социјална работа, нео-марксистичката социјална работа и антиопресивната/антидискриминаторна социјална работа. Научниците Лавалет (Lavalette) и Фергусон (Ferguson) ги критикувале пристапите кои социјалните проблеми ги претставувале како да се психолошки проблеми, наместо да ги трансформираат во општествени прашања. Тие верувале дека социјалната работа е повеќе наменета за богатите класи, наместо да се грижи за сиромашните и маргинализираните. Главната хипотеза била дека корисниците на услугите, сиромашните луѓе,

невработените, жените (особено самохраните мајки), мораат да разберат дека проблемот не е во нив самите, туку во дискриминаторните, експлоатативните и опресивните социјални структури. Тие капиталистички, макросоцијални структури ја одредуваат поделбата на луѓето на социјалните категории како што се класите (тие што имаат и тие што немаат), ралика во пол или сексизам, расизам, сексуална ориентација, религија, етничка припадност итн. Во секоја група има ранливи индивидуи, кои може да станат потенцијални клиенти на социјалната работа.

Улогата на социјалната работа, во однос на овие ранливи групи се одвива на три начини: првиот, критички начин, е дел од опресивниот, капиталистички систем кој ја контролира работничката класа и ја обликува за да биде работоспособна; вториот начин претставува работата како застапник на социјална промена, подигнувач на јавната свест, како и поддржувач на организациите во заедницата и на колективната акција; третиот начин е работата и како агент на капиталистот во патријахално и расистичко општество и како намерен носител на социјална промена преку подигнување на јавната свест.

Ова се неколку директиви на социјалната работа во рамки на социјалните промени:

- *Подигнување на критичката свест*
- *Демократска работа во заедница,* ова е најстарата теоретска стратегија за работа во заедница. Во оваа стратегија се вклучуваат граѓаните или членовите на една заедница, да ги идентификуваат потребите и да изградат платформи на кој ќе се формулираат цели за да се постигнат решенија. Со помош на оваа стратегија граѓаните учат како да ги трансформираат нивните лични проблеми во заеднички, а се преку демократски процес.
- *Градење на шелтери (засолништа), промовирање на свест на жртвите и проценување на извори на моќ.* На прв поглед, градењето на шелтери може да се сфати како парадокс, односно жртвите да

станат повеќе маргинализирани и изолирани, со тоа што ќе имаат посебен простор за собирање. Сепак шелтерите ја креираат можноста на жртвите да се изјаснат и критички да се осврнат на своите искуства, како и да добијат поддршка и враќање на своето достоинство.

- *Зајакнување*, во контекст значи да им се овозможи на индивидуите, групите и заедниците да ги употребуваат изворите на моќ, како би постигнале задоволување на своите потреби.
- *Индивидуално и организациско застапување*, кога директното учество на клиентите во процесот на зајакнување е оневозможено заради нивната возраст (мали деца), сериозна болест, хендикепираност или сл. тогаш социјалниот работник може да работи како застапник на клиентите. Тоа може да го прават на индивидуално ниво или пак на групно ниво. На пример да се работи со повеќе бездомни семејства и да се бараат заедничките фактори кои довеле до бездомништво.
- *Воведување на вредностите на достоинството, човечките права и социјална правда во социјалната дејност*. Ова значи минимизирање на диференцијалите на моќ помеѓу клиентите и професионалците со помош на минимална интервенција т.е. најненаметлива интервенција.

## 2. Фактори кои влијаат врз социјалната работа

Постојат многу фактори кои влијаеле врз социјалната работа, како наука и како професија, и помогнале истата да се оформи во денешната современа социјална работа. Во овој дел ќе посветам внимание на неколку фактори кои сметам дека биле важни во формирањето на социјалната работа: религијата, мултикултурализмот, глобализацијата, економската криза од 30 тите години, еколошката перспектива во социјалната работа и либерализмот.

### 2.1. Влијанието на религијата врз социјалната работа

Религијата е присутна насекаде во секојдневниот живот на човекот, во сите гранки на уметноста, во традициите и обичаите, во историјата и во политичките процеси. Потеклото на религијата се наоѓа во две теории:

- **Анимнистичка теорија** - која вели дека религијата се појавила како резултат на емоционалните потреби на човекот и
- **Натуристичка теорија** - која вели дека религијата се појавила како резултат на интелектуалните потреби на човекот

За двете теории е заедничко тврдењето дека религијата настанала за да одговори на прашањата: кои сме, што сме, која е нашата задача, каде одиме. Постојат многу дефиниции на религијата, кои многу се разликуваат, но повеќето ги содржат следниве елементи:

- Употребата на симболи кои предизвикуваат чувство на стравопочит кај луѓето

- Иврнување на ритуали и церемонии, во кои учествуваат заедниците на верници
- Верување во натприродни суштества и сили кои можат да му направат добро на човекот или да му наштетат

Постојат три главни пристапи според кои се дефинира религијата: марксистички пристап, функционалистички пристап и веберов пристап.

Според првиот пристап, религијата е дел од општеството и служи за да го оправда владеењето на богатите класи врз сиромашните. Со религијата се слабее класната борба, заради ветувањето дека сиромашните ги чека подобар живот на "оној свет", со што тие се демотивирани да се борат за подобри економски услови на "овој свет". Марксизмот е атеистички и антитеистички. Тој ја отфрла религијата како многу штетна општествена појава која ги одржува експлоататорките односи и го намалува револуционерниот полет на сиромашните класи.

Според функционалистичкиот пристап, религијата има интегративна, нормативна и регулативна функција. Интегративната функција е најважна и таа допринесува за изградба на заеднички систем на вредности. Тоа е основа за динамички еквилибриум, рамнотежа меѓу инпутот и аутпутот и политичкиот систем кој ги задоволува специфичните потреби на глобалниот општествен систем. Религијата е облик на општествено обожување, а служи за зајакнување на општествената солидарност. Според Бромислав Малиновски (Bronislaw Malinowski), религијата ги опкружува стресните животни ситуации (раѓање, венчавање, полнолетност, смрт и др.), со посебни ритуали низ кои се искажува солидарност на заедницата кон погодениот член[9]. На тој начин се обновува единството на заедницата и таа зајакнува.

Во третиот пристап, на кој основоположник е Макс Вебер (Max Weber), се разгледуваат протестантската етика и духот на капитализмот. Според него, религијата не е ни дел од општеството, нити пак е детерминирана од развојот на производните сили, туку се дефинира со помош на два поима: државата и црквата. Државата е најмоќната социјална организација, затоа

што располага со монопол на легитимна употреба на насилство, додека црквата е организација која својата моќ ја црпи од монополот на моралната совест на луѓето. Државата има право на човечкото тело, а црквата на неговата душа. Често црквата се идентификувала со државата, таа говорела во името на сите граѓани, безразлика дали тие биле верници или не. Во минатото, кога социјалната работа сеуште не постоела, за жал сиромашните класи и лугето со социјални потреби постоеле. Тогаш црквата била таа која што оформувала добротворни здруженија за помош на сиромашните класи. Таа била првата државна институција која пројавила интерес за луѓето кои имале социјални потреби. Потоа се појавило движењето на сетлементите, чија цел било да се доведат и богатите и сиромашните во општеството, да живеат во подобри односи, во една независна заедница. Главна цел на ова движење била да се изградат куќи во сиромашните делови на населените места, во кои сетлементите, т.е. лугето од средната класа, ќе волонтираат за да споделат знаење и култура со нивните сиромашни соседи, како би им ги олесниле проблемите[10].

Може да се каже дека религијата, особено црквата како институција, имала голема улога во формирањето на социјалната работа, каква што ја познаваме денес. Иако таа се базирала на добротворна работа, сепак довела до движењето на сетлементите, се со цел да им се помогне на сиромашните класи. Во сетлементите не работеле стручни социјални работници, но тие помогнале во еден круцијален дел од социјалната работа, кој е многу важен и денес, а тоа е волонтеризмот.

## 2.2. Влијанието на мултикултурализмот врз социјалната работа

Зборот мултикултурализам е кованица, составена од зборовите мулти и култура и во буквален превод означува "многубројни" или "различни" култури, а се однесува на етничкиот диверзитет присутен во определен општествен простор. Мултикултурализам е прифаќање, почитување и промовирање на различни култури. Во политички концепт, терминот е употребуван со различни значења: како одбрана и почитување кон различните култури во едно општество, како политика на промовирање и одржување на културен диверзитет и како политика во која луѓето од различни етнички и религиозни групи се дефинирани од страна на општеството според групите во кои припаѓаат. Во општествата денес постојат различни разбирања на зборот мултикултурализам, што довело до развивање на два пристапа:

- Првиот се фокусира на интеракцијата и комуникацијата помеѓу различни култури. Интеракцијата помеѓу културите создава услови културините разлики взаемно да комуницираат и да создадат мултикултурализам;
- Вториот пристап се однесува на диверзитетот и културната единственост. Културната изолација може да ја заштити културната единственост на локалната култура на едно општество, но исто така може да придонесс во глобален и културен диверзитет;

Овие два пристапи на мултикултурализмот не се апсолутно спротивни, туку напротив се надополнуваат и создаваат нов културен феномен кој ги отелотворува идеологиите на индивидуалните култури и релациите помеѓу нив.

Мултикултурализмот е еден вид на систем кој им дозволува на луѓето слободно да се изразуваат во едно општество кое е толерантно и подобро се адаптира кон социјалните проблеми.

Мултикултурализмот е еден многу популарен концепт во социјалната работа, особено кај социјалните работници кои се занимаваат со културните разлики на луѓето во општествата и групи на луѓе кои се во ризик да станат дискриминирани. Мултикултуралната перспектива е есенцијална за подготвувањето на социјалните работници во праксата на социјалната работа. Според Боланд (Bolland)[11] мултикултутализам е термин кој не е прецизен, а тоа е така затоа што и самиот збор "култура" е непрецизен термин кој некогаш се употребува за да означи етничко или национално потекло, а друг пат се употребува за да означи димензија на различности помеѓу луѓето, различни раси и малцинства.

Во социјалната работа постои концепт кој се однесува на етичките одговорности кон клиентите, а социјалните работници мораат да ги разберат различните култури и нивните функции кои влијаат врз однесувањето на луѓето во општеството. Тие мора да поседуваат знаење за културата на клиентот и да демонстрираат способност во снабдувањето на сервиси кои се чувствителни на културите на клиентите и разликите помеѓу луѓето и културните групи. Културната подготвеност во социјалната работа ја имплицира интегрираната шема на однесувањето на луѓето, која вклучува мислења, комуникации, акции, обичаи, верувања, вредности и институции на расни, етнички, религиозни и социјални групи.

Главен концепт во мултикултурализмот е неговата нормативна цел за социјални промени, а таа цел е создавање на мултикултурално општество, каде што ќе се осигура социјална и економска правда за културните групи кои се соочуваат со дискриминација. Мултикултурализмот влијае врз социјалната работа на начин на кој го наметнува концептот на културните способности не само кај социјалните работници, туку и на инаституциите за социјална заштита, а тоа води кон структурни промени во интерактивните односи помеѓу корисниците и социјалните работници. Мултикултуралниот пристап во социјалната работа води кон зајакнување, образување и подготвување на корисниците и индиректно до реформи во општеството.

Фудаменталните социјални промени го форсираат креирањето на општество кое подобро ќе реагира на нови социјални ризици, но нема да го загрози концептот на солидарноста, а социјалната работа, како социјална активност се поврзува со идеолошките промени и пошироките социјални трансформации.

Историјата на социјалната работа се разликуваа од сите други социјални науки затоа што е основана врз вредностите на човечките права и социјалната правда. Под влијание на мултикултурализмот се развила мултикултуралната социјална работа која е дефинирана како помагателна улога и процес кој користи модалитети и ги дефинира целите кои се во согласност со животното искуство и културните вредности на клиентот. Таа го препознава идентитетот на клиентот кој вклучува индивидуални, групни и универзални димензии и се застапува за користење на универзални и културни стратегии и улоги во процесот на делување. Мултикултуралната социјална работа го балансира значењето на индивидуализмот и колективизмот во проценката, дијагнозата, третманот и разрешувањето на проблемот на клиентот и клиентовиот систем. (McGoldrick 2005).

## 2.3. Влијанието на глобализацијата врз социјалната работа

Глобализацијата преставува серии од социјални, економски, технолошки, културни и политички промени кои промовираат независност и раст на општествата. Глобализацијата влијае врз животните стандарди на државите кои се во транзиција, го шири знаењето за технологијата и ја зголемува политичката либералност. Главна причина за глобализацијата е влијанието на поголемите и поразвиените држави врз државите кои се во транзиција. Социјалните ефекти од глобализацијата најмногу можат да се забележат кај земјите од третиот свет, кај кои се

повеќе расте сиромаштијата и опресијата. Глобализацијата на социјално ниво може да се пресмета со помош на индексот на човечкиот развој.

Индекс на човечкиот развој претставува мерка која го пресметува социјалниот, економскиот и политичкиот развој на едно општество во споредба со други општества во светот[12]. Фактори кои влијаат врз одредувањето на индексот на човечкиот развој на некое општество се: писменоста на членовите во едно домакинство, бројот на членови кои се запишани во институции за образование, приходите по глава на член во домакинство, физичкиот квалитет на животот, пристапот до здравствените и социјалните институции и други.

Како пример за позитивното влијание на глобализацијата врз земјите кои се во транзиција може да се земе порастот на правата на жените, кои повеќе не чувствуваат социјален притисок да имаат многу деца и да останат дома за да ги одгледуваат. Со раѓање на помалку деца, жените имаат поголеми шанси за вработување, со што брзо се менува гледањето на жените само како домаќинки, тие искусуваат либерализација и еднаквост.

Скептиците за глобализацијата тврдат дека таа предизвикува светот да се комформира со големите и богати држави, што би довело до губење на културите. Глобализацијата претставува процес со кој луѓе и заедници од целиот свет искусуваат заеднички економски, социјални и културни вредности. Таа има големо негативно влијание врз балансирањето на економската, политичката и културната моќ помеѓу индивидуите и заедниците. Социјалните работници се тие кои работат со причините и последиците на овие процеси. Тие препознаваат дека постои нарушување во социјалните, здравствените и образовните сервиси кои резултирале во негативни последици за социјалните програми и праксата на социјалната работа. Социјалните програми за развој, без разлика дали се поврзани со структурните политики или со програмите за итно надоместување на економските штети, мора да ги поседуваат следниве елементи[13]:

- Програми за едукација и учење низ целиот животен век на индивидуите
- Програми за поддршка на индивидуи чии физички, ментални или емоционални проблеми им оневозможуваат да имаат стандардна работа.
- Социјална заштита која ќе ги издржува тие што нема да можат да дојдат до приходи, а тоа ќе се постигне со помош на годишни цели за како да се намали сиромаштијата.
- Програми за промовирање на едукацијата и благосостојбата на децата.
- Програми за консултации со локални заедници и општествени организации, со кои индивидуите и групите ќе се вклучат во донесувањето на одлуки кои ќе имаат ефект врз нив.

Социјалните работници мора да бидат свесни за позитивните и негативните влијанија на глобализацијата и да ја поддржуваат социјалната правда, принципите на хуманитарност и правата на луѓето. Нивна задача е да ја препознаат важноста на природната и социјалната средина, да развијат одговорност за околината, да работат со професионалци од други дисциплини за да го зголемат знаењето на групите од заедниците, да развијат вештини за посредување и стратегии кои ќе водат до здрава околина и да се осигураат дека проблемите во заедниците ќе најдат свое место во едукацијата на социјалната работа.

Луѓето живеат и го развиваат својот потенцијал во социјални групи. Низ историјата етничките групи биле карактеристични за општествата, но во 20век и почетокот на 21век, луѓето се повеќе се запознавале со глобализираниот свет во кој имало се поголеми економски, социјални и културни влијанија, а тие влијанија делувале врз социјалните права на луѓето, социјалниот развој и социјалната кохезија. Тој процес е познат како глобализација. Луѓето неможат да го реализираат својот

индивидуален потенцијал и човечки права во изолација, тие мора да имаат поддржувачки околности, а тие се:

- Важноста на мирот и избегнувањето на насилните конфликти
- Постоење на правичен социјален ред
- Доверба во природната средина која го поддржува животот

Сиромаштијата, социјалната изолација и ексклузија, деградацијата на околината и насилните конфликти ја поткопуваат можноста да се ужива во правата на луѓето и ја навредуваат гордоста на човекот. Глобализацијата предизвикува се поголем јаз помеѓу богатите и сиромашните луѓе низ целиот свет, економската и социјалната ексклузија е се повеќе во пораст, проблемите со околината се влошуваат и насилните конфликти продолжуваат. Процесот на глобализација, за кој се тврдеше дека ќе го обедини светот, во пракса креира тензија и поделба.

## 2.4. Влијанието на економската криза од 30тите години врз социјалната работа

Големата економска криза или Големата депресија е глобален економски крах кој започнал во 1928 година. Кризата започнала во Соединетите држави, на денот познат како црн вторник и резултирала во драстичен пад на аутпутот, драматичен раст на невработеноста и акутна дефилација. Исто така и културно-социолошките последици не биле помалку деструктивни, посебно во САД, каде што големата депресија разорно влијаела врз општеството.

Почетокот и силата на големата депресија се разликувала помеѓу државите. Депресијата посебно била тешка и долга во САД и европските

држави, во кој невработеноста достигнала високи проценти. Економската криза била последица на комбинации од повеќе фактори[14]:

- Падот на агрегатната побарувачка
- Финансиска паника во раководството на банките
- Несинхронизирана економска политика на националните влади

Сите овие фактори, меѓусебно поврзани, довеле до драстични падови на производството и економски шокови. Ниту една држава не можела да излезе од економската криза без огромни социјални и културни промени[15]. Додека голем број на несакани пороци, поврзани со безнадежност, биле во пораст, голем број на семејства зајакнале со помош на кризата. Додека голем број на бизниси исчезнале, за време на големата депресија, други станале појаки.

Општествата доживеале големи и сериозна последици од економската криза, меѓу кои се следниве[16]:

- Пораст на криминалот во општествата, затоа што голем бил бројот на невработените кој се оддале на ситни кражби за да преживеат
- Зголемување на стапките на самоубиства
- Многу случаи на неухранетост
- Голем замав на проституција
- Здравствена заштита која не била преоритет на општествата
- Зголемување на алкохолизмот

Со оглед на сите последици од економската криза што им се случиле на општествата, логично било дека и социјалната работа претрпела промени за да може да ги задоволи сите социјални потреби на луѓето. Се организирале социјални сервиси составени од агенции и организации кои ги поддржувале индивидуите и семејствата со тоа што обезбедувале финансиски социјални сервиси и хуманитарни социјални сервиси. Социјалната работа се однесувала

директно на обезбедување на сервиси и индиректно посредувала во програмите на владините проекти.

Услуги кои ги обезбедувале социјалните сервиси вклучувале:

- Сервиси за ментално здравје
- Грижа за заедницата и семејството
- Сервиси за релации во семејствата
- Финансиска и материјална поддршка
- Сервиси за бездомниците
- Сервиси за информации и советувалиште
- Нега за стари лица
- Застапување на индивидуа
- Советувалиште за индивидуи и семејства
- Сервиси за семејно насилство
- Сервиси за хендикепирани
- Правни сервиси
- Сервиси за заштита на децата
- Сервиси за злоупотреба на дроги и алкохол
- Сервиси за млади
- Сервиси за поддршка за сместување на лица со хендикеп
- Сервиси за обука за вработување

Може да се каже дека економската криза имала големо влијание врз развојот на социјалната работа и социјалната заштита. Сите социјални проблеми што се појавиле во општествата, довеле до тоа социјалната работа да земе уште поголем замав, за да се справи со сите социјални проблеми и социјални потреби на луѓето.

## 2.5. Релациите помеѓу еколошката перспектива и социјалната работа

Зборот екологија доаѓа од грчките зборови еко (куќа) и логос (наука) и претставува наука за релациите помеѓу живите организми во нивната природна околина[17]. Екологијата претставува дел од биологијата, но исто така е и социјална наука која е составена од еколошки системи. Урие Брофенбренер (Urie Bronfenbrenner) е еден од основоположниците на теоријата на еколошките системи и според него постојат четири еколошки системи:

- *Мезосистем* - се однесува на релациите помеѓу микросистемите и поврзаноста помеѓу истите. Односи помеѓу микросистеми се: релациите помеѓу односите во семејството и односите во училиштето; односите во училиштето и односите во црквата; односите во семејството и односите со врсниците. На пример детето кое било отфрлено од своите родители може да има потешкотии во развивањето на позитивни релации со наставниците.
- *Егзосистем* - се однесува на социјално опкружување во кое индивидуата нема активна улога. На пример односите помеѓу таткото и детето во семејството може да бидат под влијание на случувањата на работното место на мајката. Мајката може да добие унапредување на работа, кое ќе бара од неа повеќе да патува, а тоа може да создаде конфликт помеѓу неа и таткото што ќе доведе до промени во интеракциите со детето.
- *Макросистем* - ја опишува околината во која индивидуите живеат. Културниот контекст вклучува развој на идустијализирани држави, социоекономски статус, сиромаштија и етнички групи. Тој исто така ѓи вклучува детето, родителот, неговото училиште, работата на неговиот родител и др. Членовите на една културна група имаат заеднички идентитет, наследство и вредности. Макросистемот постојано се

менува затоа што секоја генерација може да го промени макросистемот, што ќе доведе до развој на единствен макросистем.

- *Хроносистем* - се однесува на шемите на настаните во средината и транзициите, на подолг рок, како и социоисториските околности. На пример разводот на брак претставува еден вид на транзиција. Истражувањата покажале дека негативните ефекти од разводот, децата наичесто ги искусуваат во првата година по разводот. Веќе во втората година по разводот, интеракциите во семејството се помалку хаотични и постабилни.

Гледиштето на Урие Брофенбренер (Urie Brofenbrenner) е основано врз индивидуата, околината и постојаната релација помеѓу нив, но околината не е единствената која директно влијае врз индивидуата, туку помеѓу нив постојат слоеви кои што доведуваат до влијанија на друго ниво.

Во средината на 20 век, социјалната работа присвоила модел на семеен систем во кој било заклучено дека членовите на едно семејство подеднакво се под влијание на еколошките системи[18]. Социјалната работа го проширила ова гледиште за да објасни дека индивидуите постојано создаваат, реконструираат и се адаптираат на околината и на нејзините влијанија. Системскиот пристап ги додал социјалните елементи во интеракцискиот процес. Системската теорија била проширена врз база на еколошкиот пристап кој што терминот "околина" го разделил на социјални детерминанти со различни нивоа на моќ и влијание. Еколошките теории се фокусираат на интерелациски односи помеѓу системите и нагласуваат дека сите постоечки елементи во еден екосистем имаат еднаква улога и одржуваат баланс во целината. Во праксата на социјалната работа еколошкиот пристап најдобро се применува кога посебно се разгледуваат индивидуи, семејства, културни групи и заедници, а се интервенира кога ке се појави слабост во релациите помеѓу овие системи.

Еколошката теорија обезбедува рамка за "животен модел" кој се употребува од страна на социјалните работници за проценување и

интервенирање во транзициите на индивидуите, трауматични настани, притисоци од средината и дисфункционални интерперсонални процеси[19]. Целта на овој модел е да се подобрат релациите помеѓу околината и индивидуите, преку ефективно намалување на притисокот помеѓу системите, вклучувајки индивидуи, заедници и ресурси.

## 2.6. Влијанието на либерализмот врз социјалната работа

Зборот либерализам доаѓа од латинскиот збор liberalis и претставува верување во важноста на слободата и еднаквите права на луѓето. Либералите ги поддржуваат идеите на конситуционализмот, либералната демократија, слободните и фер избори, човечките права, капитализмот и слободата на религијата. Либерализмот може да се дефинира како социјална и политичка филозофија која им придава големо значење на слободата и еднаквите права на индивидуите. Постојат повеќе типови на либерализам меѓу кој позначајни се[20]:

- Класичен либерализам - филозофија која е посветена на идеалот за ограничена влада, конституционализам, владеење на законот и слобода на индивидуите и вклучува слобода на религија, слобода на говор, слобода на печатот и слобода на собир.
- Економски либерализам - економска доктрина која ја промовира и поддржува економијата и приватизацијата, како и ограничувањето на владата во слободата на пазарот.
- Социјален либерализам - филозофија која се фокусира на верувањето дека социјалната правда треба да биде вклучена во либерализмот.
- Неолиберализам - пристап кон економската и социјалната политика, базиран на неокласични теории на економијата кој тежнее да го максимизира уделот на приватниот сектор во детерминирањето на политичките и економските приоритети на државите.

Либерализмот започнува со премисата дека секој е индивидуа и дека сите индивидуи имаат права. Централна вредност на либерализмот е слободата, а либералите имаат недоверба во државата и сметаат дека општеството само ќе се регулира кога ќе се отстрани мешањето од страна на државата.

Историјата на либерализмот се протега во последниве четири векови започнувајки во граѓанската војна во Англија. се до студената војна. Идеологијата на либерализмот настанала како одговор на религиозните војни кои се воделе во Европа во 16 и 17 век. Класичните либерали кои ставиле нагласок врз важноста на слободата на пазарот и слободата на граѓанинот доминирале во историјата на либерализмот, но во 19 век се појавил нов либерализам, познат како социјален либерализам кој и дал поголема улога на државата во поправање на социјалните штети. Социјалниот либерализам се разликува од класичниот либерализам во тоа што верува во легитимната улога на државата во обраќањето кон економските и социјалните прашања за невработеноста, здравствената заштита и унапредувањето на образованието.

Во 20 век се појавила нова идеологија наречена неолиберализам која создала политика на монетарна економија и намалување на социјалните услуги од страна на владата. Ова не резултирало во враќањето на класичниот либерализам, а сепак владите продолжиле со обезбедувањето на социјални сервиси и ја задржале контролата врз економската политика. Неолиберализмот ги следел принципите на еднакви човечки права, слободни и фер избори, повеќепартиска демократија, социјална правда, антидискриминација, антиопресивна политика и толеранција.

Неолиберализмот користел пристап на "преживување на најотпорните", што значи дека најдобрите натпреварувачи во глобалниот пазар на економија ќе преживеат[21]. Во тој процес каде што неизбежно е да има победници и губитници, сите би требало да имаат корист од успехот на тие што се на врвот, но неолибералниот концепт и неговите резултати

станале анатема за вредностите на социјалната работа поврзани со социјалната правда. Станало јасно дека акциите кои биле производ на неолибералната парадигма нема да имаат позитивно влијание врз "губитниците" или поточно лугето од пониските класи. Затоа социјалните работници почнале да работат со групи и индивидуи за да дизајнираат краткотрајни и долготрајни стратегии и тактики кои ќе послужат за адресирање на проблемите и појаснување на посакуваните резултати. Тие работеле на планирање на акции, имплементации и евалуации и граделе капацитет за овие акции во заедниците. Со помошта на социјалните работници се создале ефективни сојузници во групите, организации и движења кои настанале како резултат на неолибералната хегемонија, а на тие што биле директно вклучени им бил понуден систематски план за извршување на нивната работа.

# II Глава

## Настани кои се основа за развој на радикалната работа

# 1. Настани во социјалната работа од нејзиното создавање до современата социјална работа

Социјалната работа ги пронаоѓа своите корени во борбата на општеството против сиромаштијата и другите социјални проблеми кои произлегуваат од неа. Според тоа социјалната работа може директно да се поврзе со идеата за добротворна работа која се појавила уште во античко време, а практиката за обезбедување за сиромашните има свои корени во сите поголеми региони во светот.

За попрегледно анализирање на социјалната работа од самиот почеток до денес, хронолошки ќе се осврнам на позначајните моменти од историјата на социјалната работа.

## 1.1. Социјалната работа пред 19 век

Социјалната работа, како професија била создадена во 19 век. На почетокот на 19 век луѓето сметале дека Господ и религијата претставуваат причина и последица за сите настани што се случувале во текот на нивните животи. Со текот на времето, ова мислење почнало да се менува и кон крајот на 19 век, повеќето луѓе имале посекуларен и хуманистички поглед на светот. Религијата сеуште била од голема важност, но верувањето дека општеството може да се обликува и да се подобри со помош на новите откритија на науката и технологијата, станало општо прифатено гледиште.

На почетокот на 19 век посетителите "visitours" практикувале една рудиментарна форма на социјална работа која настојувала да го олесни бремето на сиромашните со помош на директно помагање и молитви. Урбаното мисионерско движење и други слични филантропски движења се

ослонувале на посетителот во нивната работа. Раната форма на посетување имала поголеми допирни точки со добротворната работа, отколку со социјалната работа, а типичен пристап за третирање на сиромашните луѓе била молитвата. Понапредна форма на социјална работа била практикувана од страна на волонтери кои работеле во граѓанската волонтерска организација каде што се развиле сервиси кои денес се спордедуваат со Црвениот Крст.

### 1.2. Ангелот на затворите - Реформи на затворскиот систем (1817 година)

Елизабет Гарни Фрај (Elizabeth Gurney Fry) (1780-1845) е најпозната за нејзините достигнувања во реформите на Британскиот затворски систем. Таа била наречена ангел на затворите затоа што била првата жена која се нафатила да работи ваков вид на работа.

Фрај пораснала во богата заедница во Норфолк, источна Англија во која постоеле силни идеали за еднаквост и мир. Тие биле меѓу првите противници за трговијата со робови и биле многу активни во филантропски проекти. Кога Фрај имала само 12 години ја загубила својата мајка, а тоа оставило сенка на нејзината младост, но на 17 годишна возраст веќе почнала да покажува знаци на љубов кон правењето на добри дела. Таа основала основно училиште за сиромашни деца во својот дом. Во 1800 година се омажила за Џозеф Фрај (Joseph Fry) и родила единаесет деца, но тоа не ја сопрело во продолжувањето на нејзината работа во заедницата каде што се грижела за болните и осамените соседи.

Прв затвор кој го посетила Фрај бил затворот во Њугејт во 1813 година. Таа била шокирана кога ги видела нехуманите услови во кои жените и децата биле затворени и била решена да да ги подобри тие услови. Најпрво поканила многу влијателни луѓе да го посетат затворот и да се уверат во лошите услови каде што живееле затворениците. Потоа почнала да се бори

против осудувањето на затворениците во самици затоа што сметала дека тоа е лошо за физичкото и менталното здравје на затворениците. Фрај станала првата реформаторка на затвори која се фокусирала на моралното подобрување на затворениците преку личен контакт, конверзации и едукативна работа.

За да ја постигне целта во својата работа, таа внела уште една иновација, а тоа биле волонтерски комитети на жени кои организирале посети во затворите и им давале поддршка на затворениците кои веќе ја отслужиле својата казна со тоа што им помагале во реинтегрирањето во општеството. Оваа иновација станала предвесник за професионалните сервиси за условни казни.

Реформите кои ги застапувала Елизабет Фрај се состоеле од три главни принципи[22]:

- Мажите и жените затвореници мораат да бидат сместени во посебни делови од затворите, а чуварите мора да бидат од истиот пол како и затворениците.
- Биле направени договори за редовни посети на затворениците од страна на жените во волонтерските комитети, кои биле задолжени да се грижат за едукацијата на затворениците и биле задолжени да им дадат поддршка на нивните клиенти откако ќе го напуштат затворот.
- На затворениците им биле дадени можности да се образуваат и да добиваат платена работа во самиот затвор.

Фрај посетила многу затвори во Велика Британија, а нејзините методи биле толку ефективни што во 1823 година многу од нејзините пристапи биле инкорпорирани во Британскиот закон за затвори.

Благодарение на пионерската социјална работа на Елизабет Фрај, третманот на затворениците станал многу похуман, а нејзината работа признаена и почитувана. Во 2002 година во Велика Британија нејзиниот лик бил ставен на поштенска марка, а во САД, институтот за социјална работа на Станфорд е лоциран во здрада која го носи нејзиното име.

### 1.3. Од помош до самопомош - сиромашна популација (1819 година)

Томас Чалмерс (Thomas Chalmers) (1780-1847) бил роден во Анструтер, во северна Шкотска, каде што работел како презвитеријански проповедник. Тој голем дел од своето време го посветил на математика и станал асистент на професор на универзитетот Св. Ендруз. Во 1803 година, тој бил поставен за свештеник на парохиската црква во Килманија. Откако сериозно се разболел, во 1815 година, се преселил во Глазгов, каде станал проповедник во тамошна црква и неговата репутација се проширила низ цела Велика Британија. Токму таму, во индустриската зона во Глазгов, се соочил со страшна сиромаштија, за која сметал дека е многу вознемирувачки феномен. Тој почнал да експериментира со организациската структура на парохијата се до септември 1819 година кога станал свештеник во црквата Св. Џон, исто така во Глазгов. Во својата парохија, Чалмерс, им проповедал на сиромашните да не зависат од паричната помош која ја добивале од страна на градскиот совет затоа што тој бил голем противник на јавната асистенција. Тој всушност сметал дека скоро секој вид на помош влијаел дестимулирачки за барањето на работа и употребувањето на сопствени ресурси. Чалмерс бил убеден дека солидарноста во локалната заедница и взаемната поддршка во соседствата биле значајно поефективни од милостината која доаѓала од страна на владата. Таа само би ги поттикнала сиромашните повеќе да бараат, што би довело до тоа луѓето да ја избегнуваат сопствената одговорнот и напори[23]. Според него, потребно било да се воспостави врска со заедницата така што проблемите ќе се решаваат со помош на солидарност во истата. Вклучени во заедницата, сиромашните можеле да работат и да бидат скромни, а во исто време да ја зголемат сопствената одговорност кон заедницата. Кога финансиска помош била потребна, таа требала да дојде само од религиозната заедница, во вид на добротворен прилог.

Чалмерс, систематски ја поделил својата парохија на неколку окрузи и доделил по еден одговорен ѓакон на секоја од нив. Задача на секој ѓакон била

да воспостави пријателски односи со сиромашните и преку чести посети во нивните домови да ја надгледува нивната ситуација: во материјален контекст, врски помеѓу членовите во семејството и пријателствата. Ова станало основа за грижата и поддршката. Исто така, тој, основал основно училиште и училиште кое работело за време на викендите, каде децата добивале и секуларно (световно, нецрковно) и религиозно образование.

Со овие форми тој развил еден од најзначајните концепти во праксата: да им се помогне на сиромашните да си помогнат себеси. До денешен ден, концептите на Чалмерс се важни за социјалната работа. Клучни елементи на неговиот пристап можат да бидат пронајдени во програмите за грижа во заедниците и во современиот политички развој на Велика британија познат како големо општество[24].

## 1.4. Институционални сместувања и домашни посети (1864 година)

Во 1864 година учителката Октавија Хил (Octavia Hill) (1838-1912), прва започнала да работи со луѓе кои живееле во посиромашните населби во Лондон. Таа работела со луѓе кои се наоѓале на дното на социјалната скала, со сиромашните и невработените кои живееле во студени и влажни живеалишта. Сместувањето на тие луѓе била главната грижа на Хил, која сметала дека добро одржуван дом, мал, но со доволна светлина, воздух и простор, соседи кои ќе се грижат еден за друг е најпотребното нешто во животот на еден човек. Со позајмени средства, таа купила три куќи во центарот на Лондон каде што сместила многу сиромашни луѓе. Секоја недела, таа ги посетувала и со нив дискутирала за сите проблеми со кои тие се соочувале.

Сместувањето на сиромашните, станало темел за нејзината работа, но исто така и почетна точка за други активности: отворање на детски градинки, градење на игралишта за децата и организирање на екскурзии. Октавија

решила и таа да живее во истата населба, а зад нејзината куќа изградила клуб каде што за време на викендите организирала активности за децата, жените и постарите луѓе.

Како резултат на доброто раководство, нејзиниот проект за сместување на сиромашните станал многу популарен и атрактивен за инвестиции, а нејзината работа се проширила. Хил започнала да прави тренирање на други жени, овозможувајки им да работат како социјални работнички. Главна цел на нејзиниот пристап бил да ја зајакне самопочитта на станарите и да ги натера да веруваат во сопствените способности. Таа воопшто не ја сакала милостината како средство за помош бидејки создавала зависност кај сиромашните.

Во 1869 година таа станала еден од основачите на добротворна организација во општеството, а нејзина цел била да се модернизира социјалната работа и да се искорени сиромаштијата. Неколку години подоцна, во 1875 година, Хил, започнала кампања за заштита на природната околина, во и надвор од Лондон и помогнала во основањето на Националната Фондација за зеленило во 1894 година. Таа организација сеуште игра важна улога во одржувањето на парковите и зеленилото во Велика Британија. Влијанието на Октавија Хил, било од големо значење, а нејзината публикација "Домовите на сиромашните луѓе во Лондон", помогнала во раширувањето на нејзините идеи низ целиот свет.

Кон крајот на нејзиниот живот, интересот за начинот на нејзината работа опаднал, заради акцентот што таа го ставала врз индивидуалната социјална работа. Таа не сакала да прифати дека за големите социјални проблеми, како што се сиромаштијата, сместувањата и невработеноста потребна е и интервенција од државата. Таа имала цврсто гледиште дека иницијативите на државата никогаш не смеат да ги заменат активностите на волонтерите, со што со појавувањето на државата на благосостојба, нејзините идеи станале се помалку популарни.

Октавија Хил игра важна улога во историјата на социјалната работа, затоа што таа ја одбивала милостината како начин за помош на

сиромашните. Нејзина намера било да обезбедува помош без милостина и сметала дека милостината служела за да ги држи луѓето на маргините од сиромаштијата. Пристапот на Хил, може да се нарече патерналистички затоа што се обидел да ги промени однесувањата и навиките на сиромашните луѓе. Нејзин став било дека убавите куќи и живеалишта нема да ги искоренат сиромашните квартови, т.е. дека дел од домовите на луѓето се лоши заради тоа што се лошо изградени и лошо наместени, но тие се уште полоши заради лошите навики на станарите. И да се преместат сиромашните во здрави и комотни домови, тие ќе ги загадат и ќе ѓи уништат[25]. Затоа најважен пристап во нејзината работа било да се променат навиките на сиромашните.

## 1.5. Универзитетски сетлементи (1884 година)

Арнолд Тојнби (Arnold Toynbee) (1852-1881), иако неговиот живот бил краток, тој бил научник кој имал големо достигнување во размислувањето како во посиромашните делови на Велика Британија едукацијата може да се развие преку работа. Тој предавал историја на економија на Универзитетот во Оксфорд и имал критичен став во врска со индустриската револуција која се случувала во тој период. Тојнби заклучил дека резултатите од индустриската револуција докажувале дека слободниот натпревар може да произведе богатство но не добросостојба. Сиромаштијата станувала се поконцентрирана во урбаните сиромашни квартови, а тој не можел да остане индиферентен кон последиците кои произлегувале од неа. Затоа тој ги поттикнувал своите студенти да работат со се повеќе растечката популација на сиромашни луѓе. Употребувајки ги идеите на Едвард Денисон (Edward Denison) (1840-1970), Тојнби предложил да се направат шеми за универзитетско проширување, т.е. форма на суплементарно учење, со што студентите кои ќе работат во најсиромашните заедници, ќе го применат своето знаење преку волонтерска работа. Неговата идеа била студентите да

станат свесни за лошите услови во кои живееле сиромашните и за социјалната нееднаквост со што ќе се допре до нивната смисла за социјална одговорност. Подоцна оваа идеа била објавена под насловот "Практичен Социјализам", од страна на неговиот истомисленик, свештеникот Самуел Барнет (Samuel Barnett) и откако била поддржана од универзитетите во Оксфорд и Кембриџ, добила интернационално признание.

По смртта на Тојнби, Барнет продолжил да го промовира концептот на универзитетското проширување и вовел универзитетски сетлементи со помош на кои студентите не само што работеле за да ги подобрат условите на живот на сиромашните, туку и тие самите живееле меѓу нив најмалку една година[26]. Целта била да се зацврсти врската помеѓу студентите и сиромашните жители, со што би се постигнале подобри резултати во социјалното напредување и меѓусебното учење.

Во 1884 година се отворила куќата на Тојнби во источен Лондон каде што живееле студенти кои ги проучувале животите на луѓето од работничката класа и организирале активности кои придонесувале во заедничко градење на заедницата, неформална едукација и социјална солидарност. Студентите кои живееле во сетлементите работеле на тоа да се подобри системот на бенефициите за сиромашните, обезбедувале подобри услови за правата на пензии и ги подобрувале условите за живот на сиромашните.

Набрзо куќата на Тојнби станала позитивен пример за развој на заедница и во Велика Британија и во Европа. Во 1888 година Џејн Адамс ја посетила куќата на Тојнби и толку и се допаднала што решила да ја развие таа идеа и во Соединетите Американски Држави.

## 1.6. Филантропија и истражување на социјалните проблеми (1899 година)

Џозеф Ровентри (Joseph Rowntree) (1836-1925) бил роден во Јоркшир, Велика Британија, како еден од трите сина на Џозеф Ровентри (Joseph Rowntree и Сара Стивенсон (Sarah Stephenson). По смртта на неговиот татко кој работел во продавница за чоколади, тој го превземал неговиот бизнис и заедно со неговиот брат го прошириле и створиле успешна индустрија. Ровентри бил фокусиран на менаџментот на финансии, а неговиот брат на машинеријата. Кога започнале да работат во овој бизнис, имале триесеттина вработени, а после триесет години тој број изнесувал 2000. Сепак Ровентри не бил ладнокрвен капиталист кој се грижел само за проширувањето на неговиот бизнис и сериозно бил загрижен за социјалните проблеми од тоа време во кое живеел. Тој им се спротиставувал на луѓето кои тврделе дека сиромаштијата била резултат на алкохолизмот и решил да почне со истражување. Во 1899 година, заедно со Артур Шервел (Arthur Sherwell) ја напишале книгата "Алкохолизмот и социјалните реформи" и тој станал активен филантроп кој бил посветен на социјалните реформи[27].

Главна цел на Ровентри била да ја искорени сиромаштијата и другите социјални зла и тој сметал дека единствен начин тоа да се постигне било преку интензивно истражување на социјалните проблеми. Во 1904 година своето богатство го поделил во три фондации, меѓу кои и Фондацијата Џозеф Ровентри, која и денес ги поддржува проектите за истражување во социјалната работа во Велика Британија. Еден од тие проекти е и програмата за "Современи социјални проблеми и подвизите на социјалната работа".

Преку активностите, фондацијата не само што го проследува наследството од Џозеф Ровентри, туку исто така проектите на неговиот син Сибом Ровентри (Seebohm Rowntree) (1871-1954). Следејки ја работата на својот татко, Сибом, направил истражување со анкета во Јорк, кое во 1901 година ја објавил под наслов "Сиромаштија, студија за животот во градот". Резултатите покажале дека 6.8% од работничката класа во Јорк немале ни

минимални приходи за преживување, а 18% од населението живееле во т.н. секундарна сиромаштија[28]. Сибом Ровентри објавил истражувања за сиромаштијата и во 1941 година и повторно во 1952 година. Многу истражувачи ги следеле неговите стапки, што станало и традиција за истражување на сиромаштијата и пронаоѓање на нови методи во Велика Британија. Најново истражување поврзано со оваа традиција е тоа на Ричард Вилкинсон (Richard Wilkinson) и Кејт Пикет (Kate Pickett) со наслов "Либела". Сибом Ровентри, исто така е познат и како автор на концептот за мерење на апсолутната сиромаштија.

### 1.7. Интернационализација на едукацијата во социјалната работа (1929 година)

Алис Саломон (Alice Salomon) (1872-1948) била една од првите жени студентки по економија во Берлин, а потоа во 1908 година го основала училиштето за жени, првото училиште кое нудело професионален тренинг за социјална работа. По две децении, во 1925 година, таа ја основала Германската академија за социјална и едукациска работа на жените, но во 1933 година академијата била превземена од страна на нацистите, а таа и сите вработени биле истерани од работа. Во 1932 година имато на академијата било променето во "Училиште Алис Саломон", а сега е познато под името "Универзитет Алис Саломон за применети науки".

Во првата половина од дваесеттиот век, Алис Саломон направила голем допринос за развојот на социјалната работа во Европа. Бидејки била феминистка, таа имала голем удел во признавањето на социјалните права на жените, мировното движење и признавањето на професионалната работа на жените. Во првиот бран на феминизмот, таа увидела дека грижата за сиромашните може да биде област во која жени би можеле да извршуваат платена работа. Идејата за "социјално мајчинство" била извор за социјална

грижа, исклучително за жените. Иако жените од повисоката класа добро би ја извршувале оваа работа, нивното потекло не секогаш ги подготвувало за практичните аспекти на социјалната грижа. Тоа било причина за формалните тренинзи кои биле потребни за развој на професионализмот во социјалната грижа, личниот развој и еманципација.

Во овие рамки, Саломон се фокусирала на методолошки начини за социјална грижа и го истакнувала значењето на плановите за грижа базирани врз истражувања. Таа се заложувала за "уметноста на помагањето", креативно извлекувајки разни ресурси за помош, а целта била да ги промени условите и ставовите на клиентите.

Во 1926 година, по посетата на Соединетите Американски Држави, Алис Саломон, ја објавила нејзината најзначајна книга "Социјална дијагноза" која била нејзина верзија за работата на Мери Ричмонд. Таа ја поврзувала социјалната работа со педагошко тренирање со што помогнала во Германија да се развие блиска релација помеѓу социјалната работа и социјалната педагогија.

Саломон играла важна улога во основањето на интернационален пристап за организирањето на едукацијата во социјалната работа[29]. Таа одржала илјадници интернационални контакти, не само во Соединетите Американски Држави, туку и во Европа, на пример во Белгија со М. Мулеј (M. Mulle) од Централната школа за социјални сервиси во Брисел; во Холандија со М. Молцер (M. Moltzer) од школата за социјална работа во Амстердам. Токму Молцер во 1928 година ја лансирал идејата за создавање на интернационална асоцијација за едукација во социјалната работа, а Саломон, заедно со белгискиот пионер во интернационална социјална работа Рене Санд (Rene Sand), таа идеја ја направиле реалност. Интернационалниот комитет за школи за социјална работа, започнал да работи во Јуни 1928 година во Берлин, на чело со Алис Саломон. Подоцна името било променето во "Интернационална асоцијација на школи за социјална работа", а тоа име го носи и денес.

Во 1937 година, Саломон направила споредба на повеќе од стотина интернационални програми за едукација во социјалната работа. Таа дошла до заклучок дека разликите во методите и наставниот програм мораат да се сведат на минимални и покрај потребата за приспособување на социјална работа на локално ниво. Истата година била протерана од Германија од страна на националистите, по што се преселила во САД каде што во Август 1948 година починала.

### 1.8. (не)Хуманоста зад статистичките податоци (1933 година)

Во 1933 година Ерик Блер (Eric Blair) сеуште не бил познат како славниот писател Џорџ Орвел (George Orwell), автор на делата "1984" и "Животинска фарма". Тој бил решен да стане писател и затоа почнал да ги истражува социјалните феномени бездомништво и сиромаштија. Всушност во тоа време и самиот бил многу сиромашен и морал да се пресели во Париз, каде што цените биле доста пониски. Таму објавил повеќе дела во кои опишал како изгледа сиромаштијата од прва рака и понудил поглед на (не)хуманоста зад статистичките податоци кои биле објавувани.

Други писатели исто така пишувале за сиромаштијата и неправдата, меѓу кои Хауард Грифин (Howard Griffin), белец кој своето лице го обоил црно за да ги искуси општеството како црнец. Во САД, 1959 година, тој повеќе месеци живеел како црн граѓанин и водел дневници за секојдневниот живот кои по една година биле објавени под насловот "Црн како мене". Таму опишал многу "грди" личности кои секојдневно покажувале дека се расисти. Грифин станал почитуван активист за човечки права, иако многу често примал закани за смрт, а еднаш и тешко бил повреден од страна на членови на Кју Клукс Кланот.

Слично како работата на Грифин било делото на Пат Мур (Pat Moore) " Маска, вистинита приказна" од 1985 година. Таа била студентка на

геронтологија која сакала подобро да го разбере значењето на постариот граѓанин во општеството. Мур се маскирала во стара баба, ставила бела перика и си го поматила видот со тоа што втрила бебешко улје врз нејзините очи. Патувала низ САД и Канада и правела свои екскурзии во светот на повозрасните. Иако во воведот на нејзиното дело било истакнато дека таа не била социјален работник, многу научници сметаат дека нејзиниот придонес во социјалната работа го тврди спротивното. Нејзиниот проект станал одличен пример за тоа како зградите, возилата и сообраќајната инфраструктура ги исклучувале потребите на постарите граѓани на општеството. Таа исто така илустрилала како работењето на социјалниот прогрес може да оди рака под рака со интересот за бизнис.

Грифин и Мур работеле во Соединетите Американски Држави и нивната работа не е толку позната во Европа, но истиот пристап кои тие го имале, станал многу познат во Европа преку работата на германскиот новинар Гантер Валраф (Gunther Wallraff). Околу истиот период кога работела Мур, Валраф се маскирал себеси во турски имигрант. Тој така преправен работел во повеќе компании меѓу кои и германската фабрика за челик и Мекдоналдс. Неговата книга " Пониско од ниското", била преведена на многу јазици и имала големо влијание за социјалната работа затоа што ја илустрирала експлоатацијата која била вршена врз работниците кои биле имигранти, како и дневната доза на расизам која тие ја добивале од страна на германците.

Сите овие луѓе се одлични примери за тоа како се вршат квалитативни истражувања и техники на играње на улоги, а се за да се истакнат ситуации на социјална неправда. Ваквите пристапи не се практикувале само во минатото, туку сеуште се користат и во денешницата. Неколку примери ги вклучуваат: британската новинарка Поли Тојнби (Polly Toynbee), која работела како ниско квалификуван работник и своите искуства ги објавила во книгата "Тешка Работа" во 2003 година; американската писателка Барбара Ехренреш (Barbara Ehrenreich), која го направила истото и ја објавила книгата "Сиромашна и слаба" во 2002 година; и француската новинарка Флоренс

Обенас (Florence Aubenas) која живеела во сиромашна населба блиску до францускиот град Кан, како ниско квалификувана, немажена жена.

Сите три примери на квалитативни истражувања, кои биле спроведени од овие жени, илустрираат дека животот на дното во општеството воопшто не е лесен. Ако три жени кои биле со големо животно искуство, не успеале да останат надвор од границите на сиромаштијата, тогаш како може некој што е вистински во таква ситуација да успее? Нивните истражувања покажуваат дека општествата сеуште не успеале да изградат скалила кои ќе ги спасат луѓето од сиромаштија.

### 1.9. Групи за самопомош (1935 година)

Роберт Холбрук Смит (Robert Holbrook Smith) дипломирал како доктор на медицина на 21 годишна возраст на колеџот во Њу Хемпшир. Потоа тој се запишал на специјализација на медицинскиот факултет во Чикаго, но наскоро започнал да пие алкохол во големи количини. Тој увидел дека пиењето на алкохол почнало да се вмешува во неговата работа како доктор и затоа решил да направи промена, па се преселил во Акрон, Охајо. Таму се вработил како хирург и се оженил. За жал зависноста од алкохол не успеал да ја победи и наскоро не се ни осудувал да оперира пациент, без предходно да се напие неколку чаши алкохол. Во 1935 година се запознал со Бил Вилсон (Bill Wilson), бизнисмен од Њу Јорк, кој се соочувал со истиот проблем со многу години, но сепак успевал да ја победи својата зависност. Вилсон и Холбрук веднаш се спријателиле и со Вилсон како сведок, Холбрук ја испил последната чаша алкохол на 10ти јуни 1935 година. Оваа случка е општо прифатена како официјалниот старт на групите за самопомош - анонимни алкохоличари (АА). Холбрук и Вилсон биле убедени дека алкохолизмот може да се победи само со взаемна помош меѓу алкохоличари и тоа ако луѓето ја воделе таа борба анонимно.

Најпрво тие создале група за самопомош во Акрон, по што Вилсон се вратил во Њу Јорк и таму основал уште една група. Името- анонимни алкохоличари се појавило по книгата со наслов "Анонимни алкохоличари, приказна за опоравувањето на сто мажи од алкохолизам", објавена во 1939 година. Таа книга во групите за самопомош била позната како "Големата книга". Во 1941 година, АА добила значителна помош кога новинарот Џек Александар (Jack Alexander) објавил статија во која ја објаснил целта на оваа анонимна група за самопомош, со што АА станала позната за јавноста.

АА била во минатото и сеуште е најпознатата група за самопомош, но никако не е единствената. Наскоро, по појавувањето на АА, се појавило движење на неформална грижа со што никнале многу различни групи за самопомош[30]. Тие биле организирани на локално ниво и биле наречени "куќи за чистење". Во тие групи се обработувале теми поврзани со здравје, ментално здравје и социјални проблеми. Индиректно, а понекогаш и директно, овие групи преставувале критика за професионализмот на социјалните работници и затоа биле поврзувани со ставовите на Иван Илич (Ivan Ilic) (*Онеспособувачки професии*, 1977).

Групите за самопомош добиле огромна поддршка од страна на Светската Здравствена Организација во 1978 година, преку проектот "Здравје за сите до 2000 година". Исто така, биле спроведени социјални истражувања со помош на чии публикации се давало поддршка на групите за самопомош. Како примери за тие истражувања може да се спомнат *Силата е во нас*, (Katz, 1976) и *Самопомош во сервисите за луѓето*, (Gartner, 1977).

## 1.10. Архитектот на социјалната држава - Беверицџ (1942 година)

Социјалната работа во западна Европа се води во контекстот на социјалната држава чие потекло може да се увиди преку работата на Вилијам Хенри Беверицџ (Wiliam Henry Beveridge) за време на Втората Светска Војна.

Бевериџ е роден 1879 година во Индија, во тоа време дел од Британското Кралство. Тој студирал на Универзитетот во Оксфорд и бил фасциниран од раните форми на социјалното осигурување. Во почетокот на 20 век неговите размислувања веќе имале влијание врз развојот на планот за национално осигурување и социјалната политика која се водела за да се искорени сиромаштијата во Велика Британија.

Неговата работа била под големо влијание на Фабијанското општество[31], кое исто така ја почитувало неговата работа и му го доверила директорското место во Лондонското училиште за економија.

За време на Втората Светска Војна, министерот за здравство во Велика Британија, воспоставил комисија за истражување на социјалните сервиси и бенефиции, а Бевериџ бил поканет како председавач. Како резултат на тоа истражување била објавена публикацијата "Социјално осигурување и здружени социјални сервиси", која што станала позната како "Извештајот на Бевериџ". Потоа во 1944 година била објавена публикацијата "Вработување во слободно општество" која имала големо влијание врз социјалната работа во Велика Британија[32].

Бевериџ ги означил главните предизвици на социјалната политика како "пет гиганти": нечистотија, незнаење, потреби, безделничење и болести. Едно од решенијата за овие предизвици било воведувањето на социјалното осигурување, но од подеднакво значење било и воведувањето на едукации, здравствена заштита, сместувања и агенции за вработување. Бевериџ тврдел дека државата мора да има централна улога во обезбедувањето на потребните ресурси за добросостојбата на луѓето. Секој граѓанин да допринесува во универзалниот систем преку плаќање на националното осигурување, а ратите биле одредени според примањата на секој човек.

Во 1945 година владата на Велика Британија, поддржувајќи го концептот на Бевериџ, објавила дека ќе гради социјална држава базирана на солидарност и навремени примања и давачки. Ова резултирало кон основањето на Националниот сервис за здравство. Важноста на пристапот на Бевериџ не бил увиден само во Велика Британија. Многу политичари кои го

посетиле Лондон за време на Втората Светска Војна, биле запознаени со извештаите на Бевериџ и по завршетокот на војната ги примениле неговите идеи, во своите држави. Може да се каже дека Бевериџ бил архитектот на моделите за модерната социјална држава ширум светот.

### 1.11. Важноста на емпатијата (1951 година)

Карл Роџерс (Carl Rogers) (1902-1987) се смета за основоположникот на раните форми на хуманистичката психологија и терапија на личност. Неговиот пристап бил многу едноставен: да се придаде важност на вредностите кои ги поседуваат луѓето затоа што тие се основата за пронаоѓање на нивниот вистински идентитет како функционални индивидуи. Роџерс бил еден од првите психолози кој терминот пациент го заменил со терминот клиент, а со тоа ја поставил основата на различни недиректни техники базирани на рефлективно слушање познати како "огледување".

Хуманистичката психологија, која била развивана од страна на големи научници како Абрахам Маслов (Abraham Maslow) и Роналд Ленг (Ronald Leing), имала влијание на моделите на психотерапијата, развојот на децата и падагогијата. Работата на Роџерс и Маслов помогнала во градењето на т.н. "добар живот" во движењето за развојот на човекот.

Гледиштата на Роџерс поврзани со хуманистичката психологија, биле предвесник на културните и радикалните движења од шеесетите и седумдесетите години, кога многу граѓани почнале да си ги бараат своите човекови права од авторитетите. Во 1974 година Маслов ја нарекол својата работа "револуционерна". Сета таа оптимистичка еуфорија поврзана со гледиштата на Роџерс траела до крајот на седумдесетите години кога историчарот Кристофер Лаш (Cristopher Lasch) поставил неколку неповолности за преголемото акцентирање на личниот раст и развој на индивидуите. Во неговата книга "Културата на нарцисоизмот" од 1979

година, тој ја критикувал хуманистичката психологија, бидејки сметал дека таа ги поттикнувала луѓето да се величат себеси за сметка на добрината на другите.

Роџерс својот пристап го формулирал уште пред шеесетите години, откако ја завршил обуката за психолог. Тој ги развил своите идеи и апликации, со што ја дистанцирал својата работа од традиционалната психоанализа. Во 1940 година станал професор и започнал да развива теории кои денес се познати како хуманистичка пракса центрирана на личноста. Роџерс објавил повеќе дела на оваа тема, од кои поважни се: *Терапија центрирана на клиентот, практика, импликации и теорија* (1951) и *Психотерапија и промена на карактерот* (1954).

Ставот на Карл Роџерс бил дека луѓето ги доживуваат своите животи субјективно и развиваат смисла за себеси преку процеси на самоевалуација, фидбек и рефлексија[33]. Успешна самореализација може да се постигне само преку постепено утврдување на кохерентна слика за себеси и својот идентитет. Роџерс сметал дека индивидуите имаат силна потреба за позитивен фидбек, особено во младоста, но исто така и во понатамошниот живот. За една личност да се развие како потполно функционална единка, тој фидбек мора да биде базиран на безусловно позитивно почитување, во спротивно, луѓето може да развијат одбрамбени механизми, како и штетни, а понекогаш и патолошки карактерни стратегии. Ако се случи такво нешто, терапијата центрирана кон личноста може да понуди решение, но за тоа решение да биде делотворно Роџерс сметал дека терапевтот мора да ги прифати трите главни принципи:

- Терапевтот треба да го охрабри клиентот да постигне совпаѓање помеѓу вистинкото "себе" и идеалното "себе";
- Терапевтот треба да го научи клиентот да демонстрира безусловно позитивно почитување кон другите;
- Терапевтот треба да го поттикне клиентот да покаже емпатија за ситуацијата во која се наоѓаат другите, како и емпатија за нивните чувства;

### 1.12. Институционализам (1961 година)

Ирвинг Гофман (Erving Goffman) (1922-1982) за затворите, сместувалиштата и војничките логори тврдел дека се многу слични и ги нарекол тотални институции. Тој објавил повеќе книги, но најзначајна за социјалната работа е книгата "Заточеништво, есеи за социјалната ситуација на душевното болни пациенти и други затвореници" од 1961 година. Клучната порака во книгата се состоела во ковањето на концептот за тоталните институции. Гофман пишувал дека нормално е, за сите луѓе, да спијат, да одат на работа и да го организираат слободното време како што им одговара, но во тоталните институции луѓето 24 часа, 7 дена во неделата живеат во еден затворен простор. Како примери за тотални институции тој ги наведува: сместувалиштата, затворите, психијатриските болници, војничките логори и манастирите. Често, постои физичката бариера помеѓу тоталните институции и надворешниот свет, како на пример, високи ѕидови или жичени огради. Во секоја тотална институција има јасна разлика помеѓу жителите на истата и персоналот, а таа е дека вторите, по завршетокот на работните часови, си одат дома.

Гофман посебно бил заинтересиран да опише како жителите ги доживуваат тоталните институции. Тој една година работел тајно во една тотална институција, избегнувајки контакти со песоналот затоа што само директорот знаел дека тој е всушност истражувач. Неговата студија била признаена како одличен пример за квалитативно истражување. Базирано врз неговите набљудувања во текот на таа година, Гофман опишал како тоталната институција го обликува новиот жител и го дисциплинира за да може да ги следи ритамот и правилата во заточеништво. Тој ова го етикетирал како понижување со што идентитетот на човекот, како и конекциите со надворешниот свет полека се одземаат и се редефинираат од страна на тоталните институции.

Анализите на Гофман станале многу популарни, не само преку неговите публикации, туку и преку филмот "Лет над кукавичкото гнездо", кој допринел гледачот да створи аверзија кон тоталните институции во социјалната област, но изненадувачки не, кон тоталните институции во областа на правосудството.

Работата на Гофман, заедно со движењата на анти-психијатрија во Италија, допринеле за развивањето на бранот на деинституционализација[34]. Многу институции за долгорочно лекување и грижење, биле заменети со краткорочни сместувања и ако е возможно, грижа и лекување во самата заедница. Сепак постои и критика на деинституционализацијата, според која се смета дека луѓето кои се отпуштаат од установите без прикладна поддршка (од страна на семејството или заедницата) допринесуваат за зголемување на стапката на криминалот и бездомништвото.

## 1.13. Бирократија на улиците и моќта на разумноста (1969 година)

Неколку концепти се појавуваат во дискусиите и научната работа во социјалната работа меѓу кои и бирократијата на улиците и моќта на разумноста, а Мајкл Липски (Michael Lipsky) бил научникот кој ги вовел истите. Тој заедно со неколку политиколози се трудел да го одговори прашањето: како да се квантифицира влијанието на владата врз граѓаните, затоа што во тоа време слабо се имплементирале политичките одлуки. Таа своја загриженост ја опишал во публикацијата од 1973 година "Имплементација: како големите очекувања од Вашингтон, во Оукленд донесуваат разочарувања". Работата на Липски во оваа област била проследена со презентација која била одржана на годишната конференција на асоцијацијата на политички науки во 1969 година во Њу Јорк. Во неговата презентација се состоеле двата клучни концепти на неговата работа, кои ќе станат познати ширум светот по публикацијата на неговата книга од 1980

година "Бирократија на улиците, дилемите на индивидуите за јавните сервиси".

Липски го вовел терминот *бирократија на улиците* кој се однесувал на сите службени лица од владата кои секојдневно имаат контакти со граѓаните и влијаат врз нивните животи. Во неговата оригинална студија, тој се фокусирал на членовите на полицијата, наставниците и судиите, но подоцна студијата ја проширил за да ги вклучи и социјалните работници. Тој сметал дека тоа се тие профили кој влијаат врз мислењето што ќе го имаат граѓаните за владата или, како што кажале двајца холандски научници, тие се бизнис картички на владата. Според Липски политиката може да се пишува од страна на високи структури во владата, но таа станува реалност преку работата на бирократите на улиците кои политиката ја претвораат во акција. Една од карактеристиките на бирократите на улиците е тоа дека тие имаат високо ниво на автономност и сами можат да решат за деталите на нивната работа. Затоа Липски го вовел и терминот моќ на расудување, за кој сметал дека бирократите на улиците го поседуваат.

Многумина биле инспирирани од работата на Липски и ги применувале неговите концепти во нивната пракса со што социјалната работа се здобила со многу материјали во кои се споменува неговото име.

Во поскоро време Тони Еванс (Tony Evans) го истражувал развојот на бирократијата на улиците во социјалната работа во Велика Британија и влијанието на новиот јавен менаџмент врз граѓаните. Спротивно од набљудувањата на Липски во Соединетите Американски Држави, Еванс увидел дека локалните менаџери делеле една професионална култура и работеле во партнерства за да ја одбранат моќта на расудувањето и професионалните вредности[35]. Тој исто така тврдел дека технологијата на информациите во социјалната работа е иста како и во другите стратешки менаџменти: ограничена во нејзиниот капацитет да ја задржи дискрецијата.

## 1.14. Педагогија на угнетените (1970 година)

Клучните идеи на Паоло Фрер (Paulo Freire) (1921-1997) се најдобро објаснети во неговата книга "Педагогија на угнетените" од 1968 година, која била преведена на повеќе јазици и претставувала инспирација за социјалните работници низ цел свет. Фрер бил посветен на тоа да им се даде глас на сиромашните, а неговите идеи за едукација биле наменети за сиромашните луѓе да станат политички свесни. Неговите методи, критички дијалози и подигнување на свеста, не биле ценети само во неговата држава (Бразил), туку биле употребувани од цела една генерација на социјални работници кои делувале во сиромашни населби и во богати држави и во сиромашни држави.

Фрер ги развивал своите идеи во текот на неговата кариера, како професор по Португалски јазик во средните училишта, а подоцна бил назначен за директор на Одделот за едукација и култура во социјалните сервиси, во Бразил. Тогаш започнал да работи со неписмени, сиромашни луѓе, а неговата работа била толку импресивна што му било понудено директорското место на Националната програма за описменување. Во Април 1964 година, тој се преселил во Чиле и работел за Обединетите Нации, а потоа, во 1969 година добил професорско место на Харвардскиот Универзитет.

Фрер имал критички став кон традиционалните, формални модели на едукација, за кои тврдел дека резултатот кога, професорот зборува а студентот слуша, води кон дехуманизација на двајцата. Неговите анализи за традиционалната едукација се слични со критиките развиени од Иван Илич во книгата *Неучилишно Општество* (1971).

Фрер тврдел дека едукацијата никогаш не смее да биде неутрална. Таа или е инструмент за ослободување на луѓето, или се употребува за доминација над истите. За да се избегне да стане алатка за угнетување, едукацијата треба да вклучи нова релација помеѓу професорите и студентите. Разликата не се наоѓа во наставната програма или во ентузијазмот на

професорот, туку во педагошкиот пристап[36]. Фрер ги убедувал своите колеги да употребуваат и објаснуваат политички термини, кои ги означил како "генеративни" затоа што тие секогаш предизвикувале и започнувале дискусии.

Главниот концепт во пристапот на Фрер е "свесност", начинот на кој индивидуите и заедниците развиваат критички став за нивната социјална реалност, преку рефлекција и акција. Тука веќе не зборувал само за техничките способности како читање и пишување, туку и за крајот на културата на тишината. Тој го создал терминот "археологија на свесноста" и означил три различни нивоа за политичка свесност: маѓична свест, наивна свест и критичка свест. Улога на едукаторот е да создаде процес на дијалог и ослободување кој ќе им овозможи на граѓаните да го достигнат нивото на критичка свест. Од ова може да се види поврзаноста помеѓу работата на Фрер и централниот концепт во социјалната работа: зајакнувањето.

## 1.15. Таткото на професионалниот сомнеж (1973 година)

Во почетокот на 1973 година, Џоел Фишер (Joel Fischer) објавил труд "Социјална работа, весник на Американската Национална Асоцијација на социјални работници". Следејки ја професионализацијата на социјалната работа и воведувањето на високо образование во социјалната работа, преку работата на Мери Ричмонд, Фишер се запрашал дали постоеле индикации за ефективноста на социјалната работа со случај и дали целите биле постигнувани.

На големо изненадување, истражувањето покажало дека социјалната работа со случај не била многу ефективна и дека на околу 50% од клиентите им било полошо по третманот, отколку претходно. Земајки го тоа во предвид, Фишер тврдел дека социјалната работа не смее да се задоволува

само со добрите намери кои ги има, туку критички треба да гледа на ефектите од нејзините акции,"Прашањето за ефективноста на праксата, мора секогаш да биде главна грижа на професијата и не смее да се тргне на страна".

Статијата на Џоел Фишер предизвикала дебати во следните изданија во социјалната работа, како и во други научни весници. Статијата и дебатата која произлегла од неа може да бидат означени како почетокот на професионалниот сомнеж. Не се мисли на сомнеж во цинична смисла, туку здрава основа за проучување на нечија работа и надгледување на ефектите од социјалните интервенции со цел да се овозможи континуирани подобрувања.

Фишер не се задржал во истражувањето за ефективноста на социјалната работа, но во декадите по 1973 година тој објавил неколку упатства како да се поврзе науката со социјалната работа. Неговото дело "Евалуација на праксата", кое го напичал заедно со Џон Орме (John Orme), го достигнало шестиот тираж во 2009 година. Во делото се зборува за употребување на единечен систем за евалуација на праксата во социјалната работа. Фишер поседувал заразен ентузијазам и оптимизам за приближувањето на науката до социјалната работа[37]. Тој во 1993 година напишал: "До 2000 година, емпирички основаната пракса - новата социјална работа, може да станат правило. Може да се каже дека научно базираната социјална работа, сеуште не е правило, но прашањата зошто и како, доминираат во огромен број на дискусии во рамките на професијата".

Професионалниот сомнеж, како движечката сила зад иновациите, се здобил со многу внимание, а социјалната работа ги следела стапките на медицината и сега инвестира во пракса основана врз докази. Многу е напишано на оваа тема, а организациите како "Институтот за социјална грижа" и "Колаборацијата Кемпбел", прават огромен придонес за научните потфати на социјалната работа.

## 1.16. Фундаментални принципи на инвалидитетот (1975 година)

Во минатото, граѓаните со специјални потреби, немале свое место во општеството, или ги оставале сами на себе, или биле убивани веднаш по нивното раѓање. Во античкото Римско општество, законски било одредено, да се елиминираат сите бебиња со некакви недостатоци. Аристотел пишувал дека глувите луѓе не можеле да мислат, затоа што не можеле да зборуваат. Немало прогрес на оваа тема ни во средниот век. Во 16 век, луѓето кои имале когнитивни пореметувања ги нарекувале massa carnis, "куп месо". Децата кои имале пореметувања ги споредувале со деца на ѓаволот, кој своите деформирани деца, ги менувал со човечки.

Во 18 век, песмимизмот поврзан со луѓето со специјални потреби почнал да се менува. Францускиот писател Денис Дидеро (Denis Diderot) (1713-1784) пишувал писма за можностите и способностите на глувите и слепите луѓе. Абе Чарлс Мајкл дел Епе (Abbe Charles-Michel de'l Epee) го основал првото училиште за глуви деца во 1760 година, во кое биле употребувани дрвени броеви и букви. Валентин Хау (Valentin Hauy) (1745-1822) покажал дека слепите деца можат да комуницираат, како и тоа дека, да се биде слеп не е исто со тоа да се биде глупав. Подоцна се појавиле и други иницијативи кои обележале транзиција кон педагошки оптимизам, докажувајки се што децата со специјални потреби можат да научат и да постигнат.

Значителен развиток во мислењата за инвалидитетот, имало во шеесетите и седумдесетите години на 20 век, кои кулминирале со публикацијата "Британски фундаментални принципи на инвалидитет", од 1975 година. Во овој документ, експлицитно се објавува дека општеството е тоа кое ги хендикепира физички попречените лица, и во исто време дава суптилна, но круцијална дистинкција помеѓу зборовите *попреченост* (функција на телото која не работи како што се очекува) и *хендикепираност* (тешкотиите предизвикани од страна на општеството кон личноста со попреченост).

Мајкл Оливер (Michael Oliver) бил човекот кој градел теорија базирана врз овие развитоци, при што го создал терминот *социјален модел*, за да се прави разлика од медицинскиот модел. Во социјалниот модел, помошта се фокусира на општеството и пристапноста. Дали некоја личност има физичка попреченост или не, зависи од здравствената грижа или лошата среќа, но ако физичката попреченост и оневозможува на личноста да партиципира (да оди во училиште, да се вози со воз,...), тоа е веќе до општеството. Ова довело да се направи *универзален пристап и дизајн за сите* и во градбите и во продуктите.

Додатен извор на инспирација за развиток бил принципот на нормализација и тесно поврзаната теорија на Социјална валоризација на улоги. Клучен елемент бил да им се овозможи на луѓето со попречувања "шаблони од условите во секојденвниот живот кои се најблиску до обичната околина и начинот на живот во општеството".

## 1.17. Семејна терапија, екомапи и генограми (1978 година)

Може да се каже дека многу социјални работници низ светот не го познаваат името Ен Хартман (Ann Hartman), но ги познаваат нејзините допринеси во праксата на социјалната работа. Хартман ја започнала својата кариера во 1959 година како социјален работник во Одборот за добросостојба на децата во Охајо. По добивањето на магистерска диплома, таа се преселила во Њу Јорк за да работи во областа на менталното здравје и семејните сервиси. Во 1974 година, откако ја одбранила својата докторска дисертација, започнала да работи како социјален работник, истражувач и едукатор во Универзитетот Мичиген. Потоа, Хартман повторно се инволвирала во социјална работа со семејства, при Училиштето за социјална работа на колеџот Смит во Масачусетс.

Хартман имала два придонеси кон социјалната работа кои и денес имаат влијание во праксата, а и двата биле вметнати во нејзината публикација од 1978 година "Семејствата и општеството, дијаграмски проценки на врските во семејствата".

Нејзиниот прв придонес за социјалната работа биле претставувањето на екомапата и генограмот, како едноставни техники за цртање кои што му овозможуваат на социјалниот работник да ги опишат социјалните и семејните врски помеѓу луѓето. И двете техники може да се употребуваат за проценување, планирање и интервенции, но само од страна на социјален работник и како помошно средство во интервјуирање на клиенти. Хартман ја истакнувала визуелната моќ на алатката, конекциите, темите и квалитетот на семејниот живот отскокнувале од страниците и воделе кон подобра и интегративна перцепција. Овој вид на работа, подоцна бил проширен од страна на други социјални работници, како на пример Моника Мекголдрик (Monica McGoldrick), која ги употребувала генограмите за да ги визуелизира интергенерациските врски во едно семејство и Марк Матани (Mark Mattaini) кој користел графики во клиничката пракса.

Вториот придонес на Хартман во социјалната работа, може да биде означен како еколошка социјална работа која произлегла од екомапата и генограмот. Фокусот на клиничката пракса не смее да биде само врз клиентот, туку да ја вклучува целосната негова социјална мрежа, а една од целите на социјалниот работник е да се ангажира со таа социјална мрежа и да дознае кој се може да му помогне на клиентот кога станува збор за грижа и поддршка. Заради демографските промени во последниве декади, не е изненадување тоа што фокусот кон врските во семејството се проширил и кон други социјални врски, а тоа е така затоа што семејството станува се помалку важно во животите на многу луѓе.

Овој пристап, денес може да го пронајдеме во семејната социјална работа и неодамнешните социјално политички развивања, пр. во Велика Британија и Холандија каде поради огромните намалувања на буџетите во

областа на социјалната работа, се создава доверба за грижа од страна на семејствата и други личности од социјалните мрежи на клиентите.

### 1.18. Социјалната работа во 21 век

Дебатата за природата и функциите на социјалната работа, постои повеќе од четириесет години, а најголемата тешкотија е во одредувањето на функциите кои ги имаат социјалните службеници. Сепак постојат неколку факти кои се прифатени:

- Факт е дека лојалноста на социјалните службеници често е во средината на конфликтните страни
- Факт е дека функција на социјалните службеници е и како помагатели, и како котролори
- Конфликтите помеѓу должностите на социјалните службеници да ги заштитуваат интересите на луѓето со кои работат и општествените барања за ефикасност и корисност
- Фактот дека ресурсите во општеството се ограничени

Иако дебатата сеуште трае, постои согласување за најзначајните вредности на социјалната работа. Во 2004 година Меѓународната федерација на социјални работници, објавила соопштение за принципите на социјалната работа.

"Социјалната работа е базирана врз почитта на вредностите и гордоста на сите луѓе, како и правата кои произлегуваат од истото. Социјалните работници треба да ја поддржуваат и бранат физичката, психолошката, емоционалната и духовната добросостојба на секоја личност, како и нивниот интегритет".

Принципите за човечките права и човечката гордост, биле објавени во соопштението и можат да се резимираат како:

- Право на само-одредување
- Право на партиципирање
- Право да бидат третирани како целосни личности
- Право на секој човек да го оствари својот потенцијал
- Право на фер однесување кон секој

Овие права мораат да бидат огледало на вредностите што социјалните службеници ги применуваат во праксата на професионалната социјална работа:

- Социјалните службеници треба да ги почитуваат и промовираат правата на луѓето да прават свои избори и одлуки, независно од нивните вредности, но само ако тоа не е заканувачки за правата и легитимните интереси на другите луѓе
- Социјалните службеници треба да ја промовираат целосната вклученост и партиципација на луѓето кои ги користат социјалните услуги, на начин на кој им се овозможува зајакнување во сите аспекти кои влијаат врз нивните животи
- Социјалните службеници треба да се грижат за целосната личност, во семејствата, заедниците, општествените и природните околини, и треба да ги препознаат сите аспекти во животот на личноста
- Социјалните службеници треба да се фокусираат кон јаките страни на сите индивидуи, групи и заедници што значи, да го промовираат нивното зајакнување
- Социјалните службеници треба да се борат против негативната дискриминација, да ја препознаат и да ја поддржат различноста, да ги дистрибуираат општествените ресурси еднакво, да се борат против неправедните политики и пракси, како и да работат кон достигнување на инклузивно општество

Во 21 век социјалната работа, својот фокус го пренела кон персонализација на грижата и зајакнувањето на корисниците на социјалните услуги, а под тоа се подразбира:

- Секој да ја има моќта да донесе своја одлука
- Секоја да има пристап до информации и ресурси, како би донел вистинска одлука
- Секој да има опции од кои може да избере за да донесе одлука
- Секој да биде во можност да се докажува во донесувањето на одлуки
- Секој да ужива во позитивното мислење дека може да се направи промена
- Секој да биде во можност да научи вештини за само-подобрување
- Зголемување на позитивната слика за себеси и совладување на дискриминацијата и стигматизацијата

Персонализацијата и зајакнувањето се процеси кои дозволуваат секоја личност да донесува свои одлуки, да се здобие со знаење, вештини и ставови кои се потребни за да се излезе на крај со светот кој постојано се менува и околностите во кои се живее. Земајки го во предвид фактот дека луѓето за кои се наменети персонализацијата и зајакнувањето, често се сиромашни, социјално обесправени или социјално исклучени, предизвиците на социјалната работа се големи, а се однесуваат на барањето и обезбедувањето на нивните идентитети.

Идентитетот на секоја професија е карактеризиран со единствениот опсег на знаења и вештини кои се потребни за да има своја пракса. Во 21 век, социјалната работа е базирана врз своите вредности, како и персонализацијата и зајакнувањето, а понатаму таа мора да пронајде и вештини кои ќе кореспондираат со нејзиниот единствен идентитет.

## 2. Радикалната традиција во социјалната работа

Повеќе од две декади, сознанието дека "не постои алтернатива" за слободниот пазар како основа за организирање на економијата и општеството, довело до тоа да се влијае врз економскиот, политичкиот и академскиот аспект на општеството, т.е. врз социјалниот живот на луѓето. Таквиот фундаментализам на пазарот, или како што подобро се знае, неолиберализам, станал еден вид на здрав разум кој од една страна бил засилуван од теориите за "крајот на историјата", а од друга срана, исто така бил засилуван од постмодерните анализи кои ги отфрлале сите обиди да се разбере "редот на новиот свет".

Социјалната работа, како и другите општествени професии, била под огромно влијание од нападот на неолиберализмот. Специфичните форми на идеите и политиките, ги оформиле сервисите и праксата на социјалната работа, на начин на кој што тие варираат од држава, до држава. На југот, контекстот најчесто бил дел од Програмите за Структурално Регулирање, наметнат од страна на Меѓународниот Монетарен Фонд, кој им наметнал на владите да приватизираат голем дел од јавниот сектор. За разлика од југот, на западот, неолибералната социјална работа главно била резултат од два процеси, маркетизација и менаџеријализам, подджани од теориите на Новиот Јавен Менаџмент.

Доминацијата на неолибералните идеи, политики и пракси, не поминала непредизвикана. На глобално ниво, антикапиталистичкото движење кое што започнало следејки ги протестите против состанокот на Организацијата на Светскиот Пазар во Сиетел 1999 година, барало, преку регионални и глобални социјални форуми, да понуди алтернативен модел на глобализација, базиран врз отфрлувањето на пазарите и милитаризмот. Во социјалната благосостојба и социјалната работа, каде што отпорноста кон неолибералните идеи, вредности и политики, била помала отколку што се

очекувало, сепак постоеле докази од растечката отпорност на начин на кој што овие идеи и политики, ја оддалечиле социјалната работа од своите вредности.

До скоро, отпорот кон неолиберализмот бил попречуван од два фактори. Првиот фактор се однесува на слабостите и ограничувањата на чистата форма на капитализмот, кој неолиберализмот ја претставува. Како што забележале Вилкинсон (Wikinson) и Пикет (Pickett) во нивните публикации за ефектите од нееднаквоста, "Либела: Зошто во поеднаквите општества, скоро секогаш е подобро", повеќе декади, прогресивните политики биле сериозно ослабени од губитокот на концептот за подобро општество. Како резултат на тоа започнале демонстрации на кои се извикувало "Уништете го капитализмот и заменете го со нешто поубаво".

Вториот фактор се однесува на својството на неолибералната форма на капитализмот за неограничена експанзија и способноста да ги совлада тенденциите на кризи во класичниот капитализам, кои биле увидени пред 150 години од страна на Маркс. Според добитникот на нобелова награда, Роберт Лукас (Robert Lucas), централниот проблем за превенција на депресијата бил решен за сите практични цели. Сепак, секоја критика против неолибералната глобализација може да биде одговорена со "тоа функционира", барем за еден дел од светската популација.

Во 2007 година, започнала криза во САД, која довела до расплетување на целосниот глобален финансиски систем, пропаѓањето на некои од најголемите банки во светот и развитокот на најголемата капиталистичка криза, слична на таа од 1930 година. Додека различни автори нудат алтернативни објаснувања за коренот на кризата, не можат да се избегнат последиците кои најмногу ќе бидат почувствувани од сиромашните и ранливите групи во општеството. Директно преку последиците од зголемувањето на невработеноста, одземањето на домовите, намалувањето на услугите на сервисите, а индиректно преку зголемувањето на расизмот, ксенофобија (омраза кон странци) и др.

На општествено ниво, непобитниот факт за колапсот на неолиберализмот во последниве две декади, води до потребата за алтернативни погледи за "доброто општество", да се создаде што поскоро. Истото важи и за социјалната добросостојба и социјалната работа. Сите кои што биле под влијание од кризата, ќе бидат приморани да побараат поддршка од цела низа на општествени професии, вклучувајки ја и социјалната работа. Меѓутоа формите на практичната социјална работа кои што се развиле во последниве дваесет години се неадекватни во адресирањето на потребите на луѓето и ќе бидат уште помалку спремни да одговорат на уште поголемите потреби кои ќе ги имаат луѓето во иднина. Земајки ја во предвид ваквата ситуација, треба да се погледне кон една традиција во социјалната работа која не се воздржува од адресирањето на ваквите политички и економски реалности и која бара проблемите поврзани со социјалната правда да бидат поставени на прво место: традицијата на радикалната социјална работа.

### 2.1. Сржта на радикалната социјална работа

Радикалната социјална работа, како модел и пристап во социјалната работа, се појавила во 1970 година во Велика Британија, Канада и Австралија. Причините за нејзиното појавување во тоа време и на тие места, како и специфичните форми кои ги завземала, ќе бидат објаснети во следниот дел. Уште од најраните почетоци, во социјалната работа се појавиле идеолошки конфликти и дебати во општеството кои се однесувале на корените на социјалните проблеми и најдобрите начини да се решат истите. Покрај доминантните модели на теорија и пракса кои биле прилично конзервативни и реформаторски во содржина, се појавиле повеќе радикални идеи во функцијата на социјалната работа, а тоа може да се види од искуствата на Велика Британија и Соединетите Американски Држави кои во 80тите години биле длабоко погодени од доминацијата на радикално-

конзервативната идеологија. Во двете држави радикалното право усвоило остра позиција против државата на благосостојба, барајки да се приватизираат државните залихи и социјалните издатоци, а се со цел да се укине принципот на владина одговорност за благосостојба.

### *2.1.1. Социјалната работа во Велика Британија (1870-1914)*

Најраната организација за социјална работа во Велика Британија била Општествената Добротворна Организација, која била основана во 1869. Таа ги прикажувала сите предрасуди на средната класа во доцната Викторијанска ера. Според тоа, членовите на оваа организација помалку се грижеле за обраќање на внимание кон факторите кои произведувале сиромаштија и лоши услови за живот, а повеќе се грижеле за ставање крај на "скандалот за недискриминаторско давање на милостиња", за кое тие сметале дека го потценува индивидуалниот карактер и самостојноста. Главната цел на научниот метод за работа на случај, кој тие го развиле, служел за да се прави разлика помеѓу "заслужните" сиромашни луѓе (оние за кои се сметало дека финансиска помош им е потребна, дадена на начин за кој тие сметале дека е соодветен) и "незаслужните" сиромашни луѓе (оние за кои се сметало дека финансиска помош не им е потребна). Согласно со овој многу тежок и субјективен пристап, Општествената Добротворна Организација исто така била против сите мерки на владата кои се чинеле дека го потценуваат индивидуалниот карактер, како на пример: бесплатните оброци во училиштата[38].

Сепак, таквата груба идеологија не поминала без критики. Идеите и практиките на Општествената Добротворна Организација добиле отпор од страна на три извори.

- На првата страна се наоѓале луѓе кои биле членови на организацијата, но кои имале резервиран став за пристапот кој бил користен. Во оваа

група на луѓе спаѓала и МодРојден (Maude Royden) која била волонтер во Централната организација за помош во Ливерпул. Организацијата во Ливерпул делела многу слични идеи со организацијата која била основана во Лондон. ИакоРојден доаѓала од богато семејство, таа се борела со филозофијата и праксата на организацијата. Иако е тешко да се одреди степенот на незадоволството од идеологијата на Општествената Добротворна Организација, факт е дека причината за воведување на тренингот за професионалната социјална работа, рано во 1900 години, била за да се спречи контаминацијата од страна на пријателските посетители, со тие со кои што работеле (во смисла да не бидат премногу пријателски настоени).

- Позначаен предизвик за Општествената Добротворна Организација претставувало движењето на сетлементите, кое што се сметало за втор поголем извор на современата социјална работа и во Велика Британија и во САД. Главната цел на движењето на сетлементите била да се промовира социјална хармонија преку активно граѓанство, а тоа се постигнало со убедувањето на младите од едуцираната средна класа, да поминат време живеејки и работејки меѓу сиромашните луѓе, во исто време унапредувајки социјални реформи. Во 1880 години, во Велика Британија со порастот на невработеноста се дошло до сознание дека поважно е да се добие помош од државата отколку "научна филантропија", која била практикувана од страна на Општествената Добротворна Организација, за да се елиминира сиромаштијата. Може да се каже дека движењето на сетлементите било повеќе хуманистичко, а помалку тешко, за разлика од тоа на Општествената Добротворна Организација и често било сметано за претходник на пристапите за развој на заедниците[39].
- Третиот извор на спротиставување кон идеите и пристапите на Општествената Добротворна Организација доаѓал од социјалистичките и феминистичките активисти чии грижи се однесувале на непосредното подобрување на неволјите на

сиромашните луѓе и предвидувале широки структурни и економски промени. Во таа смисла активистите често биле политички ориентирани, но едвај колку Општествената добротворна Организација чии членови ја опишале теоријата и праксата на работата со случај како "антитеза на мноштво социјалистички мерки кои докажуваат дека во работата сеуште може да се види многу индивидуализам[40]".

Активистите правеле мала разлика помеѓу нивната политичка агитација и нивните активности во социјалната работа. Овие активности вклучувале отворање на ресторани каде што имало евтина и здрава храна; отворање на јавни кујни каде што се служело супи за семејствата на работниците во пристаништата кои штрајкувале; создавање на хостели и места за состаноци за сиромашните луѓе каде што им се давало поддршка и помош за индивидуалните проблеми со кои се соочувале; и основање на кооперативни бизниси за правење на фустани за младите девојки. Покрај активностите во заедниците, активистите биле вклучени и во индивидуална работа со случај и застапување.

### *2.1.2. Социјалната работа во Соединетите Американски Држави*

Се претпоставува дека праксата на социјалната работа во САД е конзервативна, ограничено индивидуалистичка и се служи со клинички пристапи кои се изведуваат во приватно опкружување. Иако голем дел од современата пракса на социјалната работа ја завзема оваа форма, тоа не е сосем точно. Не само што таквиот опис не успева да ги адресира активностите на социјалните работници во јавниот сектор, туку исто така ја игнорира богатата традиција за организиеање на заедниците, која ја започнала Велика Британија, а базирана врз идеите на радикалниот автор и

активист Саул Алински (Saul Alinski) (1971). Освен тоа, како што покажале Реиш (Reisch) и Ендруз (Andrews) во нивната студија *Патот по кој не се тргнало: Историја на радикалната социјална работа во САД* (2002), во поединечни места од последниве 100 години, радикалните идеи извршиле важно влијание врз едукацијата во социјалната работа и праксата во социјалната работа, иако често соочувајки се со спротивставувања од страна на државата, како и спротивставувања од страна на колеги и организации кои биле приврзаници на матичната (традиционална) социјална работа. Како пример за тоа може да се наведе движењето на сетлементите во периодот пред Првата Светска Војна.

Додека инспирацијата за почетокот на движењето на сетлементите во Велика Британија доаѓала од британското искуство во праксата, сетлементите во САД, вклучувајки го и најпознатиот Hull House во Чикаго, се развиле во порадикална насока од првите. Тие развиле еден напреден едукативен систем и не само што се грижеле за помагање на имигрантите да се интегрираат подобро во Американското општество, но исто така им помагале да се соочат со експлоататорите и системите кои ја злоупотребувале работната сила на децата. Според Реиш и Ендруз, сетлементите биле набљудувани со сомнеж од страна на социјалните работници кои биле приврзаници на традиционалната социјална работа, вклучувајки ги и Американските членови на Општествената Добротворна Организација. Овој сомнеж бил присутен затоа што социјалните работници не биле ангажирани во социјалните сервиси, во традиционална смисла. Доцна во 20 век, поборниците за теоријата и праксата на зајакнување, радикалните социјални работници, не работеле **за** нивните клиенти, туку **со** нив. Тие ги препознавале силите на групите со низок доход и потенцијалот кој го поседувале за да постигнат заеднички интереси и заеднички цели, а тоа претставувало закана за традиционалниот дизајн за милосрдие[41].

## 2.2. Појавувањето на радикалната социјална работа (1970 година)

Може да се каже дека социјалната работа отсекогаш содржела радикален потенцијал кој се манифестирал во различни периоди од времето, но во 1970 година, за прв пат се појавила радикалната социјална работа како посебен пристап во праксата на социјалната работа. Во следниот дел ќе се објаснат причините зошто оваа новоформирана теорија и пракса се појавила токму во тоа време; клучните елементи на радикалната социјална работа; формите кои ги завземала во праксата; и самото пропаѓање на радикалната социјална работа во раните 80ти години.

### *2.2.1. Искуството од 60тите години*

Неколку фактори допринеле за развитокот на радикалните форми во праксата на социјалната работа во доцните 60ти години и раните 70ти години. Во Велика Британија тие фактори го вклучувале: реоткривањето на сиромаштијата, во средината на 1960 години; реорганизирањето на сервисите на социјалната работа кој биле базирани врз новите законодавства на Шкотска и Англија, кои што довеле до креирањето на огромни генерички тимови и им давале на работниците посилно чувство за нивната колективна моќ и професионален идентитет; и појавувањето на влијателни студии за ставовите на корисниците кон сервисите. Највлијателна од овие студии била таа на Мајер (Mayer) и Тим (Timm), *Клиентот зборува: Импресиите на работничката класа за работата на случај* (1970), која била високо критична кон тогаш доминантните психолошки пристапи и нивниот неуспех да ги адресираат проблемите поврзани со материјалната сиромаштија.

Сепак, фактот дека движењата на радикалната социјална работа, во исто време се појавиле и во Канада, Австралија и во помала мерка, во

Соединетите Американски Држави, предлага дека поглобални сили биле исто така вклучени. Меѓу тие, може да се спомне крајот на "долгата експлозија" (периодот на долготрајниот глобален развој по Втората Светска Војна), која довела до повторното појавување на економска криза, во многу делови на светот, како и растечко глобално движење против долгата војна на Америка и Виетнам. Овие фактори придонеле кон создавањето на најрадикалната декада во историјата на светот, од годините по Првата Светска Војна. Периодите помеѓу средината на 1960 и средината на 1970 години, сведочеле на појавата на многу социјални движења. Овие движења меѓусебно се инспирирале и потхранувале со помош на влијанието кое го имала телевизијата[42]. На тој начин, движењето за граѓански права на црното население во Велика Британија, било следено од движењето за правата на жените; фронтот за правата на хомосексуалците го добил името од фронтот за национално ослободување во Виетнам итн. Овие движења биле поврзани со појавата на глобалните движења на студентите, каде што студентите играле важна улога во Прашката Пролет[43] од 1968 година во Чехословачка, како и во повторното распалување на движењето на француските работници, во Мај истата година, што довело до најголемиот генерален штрајк во историјата.

### *2.2.2. Радикализацијата на социјалната работа*

Социјалната работа длабоко ги почувствувала глобалните потресувања, особено во државите кои се споменати погоре. На идеолошко ниво, растечката популарност на социологијата како академска дисциплина, значело дека идните социјални работници често биле изложувани на нови и радикални идеи поврзани со семејството, менталните заболувања и социјално изградената природа на "девијантноста". На ниво на праксата, препознавањето на фактот дека многу голем дел од проблемите на клиентите

биле вкоренети во материјалните околности и доживувањето на опресија, отколку наводните неспособности на индивидуите и дневните докази за ефективноста на колективната борба, довело до критика за пристапот-работа со случај и поголемо почитување на потенцијалот на работата со групи. Повеќето радикални пристапи кои се појавиле во овој период биле мошне разновидни и се одразувале со широк спектар на идеолошки ставови - социјалистички, феминистички и слободоумност. За социјалистичката критика најмногу се зборувало во колекцијата на статии "Радикална социјална работа", кои биле издадени од академиците во социјалната работа, Рој Бејли (Roy Bailey) и Мајк Брејк (Mike Brake), во 1975 година. Во збирката се адресирале прашања како: потенцијалот на пристапите за развој на заедниците; односите помеѓу социолошките теории и праксата на социјалната работа; и прашањата за правата на хомосексуалците и социјалната работа. Сепак постоело грижа во врска со начинот на кој што доминантните пристапи на работа со случај, ги индивидуализирале и патологизирале клиентите и ги игнорирале структуралните фактори кои ги потпомагале нивните проблеми. Спротивно од тоа, радикалната социјална работа била дефинирана како пристап кој суштински ги разбира ставовите на опресираните, во контекст на социјалните и економските структури во кои што живеат. Други елементи на радикалната социјална работа вклучувале критики за опресивните и контролирачките аспекти на државата на благосостојба; повикот за поинакви односи помеѓу социјалните работници и клиентите, на индивидуално ниво; почитување кон сојузите помеѓу социјалните работници и колективните организации; нагласувањето на колективните пристапи за адресирање на проблемите на клиентите; настојувањето социјалните работници да вклучат во работничките синдикати и да изградат односи и со други групи на работници.

Непобитен факт е дека во 1970 години се покажало многу голем интерес за колективните пристапи во социјалната работа, одразувајки се во зголеменото присвојување на пристапите на работата со групи и работата со заедници, кои се користеле како средства за одговарање на проблемите на

клиентите, како и големата експанзија на работничките синдикати помеѓу социјалните работници. Сепак може да се каже дека, најголемото влијание било врз едукацијата и обучувањето во социјалната работа, каде што учењето за правата на благосостојба и работата во заедниците, станало главен елемент од наставата во многу курсеви за обучување, како и во радикалните и марксистичките текстови како што се "Праксата на социјалната работа под капитализмот" (Кориган) (Corrigan) и Леонард (Leonard) или пак "Заробени во благосостојбата: Социјалната работа преживува" (Симпкин) (Simpkin).

### *2.2.3. Теориски перспективи на радикалната социјална работа*

Поимот "радикален", може да значи било што, што внесува важни промени, но обично се поврзува со политички, радикални идеи, кои што се социјалнистички. Таквите идеи кои потекнуваат од марксистичката политичка филозофија и социологија, се инкорпорирани во бројни политички движења од почетокот на 19 век. Постојат многу конкурентни идеи во внатрешноста на оваа мисловна традиција, кои што се развивале повеќе од еден век, но постојат некои погледи на светот кои што потекнуваат од социјалистичките мисли, а влијаат врз социјалната работа:

- Проблемите повеќе се дефинираат како социјални и структурални отколку индивидуални. Всушност, индивидуалните односи се набљудуваат како производ на општествените односи во капиталистичкото општество.
- Нееднаквоста и неправдата кон одделните групи во општеството потекнуваат од нивните работничко-класни положби. Отстранувањето на нееднаквоста и неправдата е примарен мотивациски фактор за социјалната акција. Главен дел од интересите на социјалистите е анализирањето на неправдата која ги погодува разните групи во

општеството. Тоа довело до развој на перспективи кои што го измениле значењето што им било придавано на општествените класи, во традиционалната радикална мисла. Назначајни биле феминистичките мисли, антидискриминаторните и антиопресивните теории, кои биле фокусирани кон потчинувањето што ги погодувало одделните групи во општеството.

- Кооперативни и заеднички пристапи во општеството преку структурата на еднаквоста, а не нееднаквоста, претставува значајна цел и мотивациски фактор.
- Во фокусот на промените во социјалистичката мисла, се наоѓа политичка акција и широки општествени промени. Затоа што нееднаквоста и неправдата се произведи на општествената структура, разрешувањето на проблемите не може да се постигне во капиталистичкото општество. Само значајна социјална промена може да ги реши проблемите кои потекнуваат од капитализмот, а тоа значи револуција во општествената и политичката мисла.
- Идеата *praxisa*, значи дека теориите мора да се применат во пракса, така што праксата ќе ја изразува и преправа теоријата[44].

Од претходното може да се види дека социјалистичките теории издвоиле некои аспекти кои покажуваат од каде потекнуваат интерпретациите на социјалната работа за радикалната теорија.

### *2.2.4. Структурална социјална работа*

Мулали (Mullaly) (1993), поаѓал од ставот дека државата на благосостојба и социјалната работа се во криза. Тој сметал дека тоа е така затоа што социјалната работа пропуштила да ја разјасни својата идеологија како би стекнала јасна парадигма за потцртување на сите видови на пракса.

Поимот "парадигма" имплицира збир на прифатени контексти за теорија која обезбедува основа за разбирање и со помош на концепти, овозможува практична смисла. Мулали го спротивставува конвенционалното гледиште на социјалната работа, кое што прифаќа, учествува во реформите и бара реформи во постоечкиот општествен систем, со прогресивни гледишта кои треба да бидат основа на радикалната социјална работа. Прогресивните погледи го вклучуваат следново:

- приврзаност кон хуманизмот, заедништвото и еднаквоста;
- економско уверение кое ја фаворизира интервенцијата на владата, дава предност на социјалните, над економските цели и бара подеднаква распределба на општествените ресурси;
- политичка верба во партиципативната демократија;
- гледање на социјалната заштита, како на инструмент за промовирање на еднаквост, солидарност и заедништво;
- барање на социјална благосостојба во државата или структурален модел на пракса;
- барање на социјална работа која луѓето ќе ги третира со уважување, ќе го зајакнува достоинството и интегритетот, ќе им овозможува на клиентите да се самоодредуваат, да ги прифаќаат разликите и да ја промовираат социјалната правда;

Мулали ги споредува овие карактеристики со четири парадигми на политичката социјална мисла, која би можела да ја оформи основата на социјалната работа:

- *Неоконзервативизам* ја гледа заштитата со резидуална улога во тековниот општествен систем;
- *Либерализам* има индивидуалистички поглед кон заштитата;
- *Социјална демократија* бара патиципативен (во кој сите ќе учествуваат) и хуманистички општествен систем;

- *Марксизам* поседува класна анализа која бара планирана економија која ќе се темели врз колективниот труд на секој;

Мулали смета дека прогресивното гледиште на социјалната работа има многу заеднички цели со марксизмот и социјалната демократија. Тој, моделот на социјална работа кој потекнува од оваа анализа, го нарекува "структурална социјална работа". Поимот потекнува од ставот дека социјалните проблеми извираат од либерално-конзервативниот капитализам, а не од поединци. Посебно релевантен недостаток е фактот за инхерентното постоење на нееднаквоста во капиталистичкото општество. Нееднаквоста се изразува преку општествениот систем во кој разликите во класната, расната и половата ориентација им овозможуваат на луѓето кои поседуваат економска и општествена моќ, да дефинираат еден аспект од овие карактеристики на општеството како валиден, а да ги потценуваат оние кои не ги поседуваат овие карактеристики.

Цел на структуралната социјална работа претставува *трансформацијата*. Тоа значи дека таа бара да се смени општеството во кое ова се случува, отколку да се занимава со последиците. Трансформацијата значи поместување на општествените односи кои што се засновани на нееднаквоста и кои се поддржувани од страна на значајни општествени институции, кон општествени односи кои почиваат врз еднаквост со колективна и партиципативна идеологија. Оваа промена има за цел да ги намали последиците од експлоатацијата и да ги промени условите за живот и општествената структура која што ги предизвикува овие последици.

### *2.2.5. Падот на радикалната социјална работа*

Радикалната социјална работа како пристап во праксата и како неформално социјално движење, доживеала пад во раните 1980 години поради две главни причини.

Првата причина била менувањето на сите области од социјалниот и политичкиот живот и изборот на Конзервативната влада, водена од Маргарет Тачер, во Велика Британија и доаѓањето на власт на Републиканската влада, водена од претседателот Роналд Реган, во САД. Според Чарлс Мареј (Charles Murray) социјалната работа станала синоним за политичките идеологии кои биле проблематични во врска со државата на благосостојба и наводниот поттик за "потчинетост". Во таква клима, било предизвик да се одбрани било која форма на социјалната работа, вклучувајки ја и радикалната социјална работа.

Втората причина за падот на радикалните пристапи е доста различна од првата, но сепак поврзана со неа. Поразот на класно-базираните борби на работничките синдикати, во Велика Британија, Франција, Италија и др. довел до широко распространето разочарување за класно-базираните политики. Тоа разочарување завземало различни форми.

Во Франција било изразено преку појавата на *noveaux philosophes*, група на филозофи чие разочарување за неуспехот на борбите да се сруши постоечкиот ред, довело до голем песимизам за можноста да се постигнат радикални социјални промени. Во Велика Британија, САД и други земји каде што се зборува англискиот јазик, нагласокот кој се ставал на класите, значително се заменил со нагласок на опресијата, идентитетот и различноста. Во социјалната работа, радикалното движење од 1970 години било искритикувано за претераното нагласување на класите, за сметка на распонот на опресии, одобено опресијата врз жените и расната опресија. Затоа некои радикали во социјалната работа започнале да ставаат приоритет на прашањата поврзани со расите, половите и инвалидитетот[45]. До некоја

мерка, нивниот успех може да се види од истакнувањето на антиопресивната пракса со новата Диплома во социјалната работа, која била воведена во Велика Британија во 1989 година. Иако ова било голем чекор напред, факт е дека Дипломата направила еден помеханички пристап во едукацијата во социјалната работа, а имајки ги во предвид пристапите базирани на пазарот во државата на благосостојба, се претпоставувало дека инклузијата на антиопресивната пракса претставувала само прикривање на мал дел од радикалните импликации. И покрај тоа, зголемената свесност за опресиите, која што се јавила во социјалната работа во 1990 години (и се одразила на золемената популарност на антидискриминаторните и антиопресивните перспективи) била една од малкуте придобивки од овој период.

### *2.2.6. Критики на радикалната социјална работа*

Радикалната социјална работа имала интересен развој и предизвикала разновидни критики:

- Радикалната социјална работа тежнеела да ги занемарува моменталните потреби на клиентите. Место тоа, таа промовирала облици на колективна акција. Тоа е неморално, невнимателно и непрактично, затоа што не го претставува она за што социјалните служби биле воспоставени да го работат.
- Радикалната теорија е слаба во занимавањето со емоционалните проблеми. Тоа е така затоа што нејзината концентрација е свртена кон материјалните и социјалните проблеми и промовирањето на услуги како што е советување за правата на заштита, а ги занемарува човечките емотивни и лични проблеми на клиентите. Наместо тоа, радикалните гледишта потекнуваат повеќе од теоријата, отколку што претставуваат одговор на проблеми. Радикалната социјална работа

претставува ризик да не успее, спротивно од традиционалната социјална работа.

- Радикалната социјална работа не дава упатство - што да се работи, туку само нуди пристап на разбирање на ситуацијата во која функционираат клиентите и социјалните работници. Тоа се поврзува со гледиштето кое е критикувано во врска со психодинамските теории, но преку примерот на бихејвиоралните теории, се видело дека тоа може да ги забрза одговорите на проблемите на клиентите.
- Собирањето на критички информации во врска со третманите на многу различни групи, идентификувало многу проблеми. Меѓутоа радикалната социјална работа пропуштила да даде соодветен исказ и став во врска со што тоа значи, како и да даде координирано гледиште за применетата акција[46].
- Радикалната социјална работа има ограничен став кон моќта која изедначува со помош на контрола. Тоа прекумерно ги поврзува социјалните работници со потчинувањето и не ги идентификува сложените односи на моќта помеѓу луѓето на личен план. Како што би рекле егзистенцијалистите, дури и виктимизираните клиенти поседуваат дел од моќта[47].
- Иако радикалната социјална работа се заложува за социјални промени, не е возможно во овој процес да се поврзат вклучените групи кои се често во конфликт, а процесот во праксата се води само кон подобрување на постоечките услуги за оние кои се сметани за потчинети.
- Теоријата на радикалната социјална работа не е фокусирана кон религиското потчинување, ниту кон злоупотребата на човековите права, вклучувајки тортура и губење на политичка слобода за изразување на своето мислење, а според тоа и гласање. Причина за ова може да биде фактот што документите потекнуваат од земјите на Западот, каде што овие права се добро втемелени и не е неопходно да се доведе во прашање нивното недостигање. Радикалната теорија може

да биде критикувана за недостаток на смисла за приоритети. Меѓутоа, од една страна традиционалната радикална теорија има предност над современата заинтересираност за нееднаквоста, со тоа што се фокусира кон структуралните нееднаквости, а посебно класните. Современото занимавање со половите, расните и др. разлики, може да се критикува поради сосредоточеноста кон она што за многу луѓе не претставува фундаментално прашање.

- Радикалната социјална работа претендира дека освестувањето ги избегнува проблемите на конвенционалната работа, затоа што нејзината цел не е рабирањето, туку акцијата. Сепак, неувидувањето на проблемите претставува сиромашна пракса на социјалната работа во психолошките модели, а слична сиромашна пракса може да влијае на врската помеѓу увидувањето и акцијата во структуралната теорија на социјалната работа. Овде критиката на лошата пракса во конвенционалната социјална работа, може да се замени со добрата пракса во радикалната социјална работа, со оглед на фактот дека лошата пракса во рамките на било која перспектива би можела да биде исто толку неуспешна. Радикалните теоретичари сметаат дека многу увидувања во психолошките модели на праксата се занимаваат со охрабрување на акции за менување на ставови и постигнување на усогласеност со општествените очекувања во рамките на прифатениот општествен систем. Во радикалната теорија увидувањето се занимава со остварувањето на тековните акции за менување на општествениот систем. Ова би можело да биде поуспешно, благодарејки на можностите за склопување на сојузи и позајмена поддршка. Од друга страна, општествениот систем директно ја поддржува психолошката промена кон посакуваните правци, по пат на увидување.
- Радикалната социјална работа е повеќе идеологија, отколку теорија, односно, таа не дава ниту едно објаснување кое би можело да биде емпириски проверено. Марксистите би одговориле дека нивниот метод на истражување по пат на историска анализа е легитимен облик на

проучување. Позитивистичката наука ја одржува владеечката хегемонија со прифаќањето и промовирањето на постоечкиот општествен систем, а според радикалната теорија таа претставува форма на истражување која не одговара. Сите теории претставуваат некоја идеолошка позиција и често ја поддржуваат владеечката класа.

- Слично на многу идеологии, радикалната теорија ги дефинира забелешките користејќи се со сопствени термини кои што попатно ги објаснува.
- Некои радикални теории го нагласуваат неадекватното и потчинувачкото опкружување како подобра основа за објаснување на проблемите на клиентите, отколку што е психологијата на личноста.

Значајно е, овие критики да не се земат во предвид премногу сериозно. Всушност, за многу институции и клиенти, радикалните пристапи и пристапите кои се насочени кон заедницата, се добредојдени, а спротивставувањето не значи дека оваа перспектива треба да се игнорира. Таа нуди корисно гледиште кое допринесува во социјалната работа, ги користи останатите теории или ги организира идеите на работниците, се додека тоа не е во спротивност со нивните функции во институцијата.

Меѓу предностите на радикалните перспективи кои ги негираат овие критики, е и тоа дека тие осветлуваат одредени аспекти на животот, вклучувајќи го значењето на моќта, идеолошката хегемонија, класите и позициите, професионализацијата, половите и потчинувањата. Овие идеи станале достапни во социјалната работа, во разбирлив облик, благодарејќи на марксизмот, а врз база на овие идеи дошло до суштински развој на праксата.

## 2.3. Радикалната социјална работа во 21 век

Многу организации и социјални движења кои што се појавиле во последнава декада, се спротивставуваат на маркетингзацијата и менаџеријализмот на социјалната работа и се водат со широко распространетото верување дека "друг вид на социјална работа е возможен" (огледување на слоганот од глобалното антикапиталистичко движење: "различен свет е возможен"). За да се адресира небалансот, се појавуваат четири клучни елементи во новата, радикална пракса во 21 век[48].

*А. Радикалната пракса ја задржува обврската за добра пракса*

Колективните пристапи како што се работата со групи и работата со заедници, не биле единствените жтрви на буџетските менаџерски пристапи кои доминирале во социјалната работа две декади. Истото се случило и со праксата на работа со случај, која во најдобар случај може да им обезбеди на индивидуите емпатичен однос, базиран на доверба, во кој тие можат да ги истражуваат прашањата кои ги вознемируваат. Факт е дека традиционалните карактеристики на социјалната работа, како што се нагласувањата на односите, процесите и вредностите, исто така биле потценувани од неолибералните пракси, што значи дека многу социјални работници кои не се гледале себеси како политички, биле радикализирани во последниве години. Во менаџеријалистичка клима и технократски пристапи, хуманистичките пристапи и пристапите базирани врз холистички вредности, можат да бидат радикални.

*Б. Радикалната пракса е отпор во мали размери*

Добрите социјални работници, секогаш барале начини, во правата и прописите кои управуваат со нивната пракса, да ја добијат најдобрата спогодба за нивните клиенти, дури и кога тоа значело да се заобиколат некои правила. Заради таа причина, еден автор, во 1970 години, за социјалните работници рекол дека се *бандити на средната класа*[49]. Во една скорешна студија, во која се истражувале погледите на искусни социјални работници, некои од испитаниците чувствувале дека иако некои од претходните простори за отстапки им биле затворени од страна на менаџерските пракси, сепак постоел простор за имагинативна и креативна пракса.

*В. Радикалната пракса работи рамо до рамо со корисниците на социјални сервиси и негувателите*

Работењето рамо до рамо на корисниците на социјални сервиси и негувателите, како и нивното взаемно учење, претставува срцевината на секоја нова радикална пракса. Идеите и праксите на новите социјални движења за благосостојба, како што се движењето за правата на инвалидите и движењето на корисниците на услугите од менталното здравје, поткрепиле многу од најпрогресивните развои во обезбедувањето на социјални сервиси, во последнава декада[50]. Тоа не значи дека нема да постојат тензии и дебати за најдобрите начини на кој што може да се постигнат крајните цели за пораст на автономијата, на пр. во врска со пристапите како што се индивидуализираните буџети, но овие прашања мораат да бидат адресирани во дух на отворена и пријателска дискусија. Исто така, тоа треба да значи дека социјалните работници треба да знаат кога да се повлечат, затоа што повеќето луѓе сакаат да ги живеат нивните животи без помош од социјален работник.

*Г. Радикалната пракса е колективна активност и политичка кампања*

Индивидуалните пристапи можат да бидат радикални во донесувањето на промени во личните ситуации на луѓето и начинот на кој тие се гледаат себеси. И покрај тоа, колективните пристапи имаат квалитативен потенцијал за промени во заедницата на структурно ниво, потенцијал кој за малку ќе бил загубен во последниве две декади[51]. Колективните пристапи се важни за социјалните работници на три нивоа.

Првото ниво претставува корисноста на работата со заедница, како метод на пракса. Во Велика Британија, теоријата и праксата на работата со заедница, испаднала од наставата, во многу програми на социјалната работа. Треба да се примени притисок за да се обнови радикалната социјална работа во социјалната работа.

На второ ниво, постои прашањето за колективните организации на социјалните работници, примарно преку нивната инволвираност во работничките синдикати. Праксата на радикалната социјална работа не може да се одржува во вакуум. Од една страна потребни се ресурси, а од друга страна, на тие што се занимаваат со радикалната пракса, од време на време ќе им биде потребна заштита од менаџерите кои се помалку од ентузијастички настроени кон социјалните работници кои активно ги застапуваат своите клиенти. Силните организации на работничките синдикати продолжуваат да ги обезбедуваат најдобрите средства за остварување на двете цели.

На трето ниво, социјалните работници треба да бидат инволвирани во повеќе социјални движења. Во минатото социјалната работа имала големи придобивки од енергијата и идеите на движењата на жените, движењата за правата на инвалидите и др. На почетокот на 21 век, реалната критика за неолибералната глобализација не дошла од страна на политичарите, туку од страна на активистите на антикапиталистичкото движење, кое се развило од демонстрациите против организацијата на работничкиот синдикат. На сличен начин, социјалните работници кои што посакуваат да ја видат вистинската

алтернатива на неолибералните модели на социјалната работа, кои што се доминантни, треба да бидат вклучени и да учат од многу движења за социјална правда.

Со помош на радикалната пракса, се развила анти-опресивната пракса која има за цел да се бори против нефер и нееднаквиот третман, како и отстранувањето на бариерите кои на луѓето им го оневозможуваат пристапот кон сервисите. Анти-опресивната пракса ги предизвикува структурите во општеството кои што ја поседуваат моќта да одржуваат некои групи во инфериорна положба. Таа е безирана врз реформаторската традиција на социјалната работа во рамките на радикалната пракса.

### 2.4. Дефинирање на опресијата

Опресијата претставува дејство на понижување на определен поединец или група со слични карактеристики. Таа потекнува од верувањето дека некои луѓе или групи во светот се супериорни во однос на други, а со тоа имаат право да ги потчинат оние кои ги сметаат за инфериорни. Поделбата на луѓето на супериорни и инфериорни создава динамика која негативно влијае врз сите аспекти на секојадневниот живот и работа.

Дискриминацијата, за разлика од опресијата, се занимава само со еден елемент, негирањето на еднаквиот пристап до социјалните ресурси на сите оние кои имаат право да ги користат. Може да се каже дека опресијата ги дели луѓето на оние кои се вклучени (привилегирани) и оние кои се исклучени (маргинализирани). Постојат повеќе форми на опресијата.

- Секоја форма на опресија има свои карактеристики;
- Фокусирањето на секоја форма на опресија одделно, помага подобро да се разберат соодветните аспекти, пр. расизам, сексизам, хендикепизам и др.
- Хиерархиите во опресијата имаат поголеми или помали вредности, а луѓето кои што се под повеќе опресии треба да избираат помеѓу нив;
- Индивидуата која што е под повеќе опресии има потреба да ги елиминира сите;
- Повеќекратните опресии се интерактивни;
- Динамиката на опресијата може да се смени или да се одбие;

Процесите на опресијата имаат неколку заеднички карактеристики:

- Опресијата делува на сите аспекти во секојдневниот живот;
- Опресијата се карактеризира со постоење на поинаквост, инклузија и ексклузија;

- Опресијата претставува нормализирање на некои луѓе по цена на други луѓе;
- Опресијата ја одрекува можноста луѓето да ги контролираат сопствените животи во лична, институционална и културна смисла;

Не постојат едноставни методи за добивање на вештини и знаења за борба против опресијата, ниту во социјалната работа, ниту во социјалните односи. Во рамките на социјалната работа, корисно е на опресијата да се гледа и на следниов начин[52]:

- Опресијата е социјално условена, таа ја оформува личноста или на опресирана или на неопресирана;
- Опресијата е повеќеслојна и секоја димензија меѓусебно влијае со другите за да се репродуцираат определени аспекти на опресијата кои се заеднички за сите социјални поделби;
- Опресијата се потпира на поделбата на луѓето на супериорни и инфериорни;
- Опресијата се храни од социјалните карактеристики на луѓето како што се сексуалната ориентација, менталните проблеми, религијата, јазикот, класата, полот, расата, етницитетот, здравствената состојба и др.

*2.4.1. Расизам*

Расизмот претставува верување дека различностите во човечките расни групи ја оправдува дискриминацијата. Според ова верување луѓето ги делат врз основа на бојата на кожата, културната припадност и етницитетот и ги девалвираат сите оние кои немаат бела боја на кожата. Според ова расизмот постои во лична, институционална и културна форма и тука

спаѓаат: личните верувања, ставови и дела, рутински политики и практики и социјални норми и вредности.

Расизмот често се поврзува со различни активности кои што не се законски и се сметаат за штетни: екстремизам, омраза, ксенофобија, експлоатација, сепаратизам, расна надмоќ, масовни убиства (геноцид) и др. Обединетите Нации не го дефинираат поимот "расизам", туку поимот "расна дискриминација". Според Конвенцијата на Обединетите Нации за Елиминација на сите форми на расна дискриминација, терминот "расна дискриминација" се дефинира на следниов начин:

*Терминот расна дискриминација значи секоја дистинкција, ексклузија, рестрикција или секоја привилегија базирана на раса, боја на кожа, национално наследство или етничко потекло, кое има за цел да го поништи или смали препознавањето на човечките права и фундаментални слободи во политичко, економско, социјално, културно или било кое поле од јавниот живот*[53].

Оваа дефиниција не прави разлика помеѓу дискриминацијата на етничката група и расата, затоа што дистинкцијата помеѓу двете сеуште претставува главна тема во дебатите. Слично на ова, во Британскиот закон, фразата "расна група" значи секоја група на луѓе која е дефинирана од расата, бојата на кожа, националноста или етничкото потекло.

Расната дискриминација се однесува на делењето на луѓето, преку процес на социјална поделба, во категории кои не се секогаш поврзани со расите. Истражувачите Маријан Бертранд (Marianne Bertrand) и Сендхил Мулантан (Sendhil Mullainathan), во Универзитетот во Чикаго, во 2004 година, наишле на студија во која постоела широко распространета дискриминација на работното место против апликанти на кои што името им звучело дека е црнечко.

Институционален расизам, исто така познат како структурален расизам, преставува расна дискриминација од страна на влади, организации,

религии и едукативни институции или други големи организации кои поседуваат моќ да влијаат врз животите на многу индивидуи. Терминот институционален расизам е создаден во 1960 години и е дефиниран како

*Колективен неуспех на една организација да обезбеди прикладни и професионални услуги на луѓе, поради нивната боја на кожа, култура или етничко потекло.*

Историските економски или социјални нееднаквости претставуваат форма на дискриминација предизвикана од расизам во минатото и историски причини кои имаат влијание врз сегашните генерации преку недостатокот на формална едукација и пред се, преку несвесните расистички ставови и акции на членовите на општата популација.

Како идеологија, расизмот постоел во 19 век како "научен расизам", кој се обидел да обезбеди расна класификација на човештвото. Иако таквите расни идеологии биле дискредитирани по Втората Светска Војна и Холокаустот, расизмот и расната дискриминација останале широко распространети низ целиот свет. Научникот Дубуа (DuBois) забележал дека кога се прават разлики помеѓу расите, не се мисли баш на расите, туку на културата, заедничката историја, заедничките закони и религија, сличните навики и свесното тежнеење кон одредени идеали во животот. Според тоа, расата почнала да ги претставува, не само важните карактеристики на човечкото тело, туку и формирањето на карактерот и личното обележје на нацијата. Културата и расата станале испреплетени и зависни една од друга, некогаш дури до таа мерка што во дефиницијата се вклучувале и националноста и јазикот.

Расизмот станал мотивациски фактор за социјална дискриминација, расна сегрегација, говори на омраза и насилства. Покрај упорноста на расните стереотипи, хуморот и епитетите опстанале во секојдневниот речник, а расната дискриминација е нелегална во многу држави.

Иронично, анти-расизмот станал политички инструмент за злоупотреба. Некои политичари го применуваат во обидот да добијат што повеќе гласови. Во спротивност на вредностите, анти-расизмот е ширен од страна на деспоти кои му служат на опскурантизмот[54] и поттиснувањето на жените. Филозофот Паскал Брукнер (Pascal Bruckner) тврдел дека "Анти-расизмот во Обединетите Нации станал идеологија на тоталитарни режими кои го користат за нивни сопствени интереси".

### *2.4.2. Сексизам*

Сексизмот, исто така познат како полова дискриминација, е верување дека неразделивите карактеристики на полот на некоја индивидуа влијае врз способностите кои таа ги поседува, иако тие карактеристики не секогаш го имаат тој ефект. Меѓутоа, кога ефектот е последица од различноста помеѓу полови, не е сексистички да се идентификува или делува на таа врска. Сексизмот е форма на дискриминација или обезвреднување базирано на полот на некоја индивидуа, со ставови базирани врз верувања во традиционалните стереотипи на улогите кои ги имаат родовите. Терминот сексизам најчесто е употребуван во однос на дискриминација на жените, во контекст на патријархија. Сексизмот вклучува омраза или предрасуди кон род во целост или примената на родови стереотипи. Тој често е поврзуван со аргументи за родова надмоќ.

Во филозофијата, сексистичкиот став е таков во кој се претпоставува дека човечките суштества може да се разберат или судат врз база на суштинските карактеристики на групата во која индивидуата припаѓа, во овој случај родовата група, како мажи и жени.

Родовите стереотипи се широко прифатени верувања за караттеристиките и однесувањето на мажите и жените. Тие не само што се описни, туку и наложувачки верувања за тоа како жените и мажите треба да

се однесуваат. Членовите и на едниот и на другиот пол, кој отстапуваат од наложувачките родови стереотипи, се казнувани со вербални навреди.

Емпирички студии пронашле широко распространети културолошки верувања дека мажите се социјално повредни и покомпетентни од жените во многу области, како и специфични претпоставки дека мажите се подобри во извршувањето на одредени задачи (на пр. механички задачи), додека жените се подобри во извршувањето на други задачи (на пр. одгледување на деца).

Родовите стереотипи можат да ја упростат или спречат интелектуалната способност. На пример, стереотипната закана[55] може да ја намали способноста на жената за решавање на математички тест, а тоа се должи на стереотипот дека жените имаат инфериорни квантитативни вештини во споредба со мажите. Стереотипите исто така може да влијаат на проценките што луѓето ги прават во врска со сопствените способности. Ваквите предрасудувачки само-проценки имаат далекусежни ефекти, затоа што можат да ги обликуваат одлуките за едукација и кариера и кај мажите и кај жените.

Професионален сексизам се однесува на секоја дискриминаторна практика, изјава, акција итн. базирана на полот на некоја индивидува, а е присутна и се случува во работното место. Во 2008 година, Организацијата за економска соработка и развој дознала дека иако степенот на вработување на жените значително се зголемил и разликите во платите, во однос со мажите, се намалиле, жените сеуште имале 20% помали шанси за вработување, во однос на мажите и биле платени 17% помалку од мажите. Во многу држави, дискриминацијата во пазарот на трудот т.е. нееднаквиот третман на еднакво продуктивните индивидуи само затоа што припаѓаат на различни родови групи, е сеуште круцијален фактор кој ги зголемува различностите во вработувањата и квалитетот на можностите за работа[56].

### 2.4.3. *Старизам*

Поимот старизам е исто така познат како старосна дискриминација и значи стереотипирање и дискриминирање на индивидуи или групи поради нивната возраст. Старизмот претставува серии на верувања, ставови, норми и вредности употребувани за да ги оправдаат предрасудите, дискриминацијата и потчинувањето кои се базирани врз возраста. Терминот бил создаден во 1968 година од страна на Роберт Нил Батлер (Robert Neil Butler) за да ја опише дискриминацијата кон постарите луѓе. Батлер ја дефинирал старосната дискриминација како комбинација од три елементи:

- Предрасудувачки ставови кон постарите луѓе, староста и процесот на стареење;
- Дискриминаторни практики кон постарите луѓе;
- Институционални практики и политики кои ги овековечуваат стереотипите за постарите луѓе;

Терминот старизам, исто така бил употребуван за да се опишат предрасудите и дискриминациите кон адолесцентите и децата, а тоа вклучувало игнорирање на нивните идеи затоа што се премлади или претпоставувањето дека тие треба да се однесуваат на одреден начин поради нивната возраст.

Старизмот во секојдневниот говор и во студиите, најчесто се однесува на негативни дискриминаторни практики кон старите луѓе, луѓето во средните години од нивниот живот, тинејџерите и децата. Постојат повеќе форми на предрасуди поврзани со возраста. Полнолетизам е склоност кон полнолетните, што значи предрасуди кон децата и сите малди луѓе кои не се сметаат за полнолетни. Старизам е дискриминација на старите луѓе и благонаклонетост кон младите. Возрасноцентризам претставува претерана себичност и егоцентричност на возрасните. Возраснократија е социјална конвенција која ги дефинира зрелоста и незрелоста и ги пласира возрасните

на доминантна позиција, над малдите луѓе и теоретички и практично. Геронтократија е форма на олигархично правило во кое се управува од лидери кои се значително постари од повеќето во возрасната популација. Хроноцентризам е верувањето дека одредена состојба на човештвото е супериорна во однос на сите претходни и идни времиња[57].

Други состојби на страв и аверзија поврзани со старосни групи имаат посебни имиња: Педофобија, страв од бебиња и деца; Ефебифобија, страв од младост или неразумен страв од адолесценти и предрадуди кон тинејџерите; и Геронтофобија, страв од стари луѓе;

Старосната дискриминација се однесува на акции кои се превземаат за да се негираат или лимитираат шансите и можностите на луѓето поради нивната возраст. Тие превземени акции често се резултат на ставови и верувања на одредена единка за возраста. Старосната дискриминација се случува и на институционално и на персонално ниво. На персонално ниво, на постара личност може да и се каже дека е престара за да занимава со одредени физички активности, како на пример кошарка. На млада личност може да и се каже дека е премлада за да се вработи или да помогне да се премести некој тежок предмет. На институционално ниво, постојат политики и прописи кои што ги лимитираат можностите на луѓето од одредени возрасни групи. Во законот, на пример, сите млади личности мораат да имаат најмалку 18 години за да ја добијат својата возачка дозвола. Исто така постојат и владини прописи кои одлучуваат кога еден работник може да оди во пензија, а старосната граница е 65 години за мажите и 62 години за жените.

Старизмот или старосната дискриминација има значителни последици за старите и за малдите луѓе. Стереотипите на старите и на младите луѓе делува на нивната самодовреба и на нивното однесување. По честото слушање за тоа како старите и младите се некорисни, тие може да се почувствуваат како зависни и непридонесувачки членови на општеството.

Многу луѓе ги совладуваат овие стереотипи и живеат на начин на кој што им одговара, но може да биде тешко да се избегне длабоко вкоренетата

предрасуда особено ако индивидуата била изложена на дискриминации уште во детството и адолесценцијата.

### *2.4.4. Хендикепизам*

Хендикепизам е термин од социолошката терминологија и опишува теорија и серии од практики поврзани со нееднаков и нефер третман, дискриминација и опресија на луѓе кој имаат очигледен или прикриен инвалидитет, термин кој е сличен на расизам или сексизам[58]. Луѓето се категоризирани од типот на очигледен или прикриен физички или ментален инвалидитет и нивните вештини, способности и карактерни особини кои им се припишуваат. Врската на категориите на инвалидитетот како фундаментална детерминанта е базирана на човечките способности и карактеристики, на пример, аутистичните луѓе се емоционално ладни, но се добри во математика, тие се ментално хендикепирани, но имаат добро срце и мил карактер. Ова не е секогаш негативно етикетирање.

Стереотипите служат како причина за практиките на хендикепизмот и имаат влијание врз ставовите и однесувањата кон луѓето кои припаѓаат во оваа група. Исто така, етикетирањето влијае врз луѓето во оваа категорија и предизвикува нивните опции за делување да бидат ограничени и идентитетот на личноста да се смени.

Хендикепизмот вели дека луѓето со инвалидитет се:

- Зависни (засекогаш деца);
- Примачи (просачи);
- Дефектни, непотполни, дисфункционални и заради тоа инфериорни;
- Особено во пазарот на трудот, помалку делотворни, неспособни или неквалитетна работна сила;
- Страдаат и се жалосни

- Преферираат да бидат во друштво на луѓе слични на нив (се чувствуваат посигурно кога не се натпреваруваат со нормални луѓе);
- Сакаат да имаат одредени особини (слепите луѓе сакаат кога ќе им се каже дека имаат добра меморија);

Луѓето кои се под влијание на стереотипите се однесуваат на одреден начин кој има последици за луѓето со инвалидитет:

- Се поставува растојание и се избегнува секаков контакт со луѓето од оваа категорија;
- Се зборува место нив, а во исто време и за нив, како да не се присутни;
- Кога се комуницира со нив, се користи првото име, наместо г-ѓа или г-дин;
- Се претерува со величењето на луѓето со инвалидитет како да се сеуште деца, нивните достигнувања се назначуваат како невообичаени и неверојатни;

Со етикетата "инвалид" или "хендикепиран" се достигнува ситуација во која нема победници. Ако личноста го исполнува клишето, таа е сиромашна, тажна личност со срце од злато која очекува милостиња и сожалување. Ако личноста го победи стереотипот, на неа се гледа како на редок и зачудувачки случај.

Понекогаш и самото општество допринесува за луѓето кои имаат инвалидитет да се почувствуваат отуѓено и исклучено:

- Постојат бариери како што се лошиот пристап во транспортот и во зградите, за луѓето со инвалидитет;
- Средства за масовно комуницирање: Убавината и грдоста не само што се дефинираат произволно, туку исто така служат за да го прикажат лошото и доброто. Грдоста се поистоветува со насилство и страв;
- Добротворните организации тврдат дека сакаат да ги елиминираат стереотипите за инвалидитетот, а во минатото граѓаните ги посетувале

затворите и психијатриските болници за да зјаат во "бесните лудаци" кои биле оковани во кафези;

Хендикепизмот имплицира неспособност, а хендикепизмот ја развил неспособноста. Со негирање на скромната работа која можат да ја извршуваат луѓето со инвалидитет, се креира зависност и потчинетост. Така, во круг, припишаната неделотворност се остварува и се потврдува.

# III Глава

## Проблеми во општеството разрешувани под влијание на радикалниот концепт

## 1. Радикални методи за разрешување на социјалните проблеми

Постојат три методи со помош на кои социјалните работници можат да им помогнат на клиентите да ја зголемат моќта со која располагаат и сретствата кои можат да ги обезбедат.

Првиот метод инсистира да им се помогне на клиентите на било каков начин да стекнат права, титули и праведен дел од сето она што е на располагање. Во нашето општество луѓето кои имаат најмногу потреби, добиваат најмалку. Основа на добра пракса во социјалната работа претставува обезбедувањето на социјални права еднакви за сите.

Вториот метод бара социјалните работници во секоја прилика да изнесуваат аргументи дека социјалните проблеми настануваат од суровите последици на капиталистичката економија и идеолошката клима која ја диктира владеачката класа. Луѓето кои живеат во трошни куќички, кои преживуваат со оскудни приходи и кои имаат мали можности да се издигнат од дното на општествената пирамида, не се во позиција да се однесуваат "разумно". А сепак, на било каков знак дека тие се однесуваат "неразумно", кон нив се постапува со голема строгост и се казнувани. Социјалниот работник не смее да се согласи со реакциите на општеството кое смета дека "вината е на жртвата". Вистинската реакција треба да биде бес кон општеството што створило такви проблеми[59]. Конфликтите се секогаш присутни во општеството, но не смеат да бидат решавани само за да се одржи status quo. Социјалните работници би требало да ги потхрануваат за да ги користат за доброто на работничката класа.

Третиот метод ја вклучува колективната акција бидејки постои сила во броевите. Членовите на една група можат меѓусебно да се поддржуваат. Колективно, луѓето се во подобра позиција да анализираат како социјалната структура го одредува материјалниот и психолошкиот живот. Со заеднички акции, социјалните работници и клиентите сочинуваат моќна политичка сила

кога ќе се соочат со важни прашања. Социјалните работници треба активно да учествуваат во работата на синдикатите и заедно со клиентите да покренуваат прашања на ниво на заедница, како и да ги одбрануваат социјалните служби.

Уште една база на моќ за социјалните работници претставува тимот. Тимската работа е многу значајна за спроведување на радикалната пракса. Не само што овозможува посилна база на моќ, туку и ја отсликува потребата за разбирање и реагирање со клиентите на колективна база. Индивидуализацијата на проблемите на клиентите претставува одговорност на еден социјален работник кој ќе работи на тој случај. Тимот, особено тој што не е хиерархиски, може многу подобро да направи јавен проблем од низа поединечни страдања. Тимскиот пристап претставува стил на праксата кој е прилагоден на заедницата. Тимовите треба да се состануваат со групи на клиенти и заедно да ги идентификуваат потребите на клиентите и да одредат како тие потреби треба да се задоволат.

Клиентите, исто така би требало да се собираат во групи, особено ако имаат заеднички проблеми. Не само што секој клиент би научил да ја прикаже сопствената ситуација и да се препознае себеси како производ на структурна нееднаквост, туку ќе може, со помош на другите, да ги разработи начините на борба против општеството кое не му дозволува да се издигне од дното. Додека, од една страна, општеството може да ги совладува дискретните, лични проблеми на клиентите со тоа што на нив гледа како на примери од индивидуална патологија, од друга страна, општеството има големи потешкотии да совлада групи на луѓе кои не прифаќаат да бидат гледани како неадекватни и кои бараат подобар договор со државата. Методот - работа со случај е секогаш во опасност дека ќе падне во рацете на системот кој ја обвинува единката, а не самиот себе. Радикалниот социјален работник треба да се осигура дека личните проблеми се разгледуваат како политички прашања. Радикалната пракса бара од социјалниот работник да не ги менува поединците како би одговарале на системот, туку да го менува системот како би одговарал на поединците.

## 2. Дефинирање на социјалните проблеми

Социјалните проблеми се присутни во секое општество, големо или мало. Дури и во релативно изолираните, ретко населените области, групи на население ќе се сретнат со социјалните проблеми. Причина за ова е фактот што сите членови на општеството во кое живеат ќе имаат конфликти кои невозможно е да се избегнат. Луѓе кои што живеат заедно во ист дом не се согласуваат секогаш беспрекорно. Во целост, може да се каже дека кога ќе се споменат социјалните проблеми, се мисли на проблемите кои влијаат врз луѓето кои живеат заедно во општеството.

Листата на социјални проблеми е огромна и не е идентична во сите општества. Во Велика Британија, во доминантни социјални проблеми се вклучени: растечкото разединување помеѓу сиромашните и богатите, семејното насилство, невработеноста, расизмот и сексизмот, како и многу други. Понекогаш социјалните проблеми настануваат кога луѓето имаат различни ставови за тоа како да се справат со одредени ситуации, а како пример може да се земе несаканата бременост. Додека некои луѓе сметаат дека абортусот може да биде решение за овој проблем, други членови на општеството се категорички против употребата на истиот. Со таквите несогласувања за тоа како да се решаваат проблемите се создаваат поделби во социјалните групи.

Постојат проблеми кои не се чести во Велика Британија и други индустријализирани држави, но претставуваат огромни проблеми во државите кои се во развој. Такви проблеми се: големата сиромаштија, недостатокот на храна, недостатокот на основна хигиена, ширењето на неизлечиви болести, етничките чистења и недостатокот на образование. Овие проблеми го спречуваат развојот на општеството, меѓусебно се поврзани и тешко е да се обрне внимание на еден, а со тоа да не се обрне внимание на сите проблеми.

Едноставно би било да се претпостави дека социјалните проблеми влијаат само врз луѓето до кои директно допираат, но случајот не е таков. На пример ширењето на болести би влијаело на целокупното општество, а тоа лесно се гледа во одредени области во Африка. Ширењето на СИДА создало повеќе социјални проблеми затоа што претставува опасност за сите членови на општеството и лишува многу деца од своите родители. ХИВ/СИДА не претставува еден проблем, туку комплексна причина за многу социјални проблеми. Слично на тоа, невработеноста во Америка не влијае само врз невработените, туку на целокупната економија.

Важно е да се разбере дека социјалните проблеми во едно општество влијаат во неговата интеракција со другите општества, што може да доведе до создавање на глобални проблеми. Како една нација се соочува со проблемите на нацијата која е во развој, може да влијае врз понатамошните односи со таа нација и со остатокот од светот, во наредните години. Иако САД силно ја поддржувала потребата за создавање на Еврејска држава во Израел, поддршката која ја дала, ја платила со губење на релации со многу Арапски нации.

Самата природа на социјалните проблеми предлага дека и самото општество претставува проблем. Ниту една држава не создала перфектно општество каде што сите се среќни и социјални проблеми не постојат. Можеби индивидуалната природа на луѓето, не го дозволува тоа и како што многу луѓе велат, перфекцијата можеби не е достижна цел.

Не сите социјални состојби се издигнуваат на статусот социјален проблем. На пример, во денешно време постојат објективни состојби кои не се сметаат за социјални проблеми. За објективните состојби да го достигнат специјалниот статус на социјални проблеми, треба да исполнат четири услови[60]:

- Објективната состојба мора јавно да биде воочна како социјален проблем, т.е. мора да постои јавен протест. Луѓето треба да станат активно вклучени во дискусирањето за проблемот.

- Вториот услов вклучува јаз помеѓу социјалните идеали и социјалната реалност, и е спротивставен на вредностите на општеството. На почетокот од 20 век, злоупотребата на алкохол била сметана за многу сериозен социјален проблем кој допринел за распаѓањата на браковите, напуштањето на децата, несреќни случаи на работното место и насилство во општеството. Со движењето за ограничување на конзумирање алкохол, јавното мислење се зацврстило до тој степен што луѓето се повеќе сакале да направат нешто во врска со тоа.
- Значителен дел од населението треба да биде вклучено во дефинирањето на проблемот. Ако само мал сегмент од населението е вклучено, тоа претставува група од интерес која лобира на јавноста да стори нешто во врска со таа состојба, а тоа не претставува социјален проблем.
- Преку колективната акција на луѓето, состојбата мора да биде решлива. Ако ниту едно решение не се смета за возможно, луѓето ќе се откажат и ќе препуштат се на судбината. Добар пример за тоа е бирократијата во владата - ако сите одат со ставот дека не може да се води борба со одлуките во градското собрание, тогаш бирократијата во владата не претставува социјален проблем, туку таа е дел од животот и мора да се живее со неа.

Ако сите овие услови се пресретнат, сепак постојат и други фактори кои влијаат во одредувањето на степенот што објективната состојба ќе го достигне и дали тоа ќе биде воочено како социјален проблем:

- Ако луѓето кои се погодени од некоја состојба се влијателни и моќни, поголема е веројатноста состојбата да биде воочена како социјален проблем, отколку ако таа личност не е влијателна. Кога некоја состојба почнува да влијае врз средната класа од општеството, особено врз тие кои можат да влијаат врз владината политика или врз содржините на средствата за масовно комуницирање, шансите за таа состојба да биде воочена како социјален проблем, значително растат.

- Состојбата која влијае врз релативно мал сегмент од населението има помали шанси да биде воочена како социјален проблем, отколку ако таа има неповолни последици за многу поголем сегмент од општеството.
- Брзиот пораст на бројот на луѓе кои се погодени од социјална состојба е многу важен, можеби уште поважен од самиот број на луѓе кои се погодени од таа состојба.
- Средствата за масовно комуницирање играат важна улога во селекцијата и дефинирањето на социјалните проблеми. Тие овозможуваат селективно внимание за одредени состојби. Либералниот печат ќе истакне одредени прашања, додека конзервативниот печат ќе обрне внимание на други.
- Најпосле, идеологијата игра важна улога во одредувањето на тоа кои состојби ќе се издвојат како социјални проблеми. Идеологијата исто така одредува и како еден социјален проблем ќе се дефинира. На пример, Конзервативците и Либералите се согласуваат дека во Америка постои проблем со сиромаштијата, но тие не се согласуваат за една специфична дефиниција на проблемот, ниту пак се согласуваат за тоа како да се реши проблемот.

*Социјалните прашања кои директно или индиректно влијаат врз повеќе членови на едно општество, претставуваат социјални проблеми. Социјалните проблеми се квалитативно различни од индивидуалните проблеми. Тие се состојби од социјални потреби кои загрижуваат голем број на луѓе, а кои настануваат поради катастрофални природни или сложени општествени настани.*

### 2.1. Сиромаштијата како социјален проблем

Во поголемиот дел од историјата, сиромаштијата била прифатена како неизбежна ситуација бидејки традиционалните модели за производство биле недоволни за целата популација да добие еден удобен стандард за живеење. По индустриската револуција, масовното производство на фабриките допринело богатството да биде полесно достапно за луѓето. Од голема важност била и модернизацијата на агрикултурата како што се вештачките ѓубрива кои служеле за да обезбедат доволна количина на произведени продукти за да ја нахранат целата популација.

Обезбедувањето на основни човекови потреби може да биде ограничено од страна на владините сервиси, заради корупција, долгови и условни кредити, како и намалувањето на средствата во здравствената заштита и образованието.

Поврзаноста помеѓу сиромаштијата и лошото здравје е добро позната. Сиромаштијата и болеста заедно прават луѓето да бидат уште поранливи во сите стадиуми од нивните животи, а особено во староста.

Социјалната работа ги поддржува антиопресивните идеи, но класните нееднаквости кои создаваат пораст на нееднаквостите во доходите, стануваат се поголеми. Антиопресивната пракса е најслаба кога се работи за класните прашања. Моралната проценка за "заслужување" ја исполнува праксата на социјалната работа и тоа може да влијае врз обезбедувањето на социјалните сервиси. На пример, проценките во социјалната работа вклучуваат внимание за тоа колку добро сиромашните клиенти се соочуваат со сиромаштијата, но кога ке се доведат во прашање одлуките на социјалната работа, помоќната средна класа е поверојатно дека ќе биде поуспешна во добивањето на социјалните сревиси.

Владата претпоставува дека социјалните работници можат да ја разгледуваат сиромаштијата без да ги обелоденат скриените причинители на истата. Таа постојано повторува дека лекот за сиромаштијата и

нееднаквостите се наоѓа во образованието, а со тоа очекува социјалните работници да ги убедат децата и возрасните во тоа дека образованието претставува единствениот начин за излез од сиромаштија. Традиционалната улога на социјалната работа која тежнее да обезбеди приходи на домакинствата, како и да ги подобри условите во домакинството, е игнорирана од страна на владата. Социјалните работници мораат да го воздржат сознанието дека сиромаштијата може да биде победена од аполитички решенија во социјалната работа. Тие имаат одговорност да работат кон структурни промени за да ги разрешат проблемите со кои нивните клиенти се соочуваат. Не е доволно, едноставно, да се решаваат социјалните проблеми како што настануваат.

Во последниве години се создава огромен притисок врз социјалните сервиси со што многу луѓе кои имаат потреби, не ја добиваат адекватната помош. Социјалните работници кои се наоѓаат во ситуација во која неможат да им помогнат на своите клиенти сфакаат дека причината за тоа се структурните фактори во општеството кои произлегуваат од економскиот систем кој врши експлоатација на ниско платените работници, а ги наградува богатите. Може да се каже дека во коренот на сиромаштијата се наоѓа растечката нееднаквост, а за таа да се победи не е доволна само социјалната работа, туку и владини акции[61].

## 2.2. Невработеноста како социјален проблем

Терминот невработеност е дефиниран од страна на Меѓународната организација за труд и претставува појава кога луѓето не се врботени, но активно барале вработување во последните два месеци. Постојат неколку категоризации на невработеноста кои што се користат за попрецизно моделирање на ефектите од истата во економскиот систем: класична невработеност, циклична невработеност, фрикциска невработеност,

структурална невработеност, скриена невработеност и долгорочна невработеност.

- Класична невработеност се случува кога бројот на луѓе кои бараат работа го надминува бројот на работни места. Повеќето економисти тврдат дека невработеноста се повеќе расте кога владата се вмешува во економијата за да ги подобри условите на невработените, но овој аргумент добил критики за игнорирањето на бројните надворешни фактори.
- Циклична невработеност се случува кога во економијата нема доволно побарувачка за работни места, за секој што сака да работи. Побарувачката за повеќето производи и услуги се намалува, помало производство е потребно и помалку работници се потребни што доведува до масовна невработеност.
- Фрикциска невработеност претставува периодот помеѓу вработувања, кога еден работник бара нова, или преминува од една во друга работа. Фрикциската невработеност е секогаш присутна во економијата и постои затоа што и работните места и работниците се хетерогени и понекогаш настанува несоодветно спојување помеѓу карактеристиките на набавувањето и побарувачката. Таквото несоодветно спојување може да се однесува на вештините, исплаќањето, работното време, локацијата, ставовите, вкусовите и уште многу други фактори.
- Структурална невработеност се случува кога пазарот на трудот не е во можност да обезбеди работни места за сите кои ги сакаат затоа што постои несоодветна врска помеѓу вештините на невработените луѓе и вештините кои што се потребни за расположливите работни места. Тешко е да се одвои структуралната невработеност од фрикциската невработеност, но може да се каже дека структуралната невработеност трае подолго. Структуралната невработеност може да произлезе од цикличната невработеност ако економијата страда од долготрајна ниска побарувачка, што значи дека невработените ќе станат обесхрабрени, а нивните вештини ќе станат застарени.

- Скриена невработеност претставува невработеност на потенцијални работници која не се одразува во официјалните статистики за невработеност, заради начинот на кој што се собираат статистичките податоци. Во многу држави само тие кои што не се вработени, но активно бараат вработување и се квалифицираат за социјално осигурување, се вброени како невработени. Тие кои што се откажале од барањето на работа, официјално не се вброени во невработени иако се невработени.
- Долгорочна невработеност се дефинира како невработеност која трае повеќе од една година. Таа претставува важен индикатор за социјална ексклузија.

Многу држави се справуваат со невработеноста преку програми за социјална благосостојба. Бенефициите за невработените вклучуваат осигурување за невработените, компензации за невработените и помош за доквалификација на невработените. Главна цел на овие програми е да ја олеснат краткотрајната немаштија и уште поважно, да им овозможат на работниците подолг рок за да најдат враборување.

Невработеноста има големо влијание врз луѓето затоа што персоналниот идентитет и професионалниот идентитет се испреплетени до тој степен што луѓето се дефинираат себеси според тоа што го работат. Долгорочната невработеност доведува до појави на депресија, лутина, стрес и недостаток на самодоверба што со себе носи други само-деструктивни навики како пушење, злоупотребување на алкохол и дрога и влошени односи со други луѓе.

## 2.3. Бездомништвото како социјален проблем

Бездомништвото опишува состојба во која се наоѓаат луѓе без постојано живеалиште. Бездомните луѓе не сакаат, но уште почесто не се во состојба да стекнат безбеден и адекватен покрив над главата или пак имаат недостаток од безбедно и адекватно преноќиште. Терминот "бездомник" вклучува и луѓе чие што примарно преноќиште претставува засолниште за бездомни лица или засолниште за жртви од семејно насилство, но не вклучува лица кои живеат на сопствени плацови, без куќи.

Бездомничката популација не се состои од хомогена и константна група на поединци, ниту пак е лесно одвоива од другите социјални групи. Мигрантите често се јавуваат како лица на кои им недостасува дом. Хронично болните пациенти често искусуваат периоди на бездомништво, како и одреден број лица, "вдомени" во затворите или менталните болници, во одреден период би се нашле во ситуација на бездомништво, т.е. би се нашле во недостиг од регуларно домување. Состојбата на бездомништво може да се подели во три категории: хронично бездомништво, епизодно бездомништво и привремено бездомништво[62].

- Хроничното бездомништво претставува крајна точка на долготраен период на растечки, нестабилен статус на домување. Иако не постои остра граница помеѓу хроничните и краткотрајните бездомнички периоди, за хроничното бездомништво може да се каже дека најчесто се појавува кај лица кои што се неспособни да обезбедат било каков вид на социјална или финансиска поддршка. Хроничните бездомници почесто имаат нарушени социјални односи, сериозни заболувања или фатално однесување по нивното бездомништво.
- Епизодното бездомништво се јавува во ситуација на криза и проблеми пократкотрајни од оние што се сретнуваат во хроничните случаи. Епизодните бездомници искусуваат периоди на нестабилност,

независен живот или живот со пријатели од моментот кога прв пат станале бездомници.

- Многу поединци или семејства, привремено стануваат бездомници, поради природни катастрофи и други непогоди. Жени и деца можат да се јават како привремени бездомници, по период на физичка или сексуална злоупотреба во семејството. Привременото бездомништво често се надминува со реинтеграција во системот на социјална поддршка, која што е сеуште достапна за привремените бездомници. Кога нема да постои тој систем на социјална поддршка или пак нема да биде пристапен, привременото бездомништво може да стане епизодно или хронично.

Постојат многу бездомници со емоционални или ментални проблеми. Менталните проблеми или заболувања, можат да го направат независното живеење многу тешко, а тоа води кон станување бездомник. Покрај менталните проблеми, бездомниците често имаат и здравствени проблеми.

## 2.4. Семејното насилство како социјален проблем

Семејното насилство се дефинира како шаблон на злоупотребувачки однесувања од страна на едниот партнер кој другиот партнер во интимна врска како што се бракот и семејството. Семејното насилство има повеќе форми, вклучувајки физичка агресија или напад, заканување, лишување од материјални средства, сексуална злоупотреба, емоционална злоупотреба, заплашување и запоставување. Конзумирањето на алкохол и менталните заболувања може да бидат коморбидни со злоупотребувањето и претставуваат додатни предизвици за елиминирање во семејното насилство.

Како посебни видови на семејно насилство се физичкото насилство, психичкото насилство и сексуалното насилство.

- Физичкото насилство вклучува контакт со намера да предизвика страв, болка, повреда и др. физичко страдање.
- Психичкото насилство вклучува понижување на жртвата јавно или приватно, контролирање што жртвата смее и не смее да прави, воздржување информации од жртвата, намерно правење на нешто што на жртвата би и донело срам, изолирање на жртвата од пријателите и семејството, уценување и др.
- Сексуално насилство е секоја ситуација каде што е применета сила или закана за да се добие учество во несакана сексуална активност. Принудувањето на некое лице на сексуална активност, против нивната волја, дури и ако тоа лице е сопружник или партнер во интимна врска, претставува акт на агресија и насилство.

Постојат многу различни теории кои се однесуваат на причините за семејното насилство. Психолошките теории ги земаат во предвид карактеристиките на личноста и менталните карактеристики на извршителот. Социјалните теории земаат ги во предвид надворешните фактори во околината на извршителот како што се семејната структура, стресот, социјалното учење.

Низ историјата, семејното насилство било гледано како приватна семејна работа во која владата и криминалната правда не смееле да се мешаат. Денес постојат многу организации во заедниците кои работат за да направат превенција на семејното насилство со тоа што нудат засолништа, интервенции во кризи, застапувања и едукативни и превенциски програми.

Потребно е да се работи на полето на подигање на јавната свест, покренување на медуимски кампањи, масовно информирање на граѓаните за овој проблем, за сите на кои им е потребна помош, да ја добијат. Справувањето со семејното насилство подразбира и превземање на соодветни акции за помагање на жртвите која ќе има за цел промовирање на услугите за зашитита обезбедени од државата и организациите во заедниците и новно доближување до оние кои имаат потреба од помош и заштита.

## 2.5. Трговијата со луѓе како социјален проблем

Трговијата со луѓе претставува нелегална размена на човечки суштества за цели како што се репродуктивно ропство, сексуална експлоатација, принудна работа или модерна форма на ропство. Трговијата со луѓе е злодело против човештвото во кое е вклучено акт на регрутација, транспортирање и задржување на личности со помош на сила, принуда и др. средства со намера за нивна експлоатрација. Секоја година илјадници мажи, жени и деца паѓаат во рацете на трговците со луѓе, во рамките на сопствените држави и во странство. Секоја држава во светот е погодена од трговијата со луѓе, без разлика дали е државата е извор на трговијата, транзитно место или дестинација за жртвите.

Постојат три елементи кои ја сочинуваат трговијата со луѓе:

- Делото (тоа што е сторено) кое вклучува: регрутирање, транспортирање, трансфер, примање на личности;
- Средствата (како е сторено) во кои се вклучени: заканувањето или употребата на сила, принудувањето, грабнувањето, измама, злоупотребувањето на моќта и ранливоста;
- Целта (зошто е сторено) во која е вклучено: сексуална експлоатација, принудна работа, ропство или слични практики и отстранување на органи;

Трговијата со луѓе е потхранувана од потребата за евтина работна сила и набавката на луѓе кои сакаат да го напуштат својот дом за потрага по подобри економски можности. Владите започнале да се конфронтираат со овој проблем преку комбинации од политики и програми направени за да го превенираат овој феномен, за да ги заштитат жртвите и ранливата популација и за криминално да ги гонат шверцерите и трговците со луѓе.

Иако постои растечко внимание за трговијата со луѓе и зголемен број на политики усмерени кон елиминација на истата, знаењето за овој феномен

е многу мало. Поради тајната природа на оваа материја, информациите за карактеристиките на жртвите и нивните искуства, како и карактеристиките и мрежите на трговците со луѓе се како од приказна и тешко е да се воопштат. Искуствата за овој проблем се разновидни и варираат од регион до регион. Врз формата на трговијата со луѓе, како и нејзината превенција, влијаат повеќе фактори меѓу кои: доминантните културни практики, структурите на семејствата, системите за поддршка во заедниците и отвореноста или затвореноста на општеството.

Иако превенцијата е најдолгорочниот пат за редуцирање или елиминирање на трговијата со луѓе, владите најмалку ја практикуваат оваа тактика. Дел од невниманието резултира од недостатокот на механизми за мерење на влијанијата и успесите на програмите за превенција. И покрај тоа, поради упорноста на застапниците за анти-трговија со луѓе и обезбедувачите на сервиси, и владини и невладини, се развиваат појаки политики и практики за превенција. Овие политики спаѓаат во три категории: базирани врз набавката, базирани врз побарувачката и базирани врз редуцирање на финансиските придобивки[63].

- Политиките базирани врз набавка се обидуваат да ја задржат набавката на индивидуи кои паѓаат жртви на трговијата со луѓе. Мета на овие програми се ранливите групи.
- Политиките базирани врз побарувачката се водат од претпоставката дека информирањето на луѓето за трговијата со луѓе, едукацијата на потенцијалните трговци со луѓе за проституцијата, насилството и човечките права ќе ја намали побарувачката за трговија со луѓе.
- Некои застапници за анти-трговија со луѓе започнале да прават програми за намалување на финансиските придобивки кои ги уживаат трговците со луѓе, шверцерите и корумпираните чиновници, но овој пристап не е доволно применуван.

Кампањите против трговија со луѓе добиле многу големо внимание во текот на последниве неколку години, но сепак, глобалниот прогрес против

трговијата со луѓе е нееднаков, непостојан и тешко мерлив. И покрај тоа, на долгорочен план, превенцијата е поефективен начин за одвраќање од експлоатацијата на ранливите мажи, жени и деца отколку од барањето да се идентификуваат и извлекуваат жртвите од нивните скриени околности кога трговијата е веќе започната.

## 2.6. Болестите на зависности како социјален проблем

Зависностите претставуваат голем социјален проблем, не само за оние кои злоупотребуваат наркотични супстанци или алкохолни пијалоци, туку и за сите луѓе кои се во нивно опкружување. Површно е да се каже дека младите кои се оддаваат кон droги, само ги следат примерите на постарите кои често се потпираат врз употребата на алкохол, медицински препишаните лекарства како седативите, како и секојдневното конзумирање на кафе и цигари. Посебно ќе обрнам внимание на зависностите од наркотични супстанци и алкохолизмот.

Последните истражувања за ефектите од злоупотребата на наркотични супстанци, покажале дека зависноста е нешто многу поинакво од тоа што досега сме го знаеле. На почеток може да се каже дека не секогаш постои врска помеѓу зависноста и дрогата (најчесто опијатите како опиумот, хероинот и морфиумот). Поточно, зависноста е помалку поврзана со супстанциите од кои што се состои дрогата, а повеќе со мислењето "што дрогата може да направи". Луѓето често физички реагираат на пласибо, хемиски неутрална супстанца која е презентирана како опијат. Психолошките студии покажале дека начинот на кој што реагираат луѓето под дејство на дрога зависи од нивното културно наследство, очекувањата и емоционалната вклученост во ситуацијата.

Младите наоѓаат голема утеха во тоа што возрасните често употребуваат лекови за да се справат со стресните ситуации во секојдневниот

живот. Неможе да се порече фактот дека денес многу општества се ориентирани кон дрогите, но импликациите од употребата на droги не е иста кај возрасните и кај адолесцентите. Возрасните веќе имаат добиено свој идентитет и цел во животот за разлика од адолесцентите кои сеуште истражуваат.

Постојат страшни последици за менталното здравје предизвикани од злоупотребата на дроги. Ефектите кои дрогата може да ја има врз поединецот зависи од:

- типот на дрогата;
- количината која е земена;
- колку често се зема дрогата;
- претходните искуства од дрогата;
- што се очекува, што ќе се случи;
- околината и социјалната ситуација во која се наоѓа личноста која ја зема дрогата;
- менталната состојба на личноста;

Дрогите може да предизвикаат симптоми кои се многу слични со оние кои водат кон психијатриска дијагноза. Во најлош случај, дрогата може да предизвика сериозна состојба како шизофренија или долготрајна депресија.

Освен ефектите што дрогите ги предизвикуваат кај личноста која ги употребува постојат и ефекти кои што индиректно влијаат врз непосредната околина на зависникот. Една од најтажните аспекти на подмолната природа за зависностите од дрога е тоа што кога зависникот ќе прифати дека постои проблем, тој проблем е веќе длабоко навлезен во семејството. Невозможно е за едно семејство да одржи здрави и функционални односи кога еден од членовите е зависник од дроги. Илузиите предизвикани од дрогите кои што ги користи зависникот ја менуваат реалноста на самото семејство правејки го слабо и неважно. Истото се случува и со пријателите на зависникот. Тој ги отфрла нив и наоѓа нови "пријатели" со кој ќе може да ужива во злоупотребувањето на наркотични супстанци.

Најдобар начин да им се помогне на зависниците од droги е да се превенира. Превенцијата треба да има ефективни програми кои што одговараат на потребите на заедницата; вклучуваат значајни сектори и се базирани врз емпирички податоци; ефективните програми треба да инкорпорираат силен мониторинг и силна евалуација.

Алкохолизмот е широк термин за проблемите поврзани со алкохол, а обично се користи за да се опише компулсивното и неконтролираното конзумирање на алкохолни пијалоци што предизвикува штета на здравјето на алкохоличарот, неговите интимни врски и место во општеството[64]. Во медицината се смета за болест, поточно за невролошко нарушување и често се употребуваат термините како злоупотреба на алкохол и зависност од алкохол.

Алкохолизмот е наречен "двојна болест" затоа што вклучува и ментални и физички компоненти. Влијание на ризикот за оваа состојба претставуваат социјалната средина, стресот, менталното здравје, историјата на болести во семејството, возраста, етничката група и полот. Долготрајната злоупотреба на алкохолот предизвикува промени во структурата на мозокот како што се толеранцијата и физичката зависност. Овие промени ја одржуваат личноста со компулсивно пиење, а ако ненадејно престане може да дојде до синдром на повлекување од алкохолот. Алкохолизмот може да има неповолни ефекти врз менталното здравје и предизвикува психолошки нарушувања што може да доведе до зголемен ризик од самоубиства.

Злоупотребана на алкохол е поврзана со зголемен ризик од извршување на криминални прекршоци како што се злоупотребата на деца, семејно насилство, крадење, напади и др. Алкохолизмот е поврзан и со губењето на работа што води кон финансиски проблеми. Пиењето во несоодветно време и однесувањето предизвикано од намалената моќ на расудување може да имаат законски последици како што е криминално обвинување за возење во пијана состојба.

Однесувањето на алкохоличарот, додека е во алкохолизаирана состојба може да има длабоки последици за луѓето кои го опкружуваат и води

кон изолација од семејството и пријателите. Оваа изолација може да доведе до проблеми во бракот и развод или да предизвика семејно насилство. Алкохолизмот, исто така, може да предизвика запоставување на децата и трајна штета на емоционалниот развој на децата на алкохоличарот. Поради таа причина децата на родители-алкохоличари, може да развијат бројни емоционални проблеми. На пример, тие може да развијат страв од нивните родители поради нестабилните расположенија како и срам поради нивната неадекватност да им помогнат на родителите.

Ставовите и социјалните стереотипи креираат бариери во детекцијата и третирањето на алкохолизмот. Оваа бариера е поголема за жените отколку за мажите. Стравот од стигматизација може да доведе до тоа жената да одрекува дека страда од медицинска состојба, да го крие пиењето и да пие сама. Овој шаблон предизвикува семејството, лекарите и др. помала причина да се сомневаат во тоа дека жената што добро ја познаваат е алкохоличар.

Светската Здравствена Организација и Европската Унија, националните влади и парламенти формирале политики за алкохолизмот, за да ја намалат штетата од истиот. Како значаен чекор за намалување на штетите од алкохолизмот се смета таргетирањето на адолесцентите и младите. Зголемувањето на возрасната граница за купување на алкохолни пијалоци и забрана на рекламите за алкохолни пијалоци, претставуваат додатни начини за намалување на штетата од алкохолна зависност и злоупотреба на алкохол. Едукативни кампањи, базирани на веродостојни докази, пренесувани преку средствата за масовна комуникација зборуваат за последиците од злоупотребувањето на алкохол, како и прирачници за родителите во кои е опишано како да се превенира злоупотребата на алкохол кај адолесцентите. Сепак, превенцијата на алкохолизмот, најдобро се постигнува со апстиненција и јак социјален систем на поддршка.

# Заклучок

Низ историјата, социјалните работници, особено радикалните социјални работници, се труделе да ги основаат своите знаења врз комбинација на искуствени и емпириско-истражувани реалности, во кои клиентите биле активно вклучени. Сепак треадиционалниот професионализам бил зависен од апликацијата на експертското знаење за котролирање на односите помеѓу социјалните работници и клиентите. Според импликацијата на современите истражувачки трендови, знаењето базирано на искуство е обезвреднето и "приватно", додека знаењето базирано на опсервација е означено како наука и станува јавно.

Постојат многу претпоставки за праксата на социјалната работа, пр. волонтерската природа во интеракциите помеѓу социјалните работници и клиентите, бенигната врска помеѓу владата и невладиниот сектор и улогата на објективноста на социјалните работници во оформувањето на параметрите на праксата. Претпоставките го оформиле вокабуларот на социјалната работа како професија и јавните перцепции за луѓето кои што бараат и добиваат услуги од социјалните сервиси иако биле под влијание на институционални и идеолошки сили чии цели и вредности се спротивставени на тие од професионалните социјални работници. Разбирањето на овие импликации е од голема важност ако сакаме да ја претвориме реторичката социјална правда во реалност, затоа што таквите напори бараат постојано внимание на процесот кој креира промени и социјалните институции кои конструираат и репродуцираат концепции за "вистината". Критичкиот став им овозможува на луѓето кои се под опресија да бараат достоинство во присуство на нечовечки околности. Поради фактот што институциите креирани од доминантната култура се создадени за да ги зачуваат воспоставените системи на моќ и привилегија, радикалните социјални работници мораат да се обидат да го предизвикаат и дестабилизираат постоечкото status quo пред било какви посакувани промени се

имплементираат. Во случајот на социјалната работа, тоа значи да се победи стравот од предизвикување на структурите кои и обезбедуваат на професијата одобрување и поддршка.

Поради новата испреплетена природа на современата економска, фискална и социјална криза може да биде тешко за радикалните социјални работници да признаат дека политиките и стратегиите кои функционирале во минатото немаат ефект. Една од пречките за радикализација на социјалната работа е нејзиниот импулс за професионализирање. Важно е за радикалните социјални работници да обрнат внимание на прашањето дали радикалната социјална работа и професионализмот можат да ко-егзистираат. Одговорот на ова прашање е комплициран и зависи од начините на кои професионализмот е сфатен. Дали е професионализмот средство на доминантните културни вредности, хиерархиски односи, покровителски гледишта на оние кои добиваат услуги и индивидуалистички погледи за промена? Одговорот е да, радикалната социјална работа е возможна само ако ја напуштиме нашата професионална улога како што е традиционално дефинирана.

Сепак, не е јасно под чие институционално покровителство, радикалните социјални работници би ја работеле својата пракса. Во денешно време, не постојат структури кои би го поддржале, политички или финансиски, претворањето на радикалните идеи во форми на практика. Бидејќи долго време државата била гледана како примарен извор на поддршка, повлекувањето од нејзината социјална функција на добросостојба, би не оставила со помалку опции во една ера на приватизација.

Еден алтернативен поглед на професионализмот ги признава политичко-економските, културните и институционалните ограничувања, но се фокусира на квалитети како што се компетенција, интегритет, правичност и заедништво. Оваа пооптимистичка перспектива покажува дека радикалната социјална работа може да биде компатибилна со професионализмот ако во својата практика инкорпорира компоненти на критичка структурална теорија и акција. Модел кој што е најчесто препорачуван, вклучува зајакнување на

врската помеѓу социјалниот и економскиот развој. Друг модел се фокусира на балансирање на врската помеѓу социјалните работници и клиентите преку процес на меѓусебно зајакнување. Најпосле, постојат обиди да се промовираат рамките на праксата и политиките во социјалната работа кои што се мултикултурални; од ден на ден да се реинтегрираат политиките во пракса; и да се предизвикаат експлицитните и суптилни начини на кои што професијата станала деполитизирана.

Најдобриот пристап да се позиционира радикалната социјална пракса во денешницата е одново да се научат одредени историски лекции и истите да се применат во 21 век. Радикалната социјална работа е карактеризирана од следниве аналитички компоненти:

- Структурна анализа на општеството и коренот на проблемите во општеството;
- Препознавање на значајноста на историјата и културата;
- Промовирање на синтетички и прилагодливи, а не строги идеолошки перспективи;
- Разбирање за меѓусебната испреплетеност на социјалните проблеми;
- Препознавање на улогата која ја играат расата, полот, етницитетот и сексуалната ориентација во маргинализацијата;

И покрај оваа анализа, на некој начин, радикалните социјални работници ги жнеат последиците од проблемот за кој помогнале во создавањето. Радикалната социјална работа игра значајна улога во борбата против традиционализмот. Како форма на отпор против доминантната култура таа поставува фундаментални прашања како: Кој има придобивки од утврдувањето и одржувањето на традиционализмот? Накратко, радикалната социјална работа може да ги урне прифатените "приказни" со постулирање на различен поглед на професионализмот и редефинирање на значењето на концептите како што се: социјална правда, културна компетенција и зајакнување.

Главен предизвик за радикалните социјални работници денес е да креираат нов социјален говор, нов контекст во кој приказните на луѓето ќе имаат смисла. Со поставување на различни истражувачки прашања би можело да се разјасни двосмисленоста во фундаменталните концепти, со предложување на нова улога на праксата би се формирале нови сојузи со клиентите и потенцијални сојузници во потрагата по социјална правда.

Социјалната работа е уникатна професија и наука затоа што социјалните работници не веруваат само во неизбежните промени, туку истите и ги посакуваат. Радикалните социјални работници долго време верувале дека луѓето, индивидуално или колективно, поседуваат средства за да ја прават сопствената историја. Ако постои една лекција од бурниот 20век, која може да се примени во политиките на социјалната работа во иднина, тоа е дека ништо не е предодредено или вечно. Ние ја поседуваме моќта и одговорноста за оформувањето на таа иднина.

[1] Доневска, М. (1999), Теоретските основи во социјалната работа, Филозофски факултет, Скопје

[2]Dominelli, L. (2008), Современи трендови во социјалната заштита и во социјалната работа: професионализација, деинституционализација и реформи, во Борнарова, С., Филозофски факултет, Институт за социјална работа и социјална политика, Скопје

[3] Lekosek, V. (2009), Theories and methods of social work: Exploring Different Perspectives, Faculty of social work, University of Ljubljana, Slovenia

[4] Payne, M. (2001), Savremena teorija socijalnog rada, II izdanje, Filozofski fakultet, Banja Luka

[5] Извор: www.learningtogive.org/Richmond_Mary

[6] Извор: www.nobelprize.org

[7] Alice Salomon била голем застапник за правата на жените и социјалната правда

[8] ИД, ЕГО и СУПЕРЕГО се три дела од психичкиот апарат во структуралниот модел на психата дефинирани од Сигмунд Фројд

[9] Извор: www.unibi.rs.sr/pf/sajt/doc

[10] Извор: en.wikipedia.org/wiki/Settlement

[11] Bolland, N. (2004), The social origins of Authoritatianizm and Democracy in the Labour movement, Ian Randle publishers

[12] Извор: en.wikipedia.org/wiki/Globalisation

[13] Извор: www.ifsw.org

[14] Извор: en.wikipedia.org/wiki/Great_Depression

[15] Извор: www.ushistory.org

[16] Извор: catholicsocialservices.org.au/files/2008-11-issues-paper.pdf

[17] Извор: en.wikipedia.org/wiki/ecological_systems_theory

[18] Извор: ecologicaltheory.tripod.com

[19] Извор: ecologicaltheory.tripod.com/ecotheory

[20] Извор: www.classof1.com

[21] Извор: www.acsw.ab.ca/global_showdown_maureen_wilson.pdf

[22] Richards, L. (1916), Elizabeth Fry, the angel of the prisons, New York: Appelton and company (94-100 str)

[23] Majonis. J. (2004), T.Chalmers. C. S. Loch and M. E. Richmond's Developement of increasingly Secular Interpersonal and Purpuseful Helping Methods, Currents (open active journal)

[24] Big Society - Големо општество - политичка идеа на Британската Конзервативна Партија како генерален изборен манифест: Да се креира клима која ќе ги зајакне луѓето во локалните заедници, градење на големо општество кое ќе им ја одземе моќта на политичарите и ќе им ја даде на луѓето

[25] Smith, Mark, K. (2008), Octavia Hill: Housing, space and social reform, the encyclopedia of informal education

[26] Smith, M. (1999), Settlements and social action centres

[27] Rowntree, J. (1899), The temperance problem and social reform, Roberts, University of Toronto

[28] Опис на сиромаштија, креиран од Seebohm Rowntree, по истражувањата кои ги спровел во Јорк. Секундарна сиромаштија е термин кој го вовел за луѓето кои живееле под прагот на сиромаштијата, луѓе чии приходи им дозволувале да живеат над тој праг на сиромаштија, но средствата ги трошеле на други нешта кои не ги задоволувале нивните основни потреби за живот.

[29] Feustel, A. (2006), The significance of International Relations and Cooperation in the works of Alice Salomon, translation originaly published in Ariadne, Forum Frauen und Geschliechtergeschichte, vol 49 (2006), pp. 24-29

[30] Leung, T. T. F. (2010), Social professionalism in self-help organisations, International Social Work, 474-488

[31] Фабијанско општество, Британско социјалистичко движење чија цел било да ги зацврсти принципите на демократскиот социјализам со помош на реформи, а не револуции

[32] Lynes, T. (1984), Wiliam Beveridge, Founders of the welfare state, London, Heinemann (90-97str)

[33] Rogers, C. (1951), Client-centered Therapy. Houghton Mifflin Company, pg.13

[34] Johnson, A. B. (1992), Out of Bediam: The truth about deinstitutionalization, New York: Basic Books

[35] Evans, T. (2010), Professional discretion in welfare services, beyond street-level bureaucracy, Ashford: Ashgate
[36] Carroll, J.and Minkler, M. (2000), Freire's message for social workers: Looking back, looking ahead, Journal of community practice, 8 (1), 21-26
[37] Bloom, M., Fisher, J., Orme, J. (2009), Evaluating practice guidelines for the Accountable Professional, Boston: Allyn and Bacon
[38] Според: Stedman-Jones (1971), во Lekosek, V. (2009), Theories and methods of social work: Exploring Different Perspectives, University of Ljubljana, Slovenia
[39] Според: Mullally (1997), во Lekosek, V. (2009), Theories and methods of social work: Exploring Different Perspectives, University of Ljubljana, Slovenia
[40] Според: Walton (1975), во Lekosek, V. (2009), Theories and methods of social work: Exploring Different Perspectives, Universitu of Ljubljana, Slovenia
[41] Според: Reisch and Andrews (2002), во Lekosek, V. (2009), Theories and methods of social work: Exploring Different Perspectives, University of Ljubljana, Slovenia
[42] Според: Harman (1998) и Kurlansky (2004), во Lekosek, V. (2009), Theories and methods of social work: Exploring Different Perspectives, University of Ljubljana, Slovenia
[43] Прашка пролет, период на политичка либерализација во Чехословачка, во периодот во кој била доминирана од Советскиот Сојуз, по Втората Светска Војна
[44] Payne, M. (2001), Savremena teorija socijalnog rada, II izdanje, , Filozofski fakultet, Banja Luka
[45] Dominelli, L. (2008), Современи трендови во социјалната заштита и во социјалната работа: Професионализација, деинституционализација и реформи, во Борнарова, С. Филозофски факултет, Институт за социјална работа и социјална политика, Скопје
[46] Payne, M. (2001), Savremena teorija socijalnog rada, II izdanje, Filozofski fakultet, Banja Luka, според Rojek (1989)
[47] Payne, M. (2001), Savremena teorija socijalnog rada, II izdanje, Filozofski fakultet, Banja Luka според Rojek (1989)
[48] Според: Ferguson and Woodward (2009), во Lekosek, V. (2009), Theories and methods of social work: Exploring Different Perspectives, University of Ljubljana, Slovenia
[49] Според: Parson (1975), во Lekosek, V. (2009), Theories and methods of social work: Exploring Different Perspectives, University of Ljubljana, Slovenia
[50] Според: Oliver and Campbell (2005), во Lekosek, V. (2009), Theories and methods of social work: Exploring Different Perspectives, University of Ljubljana, Slovenia
[51] Според: Ferguson (2008), во Lekosek, V. (2009), Theories and methods of social work: Exploring Different Perspectives, University of Ljubljana, Slovenia
[52] Dominelli, L. (2008), Современи трендови во социјалната заштита и во социјалната работа: Професионализација, деинституционализација и реформи, во Борнарова, С. Филозофски факултет, Институт за социјална работа и социјална политика, Скопје
[53] Извор: en.wikipedia.org/wiki/Rasism
[54] ***Опскурантизам, практика на намерно одвраќање од целосните факти и детали за некоја материја***
[55] Стереотипна закана, доживување на анкциозност или грижа во ситуација каде што една личност поседува можност за потврдување на негативен стереотип за социјалната група во која припаѓа
[56] Извор: en.wikipedia.org/wiki/Sexizm
[57] Извор: en.wikipedia.org/wiki/Ageism
[58] Извор: en.wikipedia.org/wiki/Handicapism
[59] Според: Jones (1983), во Howe, D. (1997), Uvod u teoriju socijalnog rada, Naucno istrazivackicentar za socijalni rad i socijalnu politiku, Beograd
[60] Извор: www.people.vcu.edu
[61] Извор: www.radical.org.uk
[62] Доневска, М., Трбојевиќ, С. (1997), Бездомништво, Социолошка ревија, Скопје
[63] Извор: www.georgetown.edu
[64] Silverstein, H. (1990) Alcoholism. New York: Franklin Watts

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


Борнарова, С. (2008), Современи трендови во социјалната заштита и во социјалната работа, Филозофски факултет, Институт за социјална работа и социјална политика, Скопје

Доневска, М., Трбојевиќ, С. (1997), Бездомништво, Социолошка ревија, Скопје

Доневска, М. (1999), Теоретските основи во социјалната работа, Филозофски факултет, Скопје

Bloom, M., Fisher, J., Orme, J. (2009), Evaluating practice guidelines for the accountable professional, Boston: Allyn and Bacon

Carroll, J., Minkler, M. (2000), Freire's message for social workers: Looking back, looking ahead, Journal of community practice

Evans, T. (2010), Professional discretion in welfare services, beyond street-level bureaucracy, Ashford: Ashgate

Feustel, A. (2006), The significance of International Relations and Cooperation in the works of Alice Salomon, translation originaly published in Ariadne, Forum Frauen und Geschliechtergeschichte, vol. 49

Howe, D. (1997), Uvod u teoriju socijalnog rada, Naucno istrazivacki centar za socijalnog rada i socijalnog politiku, Beograd

Johnson, A. B. (1992), Out of Bedlam: The truth about deinstitutionalization, New York: Basic Books

Lekosek, V. (2009), Theories and methods of social work: Exploring Different Perspectives, University of Ljubljana, Slovenia

Leung, T. T. F. (2010), Social professionalism in self-help organizations, International social work, University of York, UK

Lynes, T. (1984), Wiliam Beveridge, Founders of the welfare state, London: Heinemann

Majonis, J. (2004), T. Chalmers, C. S. Loch and M. E. Richmond's development of increasingly secular, interpersonal and purpuseful helping methods, Currents (open active journal)

Payne, M. (2001), Savremena teorija socijalnog rada, drugo izdanje, Filozofski fakultet, Banja Luka

Richards, L. (1916), Elizabeth Fry, the angel of the prisons, New York: Appelton and company

Rogers, C. (1951), Client-centered therapy, Houghton Miffin Company, Boston

Rowntree, J. (1899), The temperance problem and social reform, Robarts, University of Toronto, Canada

Silverstein, H. (1997), Uvod u teoriju socijalnog rada i socijalnog politiku, Beograd

Smith, M. (1999), Settlements and social action centres, The encyclopedia of informal education, London

Smith, M. (2008), Octavia Hill: Housing space and social reform, The encyclopedia of informal education, London

" Social work history"
Available at:
www.boisestate.edu
(Assessed: 2011, October 26)

"History of social work"
Available at:
www. historyofsocialwork.org
(Assessed: 2011, October 30)

"Settlement movement"
Available at:
en.wikipedia.org/wiki/settlement_movement
(Assessed: 2011, November 3)

"Globalization"
Available at:
en.wikipedia.org/wiki/globalization
(Assessed: 2011, November 3)

"Great Deppression"
Available at:
en.wikipedia.org/wiki/great_depression
(Assessed: November 4)

"Ecological theory in the social work"
Available at:
ecologicaltheory.tripod.com/ecotheory
(Assessed: November 6)

"Rasism"
Available at:
en.wikipedia.org/wiki/rasism
(Assessed: November 8)

"Sexism"
Available at:
en.wikipedia.org/wiki/sexism
(Assessed: November 8)

"Ageism"
Available at:
en.wikipedia.org/wiki/ageism
(Assessed: November 9)

"Handicapism"
Available at:
en.wikipedia.org/wiki/handicapism
(Assessed: November 10)

"Barefoot social worker: A radical social work perspective"
Available at:
www.radical.org.uk
(Assessed: November 11)

"What are some social problems"
Available at:
www.wisegeek.com
(Assessed: November 13)

"Defining social problems"
Available at:
www.people.vcu.edu
(Assessed: November 24)

"Youth unemployment in the UK: Radical ways to assist young job seekers"
Available at:
www.simplyhired.co.uk
(Assessed: December 14)